

Здружение на класични филолози АНТИКА

Exegi monumentum aere perennius

Зборник во чест на Елена Колева, Љубинка Басотова и Даница Чадиковска, по повод 85 години од нивното раѓање

Papers in Honor of Professor Elena Koleva, Professor Ljubinka Basotova and Professor Danica Čadikovska on the Occasion of the 85th Anniversary of Their Birth

Систасис Посебно издание 5
Скопје, 2019

Systasis Special Edition 5
Skopje, 2019

Уредници / Editors in chief

Весна Димовска-Јањатова / Vesna Dimovska-Janjatova
Даниела Тошева / Daniela Toševa

Меѓународен уредувачки одбор / International Editorial Board

Проф. **Жан-Жак Обер**,
Универзитет во Нојшател,
Швајцарија

Prof. **Jean-Jacques Aubert**,
University in Neuchâtel,
Switzerland

Проф. **Мирена Славова**,
Универзитет „Св. Климент Охридски“, Софија, Бугарија

Prof. **Mirena Slavova**,
St. Clement of Ohrid University in Sophia, Bulgaria

Проф. **Бјанка Жанет Шредер**,
Универзитет „Лудвиг Максимилијан“, Минхен,
Германија

Prof. **Bianca Jeanette Schröder**,
Ludwig Maximilian University in Münhen,
Germany

Проф. **Елена Ермолаева**,
Државен универзитет во Санкт Петерсбург, Русија,

Prof. **Elena Ermolaeva**,
Saint Petersburg State University,
Russia

Проф. **Хозе Мигуел Хименес Делгадо**,
Универзитет во Севиља, Шпанија

Assoc. Prof. **José Miguel Jiménez Delgado**,
University of Seville, Spain

Проф. **Марија Чичева-Алексиќ**,
Институт за старословенска култура, Скопје, Македонија

Prof. **Marija Čičeva-Aleksiḱ**,
Institute of Old Church Slavonic Culture, Skopje, Macedonia

Доц. **Шиме Демо**,
Универзитет во Загреб, Хрватска

Assist. Prof. **Šime Demo**,
University in Zagreb, Croatia

Доц. **Драгана Димитријевиќ**,
Универзитет во Белград, Србија

Assist. Prof. **Dragana Dimitrijević**,
University in Belgrade, Serbia

Проф. **Даниела Тошева**,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Македонија

Assoc. Prof. **Daniela Toševa**,
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Macedonia

Проф. **Светлана Кочовска-Стевовиќ**,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Македонија

Assoc. Prof. **Svetlana Kočovska-Stevoviḱ**,
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Macedonia

Слободан Танасковски, секретар

Slobodan Tanaskovski, secretary

Биографија на проф. д-р Елена Колева /
Biography of Professor Doctor Elena Koleva

Весна Томовска / Vesna Tomovska

Биографија на проф. д-р Љубинка Басотова и проф. Даница Чадиковска /
Biography of Professor Doctor Ljubinka Basotova
and Professor Danica Čadikovska

Весна Димовска-Јањатова / Vesna Dimovska-Janjatova

Библиографија на проф. д-р Елена Колева,
проф. д-р Љубинка Басотова и проф. Даница Чадиковска /
Bibliography of Professor Doctor Elena Koleva,
Professor Doctor Ljubinka Basotova and Professor Danica Čadikovska

Светлана Кочовска-Стевовиќ / Svetlana Kočovska-Stevoviќ

Лектура на текстовите на македонски јазик /
Proofreading of Macedonian texts

Проф. **Наталија Андријевска**,
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“

Prof. **Natalija Andrijevska**,
Institute of Macedonian Language, "Krste Misirkov"

Превод на англиски јазик
(предговор, биографии на проф. д-р Елена Колева, проф. д-р Љубинка Басотова и проф. Даница Чадиковска) /
English translation
(Foreword, Biography of Professor Doctor Elena Koleva,
Professor Doctor Ljubinka Basotova and Professor Danica Čadikovska)

Марија Џонс / Marija Jones

Техничко уредување / Layout editing

Владимир Сидоровски / Vladimir Sidorovski

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

80"652"(082)

EXEGI monumentum aere perennius : зборник во чест на Елена Колева, Љубинка Басотова и Даница Чадиковска, по повод 85 години од нивното раѓање = papers in honor of Elena Koleva, Ljubinka Basotova and Danica Čadikovska on the occasion of the 85th anniversary of their birth / [уредници Весна Димовска-Јањатова, Даниела Тошева = editors in chief Vesna Dimovska-Janjatova, Daniela Toševa]. - Скопје : Здружение на класични филолози Антика, 2019. - LIII, 207 стр. : илустр. ; 25 см. - (Систасис. Посебно издание ; 5 = Sistasis. Special edition ; 5, ISSN 1857-5129)

Трудови и англ. јазик. - Фусноти кон трудовите. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-66255-2-8

а) Класична филологија - Зборници
COBISS.MK-ID 111093002

Содржина

Предговор vii
Foreword xi
Биографија на проф. д-р Елена Колева xvi
A Biography of Professor Doctor Elena Koleva xx
Библиографија на проф. д-р Елена Колева xxiii
Биографија на проф. д-р Љубинка Басотова xxxi
A Biography of Professor Doctor Ljubinka Basotova xxxiv
Библиографија на проф. д-р Љубинка Басотова xxxvii
Биографија на проф. Даница Чадиковска xlvii
A Biography of Professor Danica Čadikovska xlix
Библиографија на проф. Даница Чадиковска li

Дарин Ангеловски
Античката литература во македонската културна средина од првата половина на XX век 1
Dragana Dimitrijević
Latin Curricula, Attitudes and Achievement: an Empirical Investigation *27*
Vesna Dimovska-Janjatova
Rereading Latin Manuscripts as Sources in the Study of Medieval Macedonian History 43
Весна Калпаковска
Римски гентилни имиња и cognomina во Хераклеја Линкестис и во Стибера (1 в. – 3 в. по Хр.) 53
Светлана Кочовска-Стевовиќ
Јувенал: прва сатира 71
Јасминка Кузмановска
Φασκίαι – топоним латинског порекла у македонском списку код Прокопија (о неким лексичким рефлексима у романским и словенским језицима) 92

Vojislav Sarakinski, Stefan Panovski
How to Etch a Philhellene:
Alexander I, Herodotus and Historiography as a Tool 107
Yoana Sirakova
Women's Figures from Antiquity in Bulgarian Poetry:
Arria's Glorious Exemplum
in Pencho Slaveykov's Poetic Adaptation 125
Марија Тодоровска
Неискажливоста и неименливоста на Едното
во филозофијата на Прокло 134
Катица Ќулавкова
Поредокот на слободата: увод во теоријата
на интерпретативниот синкретизам 166
Емилија Црвенковска
Византиски химнографски обрасци во творештвото
на Климент и Наум Охридски 179
Elena Džukeska
Nomen est omen 191

Предговор

Exegi monumentum aere perennius
regalique situ pyramidum altius,
quod non imber edax, non aquilo impotens
possit diruere …

(Horat. *Od*. III: XXX, 1–4)

Паметник подигнав јас, потраен тој е од туч,
ист како трон е на крал, над пирамидите с бој.
Ни разјадувачот – дожд, ниту северецот лут
Имаат некаква моќ да го разурнат ...

(Преп. Љ. Басотова)[1]

Насловот на овој зборник е всушност познатиот стих од триесеттата ода на Хоратиј, позната и под насловот *Споменик на поетот*, цитиран во извадокот погоре. Овој стих е сфрагида за првите три книги од *Carmina* на Хоратиј, поетот што самиот си подига споменик со своето дело, што ќе трае вечно. Овој стих несомнено е применлив и соодветен за животот и делото на трите професорки, класичните филолози: Елена Колева, Љубинка Басотова и Даница Чадиковска. Имено тие, во чија чест е направен зборникот, самите подигнаа *monumenta* со својата научноистражувачка, педагошка и преведувачка дејност во областа на класичната филологија. Дејност што е импресивна по обем и значење, а инспиративна за многубројни генерации нивни ученици, студенти, колеги и соработници. Поводот за издавање на зборникот е 85-годишнината од нивното раѓање, а целта е обид да ја почестиме нивната долгогодишна и плодна работа како класични филолози. Изборот, пак, нашите почитувани професорки да се чествуваат заеднички, во еден зборник, се наметна сам по себе поради повеќе околности и факти: покрај тоа што биле соученички во скопската класична гимназија,

[1] *Римска поезија.* Препев од латински и белешки: Љубинка Басотова. Скопје, Панили, 2012.

покрај тоа што ги врзува долгогодишно пријателство и професионална соработка, тие дипломирале на Катедрата за класична филологија на Филозофскиот факултет во близок временски период, па оттука нивното образование носи заеднички особености на едно време кога се зацврстуваат темелите на класичната филологија на универзитетско ниво во Македонија, процес во кој и самите се директни учесници. Тие се, всушност, втората плодна генерација класични филолози на Катедрата за класични студии во Скопје, кои имале можност да учат од основачите на катедрата, од оние што ги ставија темелите и отворија можности кон натамошните истражувања. Професорките Елена Колева, Љубинка Басотова и Даница Чадиковска со своите истражувања, научни и стручни трудови, учебници, преводи и препеви од класичните јазици придонесоа да се создаде основа за изучување на античкото наследство на македонски јазик, на која се надоврзаа следните генерации класични филолози.

Согласно со широката интердисциплинарна работа на трите професорки, во овој зборник учествуваат поширок круг на истражувачи од различни научни области, чиј предмет на истражување е антиката или она што произлегува директно од антиката: средниот век и Византија. Зборникот го сочинуваат дванаесет трудови досега необјавени, напишани од истакнати научни работници, од кои десет доаѓаат од различни институции од земјава, а двајца од странство. Седум од текстовите се напишани на македонски, четири на англиски и еден на српски јазик. Покрај дванаесетте трудови, во зборникот се вклучени и описните биографии и библиографии на трите професорки, кои им претходат на трудовите.

Трудовите не се поделени во тематски блокови, туку се подредени според азбучен редослед. Нивното претставување во овој предговор ќе биде според дијахрониски метод, почнувајќи, се разбира, од оние чие истражување го опфаќа постариот период од антиката. Оттука, заедничкиот труд на В. Саракински и С. Пановски, кој се однесува на античката историја, е прв во ова претставување, бидејќи предмет на истражување е улогата на Александар I Филхелен за време на персискиот напад на Грците, преку текстот на Херодот. Ова е единствениот труд што се занимава со пораниот период од античка Хелада. Следните три текста се однесуваат на латинскиот јазик и римската книжевност и епиграфија. Е. Џукеска го истражува поши-

рокото значење на познатиот израз: nomen est omen, во контекст на комедијата *Персиец* на Плаут, правејќи развиена јазична анализа и трасирајќи го историскиот пат на зборот omen во латинскиот јазик. Првата сатира од Јувенал е претставена преку препевот од латински на С. Кочовска-Стевовиќ. Уводниот текст и белешките кон препевот го прават овој препев особено значаен за изучување на римската книжевност, а особено за римската сатира, која е автентичен римски производ. Трудот на В. Калпаковска претставува надоврзување кон претходните два текста, бидејќи предмет на истражување се епиграфските споменици со римски гентилни имиња и когномени во Хераклеја и Стибера. Имињата се индикативни за проучување на составот на населението и за историскиот развој на овие два града, бидејќи правото на *tria nomina* го имаат само оние со *status civitatis*, што до 212 г. опфаќа мал број население.

М. Тодоровска се занимава со доцноантичката философија на неоплатоничарот Прокле, истражувајќи го апофатичкиот пристап на Прокле при толкување на Едното. Уште еден текст што е поврзан со доцната антика, или според некои класификации со Византија, е оној на Ј. Кузмановска во кој се истражува еден топоним од латинско потекло во списокот на историографот Прокопиј.

Византија продолжува како тема и во трудот на Е. Црвенковска, која излегува од рамките на класичната филологија, но се занимава со нешто што индиректно е поврзано со античкото наследство, а имено византиската химнографија во делата на Климент и Наум Охридски. Истражувањето на В. Димовска, пак, се однесува исто така на средновековна Македонија. Таа во својот труд обрнува внимание на потребата од повторно читање на некои извори и како пример посочува два особено значајни ракописа за реконструирање на македонската историја, напишани на латински јазик: *Хрониката на попот Дукљан* и Кореспонденцијата на бугарскиот цар Калојан и папата Инокентиј III.

Три од трудовите ги согледуваат релациите меѓу антиката и современоста преку различни алатки и области. Текстот на Ј. Сиракова е компаративен, во кој се разгледува песната на бугарскиот поет Пенчо Славејков, којашто се темели на антички тематски обрасци. Трудот на Д. Ангеловски ја разгледува присутноста на античката книжевност преку преводите на македонски во првата по-

ловина на XX век, кога класичната филологија е прилично непозната научна област на територијата на Македонија. Антиката и современоста е предмет на истражување и во трудот на Д. Димитријевиќ, која дава податоци и резултати од едно емпириско истражување на присуството на латинскиот јазик во наставните програми во средните училишта во Ниш, во Р Србија, и на неговото влијание врз изучувањето на современите странски јазици.

Последниот текст, но не и според редоследот во зборникот, припаѓа на акад. К. Ќулавкова, а тој се занимава со книжевна теорија, област со која особено се поврзува делото на проф. Елена Колева. Во својот текст Ќулавкова претставува еден нов толкувачки метод во областа на книжевноста, а тоа е методот на интерпретативниот синкретизам.

Веруваме дека трудовите објавени во овој зборник се уште еден потсетник и паметник на делото на професорките Елена Колева, Љубинка Басотова и Даница Чадиковска, достоен за одбележување на поводот, но се надеваме и дека ќе бидат придонес и поттик кон понатамошни истражувања, дебати и дискусии на теми и прашања од областа на класичната филологија, книжевноста, лингвистиката, историјата и византологијата.

Од уредниците

Foreword

Exegi monumentum aere perennius
regalique situ pyramidum altius,
quod non imber edax, non aquilo impotens
possit diruere…

(Horat. *Od*. III: XXX, 1–4)

I have achieved a monument more
permanent than bronze and higher than the royal
pyramids, which no devouring rain,
no raging North Wind can destroy or years

(*translated by J. H. Kaimowitz*)[2]

The title of this anthology is taken from the famous verse of Horace's thirtieth ode, also known as *The Poetic Monument*, as quoted in the excerpt above. This verse was used as a sphragis for the first three volumes of Horace's *Carmina*, talking about the poet erecting his own monument with his work that would last forever. This verse is undoubtedly applicable to the lives and works of the three professors and classical philologists, Elena Koleva, Ljubinka Basotova and Danica Čadikovska. We dedicate this collection of papers to them under this title because they too erected their own *monumenta* with their academic research and their pedagogical work and translations in the field of classical philology. Their work is impressive both in its scope and in its significance, as well as inspirational for many generations of their students, colleagues and collaborators. We publish this collection on the occasion of the 85th anniversary of their birth and its aim is to honor their long and fruitful careers as classical philologists. The choice to honor them together in a single collection of papers simply urged itself upon us owing to several different circumstances and facts: not only were they

[2] *The Odes of Horace, translated by Jeffrey H. Kaimowitz*, The John Hopkins University Press, Baltimore, 2008.

students at the classical gymnasium in Skopje at the same time and not only were they long-term friends and professional collaborators, but they also graduated from the Department of Classical Philology at the Faculty of Philosophy within a very short period of time and their educations bears the shared mark of the times when the foundations of classical philology in the higher education in Macedonia were reinforced – a process in which they partook themselves. They belong, in fact, to the second very successful and prolific generation of classical philologists at the Department of Classical Studies in Skopje and they could learn from the founders of the department, from those that did the path-breaking and created the opportunities for further research. Professors Elena Koleva, Ljubinka Basotova and Danica Čadikovska availed themselves of this opportunity and their research and academic works, course-books and translations from the classical languages contributed toward the establishment of the basis for classical studies in Macedonian, starting from which, generations of classical philologists could continue with the valuable work.

Since the work of these three professors was of a broad and interdisciplinary nature, a broader circle of researchers, both from various areas of classical studies or areas directly related to them, such as the Middle Ages and Byzantium, contributed to this collection. This collection consists of twelve previously unpublished papers, written by eminent academics, ten of them coming from several different institutions in the country and two from abroad. Seven of the papers are written in Macedonian, four in English and one in Serbian. In addition to these twelve papers, the collection includes the descriptive biographies and bibliographies of the three professors on the pages preceding the papers.

The papers are not divided into thematic blocks, but are organized alphabetically. They will be presented diachronically in this foreword, starting, of course, with those whose subject of research belongs to the earlier classical periods. Therefore, the first is the joint paper by V. Sarakinski and S. Panovski referring to ancient classical history and whose subject of research is the role of Alexander I Philhellene during the Persian attack on the Greeks, as treated in a text by Herodotus. This is the only paper that is dedicated to an earlier period in the history of ancient Greece. The following three papers refer to Latin and Roman

literature and epigraphy. E. Dzukeska researches the broader meaning of the well-known expression 'nomen est omen', in the context of Plautus' comedy *Persa,* conducting an elaborate linguistic analysis and tracing the historical journey of the word *omen* in Latin. Juvenal's first satire is presented in S. Kočovska-Stevovic's translation from Latin. The introduction and the notes to the translation make this effort particularly significant for the study of Roman literature, and especially of Roman satire, which is an authentic Roman invention. V. Kalpakovska's paper is related to the previous two papers since the subject of its research are the epigraphic monuments with Roman gentilicia and cognomina from Heraclea and Styberra. The names are indicative of the composition of the population and give us additional information about the historical development of these two Roman cities, because only those inhabitants who had *status civitatis* had the right to have *tria nomina*, and their number was fairly insignificant before 212 AD.

M. Todorovska engages with Neoplatonic philosophy of Proclus, the last major philosopher of late antiquity, and researches his apophatic approach when interpreting the One. Another paper related to late antiquity, or according to some classifications, to Byzantium is J. Kuzmanovska's paper in which she researches a toponym of Latin origin in one of Procopius's lists.

Byzantium is the topic of E. Crvenkovska's paper, which departs from classical philology, but is concerned with something that is indirectly related to the classical heritage, that is, with the Byzantine hymnography in the works of Clement and Naum of Ohrid. V. Dimovska's research is also related to medieval Macedonia. In this paper she wishes to attract our attention to the need for a new reading of some sources and she refers to two manuscripts written in Latin that are especially significant for the reconstruction of Macedonian history: *The Chronicle of the Priest of Duklja* and the correspondence between the Bulgarian Tsar Kaloyan and the Pope Innocent III.

Three of the papers trace relations between the classical times and the present using different tools in different areas. J. Sirakova's paper is of a comparative nature and it looks at a poem by the Bulgarian poet Pencho Slaveykov, based upon some thematic patterns from Antiquity. D. Angelovski's paper determines the presence of classical literature in the translations into Macedonian from the first half of the 20th century,

when classical philology was rather undeveloped area of expertise on the territory of present day Macedonia. Antiquity and the present are also researched in D. Dimitrijević's paper, which offers us data and the results of an empirical research dedicated to the presence of Latin as a school subject in the high schools in Niš in Serbia and its influence on the study of contemporary foreign languages.

The last paper, not according to the order of this collection, belongs to Academician K. Kjulavkova and it is dedicated to literary theory, an area of expertise that is typically related to the work of Professor Elena Koleva. In this paper, Kjulavkova presents a new interpretative method in literature and this is the method of interpretative syncretism.

We believe that the papers published in this collection will serve as yet another reminder and monument commemorating the work of Professors Elena Koleva, Ljubinka Basotova and Danica Čadikovska, sufficiently worthy to mark the occasion of their anniversary, but we also hope that they will contribute toward instigating further research, debates and discussions on topics and about issues concerning classical philosophy, literature, linguistics, history and Byzantology.

From the editors



Проф. д-р Елена Колева

УДК: 016:929Колева, Е.

Биографија на проф. д-р Елена Колева

Проф. д-р Елена Колева е родена на 16 мај 1934 година во Прилеп. Дипломирала на Филозофско-филолошкиот факултет во Скопје, на Катедрата за класична филологија во 1959 година. Магистрирала 1985 година на Филозофскиот факултет во Скопје, на Групата за историја со магистерската теза „Михаил Псел како извор за историјата на македонскиот народ". Докторирала 1991 година на Филолошкиот факултет во Скопје, на Катедрата за општа и компаративна книжевност со докторската дисертација „Систаса на прагми како поетичко начело".

Елена Колева од 1960 до 1974 година работи како професор по латински јазик во неколку средни училишта во Скопје. Во 1974 година е избрана за лектор по старогрчки јазик на Катедрата за класична филологија на Филозофскиот факултет во Скопје, а во 1984 година на истата Катедра е избрана во звањето предавач по старогрчка и римска литература. Во 1991 година д-р Елена Колева е избрана во звањето доцент по античка литература, во 1995 година се здобива со звањето вонреден професор, а во 2000 година со звањето редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје.

Проф. д-р Елена Колева својата долгогодишна педагошка работа ја започнува како професор по латински јазик во средните медицински училишта и во гимназијата „Орце Николов" во Скопје. Со својата стручност и доблесност воспитувала и образувала бројни генерации на средношколци. Со своите инспиративни предавања, таа успеала да разбуди интерес за изучувањето на латинскиот јазик и да поттикне иницијативи за проширување и продлабочување на содржините предвидени со програмата. Познавањето на латинскиот јазик со кое се здобиле на часовите на проф. Елена Колева, нејзините ученици го истакнуваат како значајна придобивка со долгорочна полезна примена во успешното остварување на нивните професии како лекари, правници, новинари, политичари до ден-денес.

Својата педагошка дејност проф. Елена Колева ја продолжува на Филозофскиот факултет во Скопје на Катедрата за класична филологија, најнапред како лектор по старогрчки јазик, а потоа како професор по античка литература. Во постојните студиски програми и застапените методи на изучување на античката литература проф. Колева внесува значителни промени со што се унапредува изучувањето на оваа област во академскиот простор на Универзитетот. Имено, содржините од античката литература што дотогаш се изучуваа во една редуцирана рамка како историја на старогрчката и историја на римската литература, проф. Колева во рамките на своите предавања ги збогати со многу значајни сознанија од античката поетика и теорија на литературата. Ваквиот пристап ги направи нејзините академски обраќања атрактивни за студенти и од други катедри и институти на Филозофскиот и Филолошкиот факултет. Теориски осветениот пристап кон античката литература проф. Колева го артикулира во иницијатива за поинакво организирање на содржините на овие предмети, имено, за нивно еидолошко сегментирање. Оптималноста на ваквиот пристап кон една сложена и обемна материја набрзо го потврди високиот степен на апсолвирање на овие содржини кај студентите.

Многу теми од античката литература и култура, дотогаш речиси непознати на Катедрата за класична филологија, проф. Елена Колева ги промовира кај своите студенти, но и ги отвори за сериозни научни истражувања кај своите помлади колеги. Под нејзино менторство се изработени бројни дипломски работи, неколку магистерски трудови и докторати.

Покрај извонредниот и на многу рамништа потврден педагошки и стручен ангажман за унапредување на академската настава во Република Македонија, проф. д-р Елена Колева со својата научна и преведувачка работа има значаен придонес за збогатување на нашето културно наследство и за проширување на неговите вредносни рамки.

Својата долгогодишна преведувачка активност проф. Колева ја насочува главно кон философските дела на Платон. Таа е автор на првите преводи од старогрчки јазик на македонски на следните Платонови дијалози: *Одбрана Сократова*, *Критон*, *Фајдон*, *Протагора*, *Евтифрон*, *Ион*, *Политеја*, *Закони*, *Гозба*. Со овие преводи проф. Коле-

ва го промовира овој велик антички философ во македонскиот јазичен простор воспоставувајќи нови стандарди на преведување на античките филозофски текстови, кои дотогаш биле достапни само во посредувани преводи од други јазици. Новиот преведувачки пристап кон текстовите од античкото филозофско наследство значи, меѓу другото, настојување на соодветна словенска филозофска терминологија во македонскиот јазик и негово ослободување од традицијата на латинизмите. Од не помало значење за македонскиот културен простор е и *Антологијата на хеленската лирика* за која проф. Елена Колева го направи првиот превод на македонски јазик на близу илјада фрагменти зачувани во разни антологии на хеленските лиричари и го придружи со обемна студија од стотина страници, *Сооrафија на Песната*, што претставува релевантен и неизоставен извор за проучување на хеленската лирика, единствен од ваков вид во нашата академска јавност.

Во научната дејност на проф. д-р Елена Колева има бројни интелектуални подвизи што отвораат нови простори за истражување во областа на класичната филологија и теоријата на книжевноста. Со својата докторска дисертација *Систаса на прагми како поетичко начело* таа промовира во македонската теорија една речиси непозната тема од античката поетика и поттикна бројни научни обраќања од оваа област. Нејзиното компетентно филолошко и теориско толкување на оригиналниот текст на Аристотеловата *Поетика* и посочената апликативност на ваквата анализа врз текстови од античката литература се инспиративни за научни истражувања и во други дисциплини, како што е естетиката, теоријата на литературата, други посебни литератури. За ваквата интелектуална раздвиженост сведочат бројните трудови што се појавуваат во нашата научна јавност со референца на ова бележито дело на проф. Колева. Како почитуван теоретичар и врвен зналец на античката поетика, таа е вклучена во бројни проекти за истражување на различни аспекти и методолошки концепти на теоријата на литературата и естетиката. Еден од овие ангажмани е и нејзиното учество во изработката на Поимникот на книжевната теорија (МАНУ).

Плодната и успешна академска и научна дејност на проф. д-р Елена Колева се одликува со особен придонес во збогатувањето на македонската јазична ризница со бројни дела од античката филосо-

фија и литература приложени за прв пат на македонски јазик и со особено значајниот и иновативен научен придонес во отворањето на нови истажувачки области во македонската теорија на полето на класичните науки, теоријата на литературата, теоријата на уметноста и естетиката.

Biography
of Professor Doctor Elena Koleva

Professor Dr. Elena Koleva was born on 16 May 1934 in Prilep. She graduated from the Department of Classical Philology at the Faculty of Philosophy-Philology in Skopje in 1959. She obtained her MA in 1985 from the Faculty of Philosophy in Skopje with the thesis 'Michael Psellos as a source for the history of the Macedonian people'. She obtained her PhD in 1991 from the Department of Comparative Literature at the Faculty of Philology in Skopje with the thesis 'The Systasis of Pragmata as a Poetic Principle'.

From 1960 to 1974, Elena Koleva worked as a teacher of Latin in several highs schools in Skopje. In 1974, he was elected Lecturer in Ancient Greek at the Department of Classical Philology at the Faculty of Philosophy in Skopje, in 1984 she was promoted into Reader in Greek and Roman Literature. In 1991 she was promoted into Assistant Professor of Ancient Literature, while in 1995 she was promoted into Associate Professor and in 2000 into Full Professor at the Faculty of Philosophy in Skopje.

Professor Dr Elena Koleva started her long career in pedagogy as a teacher of Latin in the medical colleges and 'Orce Nikolov' high school in Skopje. Her expertise and virtue has educated and shaped many generations of high school students. Her inspirational lectures managed to provoke their interest in learning Latin and led to many initiatives to broaden and deepen the envisaged contents of the classes. The knowledge gained during the Latin classes, Elena Koleva's students have often highlighted as an important acquisition that has had a long-term useful application in their professional lives as doctors, lawyers, journalists, and politicians.

Professor Elena Koleva continued her career as a pedagogue at the Faculty of Philosophy in Skopje, working first as Lecturer in ancient Greek and then as Reader in Classical Literature at the Department of Classical Philology. Professor Koleva introduced many significant changes in the existing programs and the methods applied in studying classical literature and by doing so she greatly improved the studies in this academic area at the University. More precisely, Professor Koleva, in her lectures, enriched the educational contents that were taught within a

reduced framework of the old history of ancient Greek and Roman literature with many new and significant findings about classical poetics and theory of literature. Her approach made her academic addresses very attractive even to students from other departments and institutes of the Faculty of Philosophy and Philology. This theoretically aware approach to classical literature of hers Professor Elena Koleva articulated into an initiative for a different organization of these subjects at the University, that is to say, it resulted in their eidological segmentation. The optimal quality of this approach to the complex and extensive content was soon confirmed by the high degree of acceptance and understanding by the students.

Many a different theme from the classical literature and culture, previously almost unknown at the Department of Classical Philology, Professor Koleva tirelessly promoted in front of her students, but she also did some path-breaking for serious research in favor of her younger colleagues. Numerous graduation theses were completed under her mentorship, as well several MA and PhD theses.

In addition to her pedagogical and expert engagements with proven success on many levels in the improvement of academic teaching, Professor Elena Koleva has also made great contributions with her academic and translation work to the enrichment of our cultural heritage and to the broadening of its values.

Her long and fruitful career as a translator was generally focused on Plato's philosophical opus. She is the author of the first translations from Greek into Macedonian of the following dialogues by Plato: *The Apology of Socrates, Crito, Phædo, Protagoras, Euthyphro, Ion, The Republic, Laws* and *Symposium*. With these translations Professor Koleva promoted this great philosopher from the classical era in the Macedonian linguistic space, establishing new standards of translation of classical philosophical texts that were previously available only in indirect translations from other languages. Her new approach to the translation of the texts of the classical philosophical heritage involved, among other things, an introduction of an appropriate Slavic philosophical terminology into Macedonian and its liberation from the tradition of Latinisms. Of no less importance for the Macedonian cultural space is the *Anthology of Greek Lyric Poetry,* translated by Professor Koleva into Macedonian for the first time, including translations of almost a thousand fragments, preserved

in various anthologies of ancient Greek lyric poets. She accompanied this translation with an extensive hundred-page study called *Zoography of the Poem,* which is a relevant and infallible source for study of Greek lyric poetry, a unique example of this kind in our academia.

Professor Dr. Elena Koleva has had a number of intellectual feats in the academic research that have opened new avenues for research in classical philology and theory of literature. In her doctoral thesis *Systasis of Pragmata as a Poetic Principle,* she introduced a topic from the classical poetics that was almost unknown in Macedonian theory and inspired numerous academic addresses in this area. Her competent philological and theoretical interpretation of the original text of Aristotle's *Poetics* and the previously mentioned applicability of this analysis to classical texts served as an inspiration for research in other disciplines, such as aesthetics, theory of literature, and other separate literatures. That it caused commotion in the intellectual world is corroborated by the issue of a number of papers in our academia referring to this notable work by Professor Koleva. As a respected theoretician and great expert in classical poetics, she has been involved in numerous projects researching the different aspects and methodological concepts of theory of literature and aesthetics. Among these engagements was her participation in the preparation of the Glossary of Literary Theory of the Macedonian Academy of Arts and Sciences.

Professor Dr. Elena Koleva's fruitful and successful academic career has significantly enriched our Macedonian linguistic treasury with numerous works of Ancient philosophy and literature, communicated in Macedonian for the first time and has contributed with innovations and by charting new research areas in Macedonian theory of classical studies, theory of literature, art and aesthetics.

УДК: 016:929Колева, Е.

Библиографија на проф. д-р Елена Колева

1983

Платон, *Одбраната Сократова, Критон, Фајдон*, превод од старогрчки и белешки, Македонска книга, Скопје.

1984

'Кон „Трагичната катарса" (Аристотел, Περὶ ποιητικῆς, III, 12)', *ЖА* 34.1-2, 95-104.

1985

'Мимесис во поетиките на Хомер и Прличев', *Спектар* 6, 109-118.

1986

'Мимесис во поетиките на Хомер и Прличев', во: Конески Б. и др. (уред.), *Животот и делото на Григор С. Прличев (Зборник трудови од Симпозиумот посветен на животот и делото на Григор Прличев, одржан од 10 до 11 мај 1985 година во Скопје)*, Институт за литература, Филолошки факултет, 138-145.

1987

'Гносеолошкиот комплекс на Ојдип', *Стремеж* 31.1-2, Скопје, 27-32.

1988

'Михаил Псел како извор за историјата на македонскиот народ', во: Мошин В. и Славева Л. (уред.), *Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, том V*, Институт за истражување на старословенската култура, Прилеп, 25-120.

1989

'Семиотичноста на Теофилактовиот *Логос*', во: Матевски М и др. (уред.), *Климент Охридски и улогата на Охридската книжевна школа во развитокот на словенската просвета (материјали од научен собир одржан во Охрид од 25 до 27 септември 1986 година)*, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 91-95.

1990

Платон, *Одбраната Сократова, Критон, Фајдон*, превод од старогрчки јазик, белешки (заедно со В. Томовска), Култура, Скопје.

'Coincidentia oppositorum', во: Софокле, *Антигона, Филоктет*, препев од старогрчки Љ. Басотова, Мисла, Скопје, 5-20.

'Потрага по обликот на Еразмо', во: Еразмо Ротердамски, *Пофалба на глупоста*, превод од латински Љ. Басотова, Култура, Скопје, 165-209.

1991

'Симонидовиот тетрагон или антролополошка симетрија како совршенство на суштествувањето", во: Илиевски П. Хр. и Митевски В. (уред.), *Грчко-римска антика во Југославија и на Балканот (Прилози од 5-тиот Научен собир на Сојузот на друштвата на антички студии на Југославија, одржан во Скопје од 26 до 29 септември 1989 год.), ЖА Посебни изданија* IX, Скопје, 115-119.

'Превод како илузионистичко мајсторство", во: Софокле, *Ојдип тиранин, Ојдип на Колон*, препев од старогрчки Д. Чадиковска, Мисла, Скопје, 5-25.

'Прилог кон античката теорија на поетиката", *Спектар* 17, 99-104.

1992

Систаса на прагми како поетичко начело, Ѓурѓа, Скопје, 1992.

'Прилог кон античката поетика: Баумгартен и неговите филозофски медитации за некои аспекти на поетското дело', *ГЗбФф* 45, 167-172.

1993

'Топика на миметичка идеалност и хероизам во поетскиот облик Скендербеј', *Културен живот* 38.2, 3-6.

1994

Платон, *Дијалози: Протагора, Евтифрон, Ион*, превод од старогрчки, предговори, белешки и објаснувања, Култура, Скопје.

'Мимеса - суштина на уметноста', *Културен живот* 39.1, 7-9.

'Апологија на обликот', *Културен живот* 39.4-5, 41-44.

'Топика на миметичка идеалност и хероизам во поетскиот облик Скендербеј', во: Спасов А. и др. (уред.) *Животот и делото на Григор Прличев (Зборник трудови од Научен собир одржан во Скопје на 21 и 22 април 1993 година)*, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 145-150.

1995

'Квинт Хоратиј Флак', во: Квинт Хоратиј Флак, *За поетската уметност*, препев од латински Љ. Басотова, Мисла, Скопје, 5-39.

'Уште неколку белешки за Еврипид', во: Еврипид, *Хиполит, Ифигенеја во Авлида, Бакхи*, препев од старогрчки Д. Чадиковска, Скопје, 261-278.

'Определување на трагедијата', во: Софокле, *Трахинки, Ајант, Електра*, препев од старогрчки Д. Чадиковска, Зумпрес, Скопје, 223-254.

'Античкиот Ерос', *Културен живот* 40.7-8, 44-53.

1996

Антологија на хеленската лирика, предговор, вовед и препев од старогрчки, Зумпрес, Скопје.

'Потрага по обликот на Еразмо', во: Еразмо Ротердамски, *Пофалба на глупоста*, превод од латински и белешки Љ Басотова, Детска радост, Скопје, 165-209.

'Потрага по обликот на Еразмо', *Око* 19, 81-88.

1998

'Белешки за атинската трагедија', *ГЗбФф* 25 (51), 103-131.

'Синархија на архетипската стварност', во: Ќулафкова К. (уред.), *Феминистички стратегии: Зборник на текстови*, Сигмапрес, Скопје, 120-142.

'Хоратиј, Избор', препев и белешки, *Стремеж*, 44.3-4, 30-39.

'Енергија на „Скитачкото сиже"', во: Бакевски П., *Елегии*, Спектар прес, Скопје, 191-237.

1999

'Публиј Вергилиј Марон: Fatum primum: метафизичко историски топос Август', во: Публиј Вергилиј Марон, *Ајнеида*, препев од латински Љ. Басотова, Култура, Скопје, 7-46.

2000

'Ајсхил и трагичната песна', во: Ајсхил, *Трагедии: Прибегарки, Персијци, Седумтемина против Теба*, препев од старогрчки јазик и белешки Д. Чадиковска, Мисла, Скопје, 5-33.

'Coincidentia oppositorum', *Стремеж* 46.7-9, 102-116.

2001

'Хесиод – обид за неколку хеуристички тези', во: Хесиод, *Теогонија*, препев, коментар и индекс М. Чичева-Алексиќ, Сигмапрес, Скопје, 5-28.

2002

Платон, *Политеја*, превод од старогрчки, предговор, коментар и белешки, Три, Скопје.

'Предговор', во Басотова, Љ., *Latine discimus: Учебник по латински јазик за II година за реформираното гимназиско образование*, Просветно дело, Скопје, 3-5.

2003

Аристотел, *Никомахова етика*, превод од старогрчки и предговор, Три, Скопје.

'Потрага по обликот на Еразмо', во: Еразмо Ротердамски, *Пофалба на глупоста*, превод од латински Љ. Басотова, Три, Скопје, 119-151.

2005

'Платон: *Политеја* (извадоци)', превод од старогрчки, во: Џепароски И. (уред.), *Убавина и уметност*: *од Платон до Кроче*, Магор, Скопје, 3-52.

2006

'Regressus in (in)finitum или Чекорење назад до определено (историско) време', во: Лукретиј Кар, *За природата на нештата*, препев од латински Љ. Басотова, Култура, Скопје, 5-42.

'Документарна подлога на ракописот: fussnote', *Портал* 19/20, 11-14.

2007

Платон, *Закони*, превод од старогрчки и предговор, Три, Скопје.

2008

Платон / Ксенофонт, *Симпосиумска еротологија:* Платон, *Симпосион*, Ксенофонт, *Симпосион*, превод од старогрчки, предговор, белешки и објаснениј, Култура, Скопје.

'Деконструкција на поимот – метаморфоза', во: Томовска, В. и Мартиновски, В. (уред.), *Метаморфози и метатекстови: Зборник трудови од научната работилница одржана на 11. V. 2007*, Друштво на класични филолози „Антика", Друштво за компаративна книжевност на Македонија, Скопје, 9-19.

2009

'Поетскиот устав или de institutione… orphica', *Синтези* 15, 24-30.

2010

'Атрагичниот пост-хероизам во 'Одисеја' (митопеја или иманенција на свеста)', во: Томовска, В. и Мартиновски, В. (уред.), *Одисеи за Одисеја: Зборник трудови од научната работилница одржана на 01.VI. 2009 година*, Друштво на класични филолози „Антика", Друштво за компаративна книжевност на Македонија, Скопје, 9-20.

2013

'Risus et ridiculi laus (Пофалба на смеата и шегата)', во: Томовска, В. и Мартиновски, В. (уред.), *Сите лица на смешното (од антиката до денес): Зборник трудови од научната работилница одржана на 11. V. 2012*, Друштво на класични филолози „Антика", Друштво за компаративна книжевност на Македонија, Скопје, 9-22.

'Vergilius, vates pius', во: Публиј Вергилиј Марон, *Енеида*, препев од латински Љ. Басотова, Конгресен сервисен центар / Макавеј, Скопје, 299-316.

2014

Платон, *Гозба, Ион, Федар, Држава, Кратил*, превод од старогрчки јазик на *Гозба, Ион, Федар* и *Држава* и поговор, Магор, Скопје.

2015

Стара грчка лирика, избор, препев од старогрчки јазик и поговор, Три, Арс Ламина – публикации, Скопје.

'Евдајмонизмот на смртта – суштината на поетскиот облик трагедија', во: Софокле, *Драми: Кралот Едип, Антигона, Електра, Филоктет, Едип на Колон*, препев од старогрчки Д. Чадиковска и Љ. Басотова, Арс ламина – публикации, Скопје.

Препеви од старогрчки на избрани песни од Архилох, Семонид (Аморгинецот), Калин, Тиртај, Мимнерм, Алкман, Сапфо, Алкај,

Теогнид, Солон, Анакреонт, Хипонакт, Ксенофан, Симонид, Пратина, Тимокреонт и Пиндар, во: Дуев Р. и др. (уред.), *Антологија на светската поезија преведена на македонски јазик, том 1: XX век пр. н.е. – IV век н.е., од Енума Елиш до Авсоиј*, Арс ламина – публикации, Скопје, 302-372.

2017

'Парадокс и неговата поетолошка динамика (во општа смисла, и преку хеленски културолошки парадигми)', во: Томовска В. и др. (уред.) *Studia classica anniversaria: Прилози од меѓународната научна конференција одржана по повод 70 години од Институтот за класични студии, 22-23 ноември, 2016, Скопје*, Филозофски факултет – Скопје, Скопје, 223-231.

2018

'Публиј Вергилиј Марон', во: Публиј Вергилиј Марон, *Пастирски песни – ратајски песни*, препев од латински јазик Љ. Басотова, Силсонс, Скопје.



Проф. д-р Љубинка Басотова

УДК: 016:929Басотова, Љ.

Биографија на проф. д-р Љубинка Басотова

Проф. д-р Љубинка Басотова е родена на 15 октомври 1934 година во Скопје. Основно и средно образование – класична гимназија завршила во Скопје, каде што и дипломирала во 1959 година на Катедрата за класична филологија на Филозофско-филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". Постдипломските студии на Институтот за историја при Филозофскиот факултет ги завршила во 1985 година со одбрана на магистерскиот труд под наслов „Летописот на попот Дукљанин како извор за проучување на македонската средновековна историја", а докторирала во 1993 година на истиот факултет со одбрана на докторската дисертација на тема „Латинизите во македонскиот јазик".

Од дипломирањето до 1960 година Љубинка Басотова работи во Средното стручно училиште од медицинска струка, како професор по латински јазик. Во 1961 година е избрана за асистент по латински јазик на Катедрата за класична филологија на Филозофскиот факултет во Скопје, во 1972 година за лектор, а во 1978 година за предавач на истата катедра. Во 1982 година се здобива со звањето виш предавач, а во 1994 година со звањето вонреден професор по нормативна латинска граматика. Проф. д-р Љубинка Басотова во 1999 година е избрана за редовен професор на Институтот за класични студии на Филозофскиот факултет. Како универзитетски наставник изведувала настава по предметите Морфологија на латинскиот јазик и Синтакса на латинскиот јазик за студентите од Институтот за класични студии и по предметот Латински јазик за студентите од институтите за историја, историја на уметноста со археологија, како и од групите за романски јазици и литература и од групата за општа и компаративна книжевност од Филолошкиот факултет во Скопје.

Покрај педагошката и научната дејност на Филозофскиот факултет, проф. д-р Љубинка Басотова била раководител на Институтот за класични студии (два мандати), ја вршела должноста на продекан за настава на факултетот, била потпретседател на Факултетскиот совет и др. Во богатата општествена активност на проф. д-р

Басотова се вбројуваат и претседателство или членство и ангажмани во повеќе асоцијации, тела, културни манифестации, невладини организации, како: претседател на Друштвото на класични филолози на Македонија (два мандати), потпретседател и член на Претседателството на Сојузот на друштва по странски јазици (повеќе мандати), претседател на Управниот одбор на меѓународната асоцијација „Македонски духовни конаци", уредник на списанието за култура и наука „Портал", член на повеќе комисии во Министерството за култура, почесен член на Друштвото на писателите на Македонија, член на друштва за пријателство помеѓу Р Македонија и други пријателски земји (Русија, Украина, Франција, Хрватска), а извесен период (2001 – 2009) била член на Извршниот одбор на Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ (ЕСЕ).

За своите научни, преведувачки, педагошки и општествени ангажмани и достигнувања проф. д-р Љ. Басотова е добитник на повеќе награди и признанија: Орден за заслуги за народот со сребрена ѕвезда, доделен од претседателот на СФРЈ (1981), награда „Ванѓа Чашуле" за преводот од латински јазик на делото *За државата божја* на Августин (1997), награда „Григор Прличев" за препевот од латински јазик на Вергилиевата *Ајнеида* (1999). За нејзиниот севкупен преведувачки опус е наградена со наградата „Кирил Пејчиновиќ" (2001), а истата година од Здружението на литературни преведувачи ѝ е доделено високото признание „Мајстор на литературниот превод". Добитник е и на повелбата „30 Септември" во чест на Светскиот ден на литературните преведувачи, востановен од УНЕСКО. Во 2006 година е одликувана со највисокото државно признание, наградата „11 Октомври", а во 2011 година е добитник на наградата на Градот Скопје „13 Ноември".

Долгогодишната научна дејност на проф. д-р Љубинка Басотова досега е повеќекратно евалуирана на повеќе рамништа, а е презентирана во повеќе научни трудови, статии и прилози, објавени во научни и стручни списанија, во предавања и реферати на меѓународни и домашни симпозиуми, конгреси и научни собири (Хрватска, Италија, Русија, Грција). Научниот интерес на проф. Басотова не е фокусиран само во областа на класичната филологија, туку предмет на нејзини истражувања се и теми од областа на историјата, книжевноста, македонистиката.

Особено значаен придонес во развојот и унапредувањето на наставата по латински јазик и во учебникарството во нашата држава проф. д-р Љубинка Басотова остварува како автор и коавтор на повеќе учебници по латински јазик. Овие учебници ги ползуваат повеќе генерации средношколци во Македонија и, благодарение на методолошки успешно одбраниот пристап и разнородните содржини, ги збогатуваат своите знаења од областа на јазикот, но и ја збогатуваат својата општа култура и писменост. Својата континуирана посветеност на афирмацијата и подигањето на квалитетот на наставата и нивото на знаењата на младите по класичните јазици проф. д-р Љ. Басотова ја артикулира и преку несебичниот ангажман во востановувањето и организирањето на годишните републички натпревари по латински и старогрчки јазик, што прерасна во традиција, којашто трае веќе педесетина години.

Проф. д-р Љубинка Басотова на поширокаа културна јавност во Република Македонија ѝ е позната како врвен класичен филолог, како долгогодишен педагог, но пред сѐ како автор на многубројни извонредно успешни преводи и препеви од латински и старогрчки јазик на дела од хеленската и римската културна ризница. Благодарение на нејзиниот преведувачки фанатизам, што трае со повеќедецениски континуитет и со ретка посветеност и страст, на македонски јазик се приопштени и објавени култни дела, коишто претставуваат темелници на европската книжевна традиција, а токму преводите и особено препевите на проф. д-р Љ. Басотова од старогрчки, класичен и средновековен латински јазик на најдобар можен начин потврдуваат дека македонскиот јазик располага со капацитет со него да се преточат и да се доловат естетските достоинства на делата од врвните мислители и уметници на античката култура. Како посебна доблест на препевите на проф. д-р Басотова се издвојува исклучителниот напор вложен во креативен уметнички подвиг стиховите на Софокле, Вергилиј, Овидиј, Хоратиј, Лукретиј и други антички автори да прозвучат во оригиналната метричка стапка. Ваквите преводи и препеви претставуваат вистински монументи на естетските изразни можности на нашиот јазик. Од друга страна, проф. д-р Басотова ѝ овозможи на македонската читателска публика ексклузивна прилика да ги чита стиховите на Константин Миладинов и Анте Поповски во препев на латински јазик.

Biography
of Professor Doctor Ljubinka Basotova

Professor Dr Ljubinka Basotova was born on 15 October 1934 in Skopje. She completed her primary and secondary education in Skopje (in the classical gymnasium) where she also graduated classical philology from the Faculty of Philosophy at the Ss. Cyril and Methodius University in Skopje in 1959. She completed her postgraduate studies at the Institute of History at the Faculty of Philosophy in 1985, defending her MA thesis entitled '*The Chronicle of the Priest of Duklja* as a Source for Macedonian Medieval History Studies', and in 1993, she defended her doctoral thesis 'Latinisms in Macedonian' at the same institute.

After her graduation, Ljubinka Basotova worked as a teacher of Latin at the Secondary Medical School until 1960. In 1961, she was elected Teaching Assistant of Latin at the Department of Classical Philology of the Faculty of Philosophy in Skopje, and was then promoted to the position of Reader in 1972 and of Lecturer in 1978 at the same department. In 1982, she was awarded the title Senior Lecturer and in 1994 the title Associate Professor of Descriptive Latin grammar. Professor Dr. Ljubinka Basotova got her full professorship at the Institute of Classical Studies at the Faculty of Philosophy in 1999. As a university lecturer she taught the following subjects: Latin Morphology and Latin Syntax for the students of the Institute of Classical Studies and Latin Language for the students of the Institutes of History, History of Art and Archaeology, as well as for the students studying Romance languages and comparative literature at the Faculty of Philology in Skopje.

In addition to her pedagogical and academic work at the Faculty of Philosophy in Skopje, Professor Dr. Ljubinka Basotova was elected the Head of the Institute of Classical Studies for two terms and was the Vice Dean of Academic Affairs at the Faculty of Philosophy, the Vice President of the Faculty Council and held other positions at the University. Professor Dr. Ljubinka Basotova has been an active member and the president of many associations, bodies, festivals of culture, non-governmental organizations: the President of the Association of Classical Philologists of Macedonia (for two terms), the Vice President and member of the Presidency of the Union of Foreign Language Associations (for

several terms), the President of the managing board of the international association 'Macedonian Spiritual Abode', the editor of the literary journal *Portal*, a member of many commissions of the Ministry of Culture, an honorary member of the Writers' Association of Macedonia, a member of the societies for Macedonian Friendship with other countries (Russia, Ukraine, France, Croatia), and in the period between 2001 and 2009, she was a member of the Executive Board of the Association for Emancipation, Solidarity and Equality of Women of the Republic of Macedonia (ECE).

For her academic, translating, teaching and social engagements and achievements, Professor Dr. Ljubinka Basotova has been awarded several awards and honors: The Medal of Merit to the People with a Silver Star, awarded by the President of the Socialist Federative Republic of Yugoslavia (1981), the award 'Vangja Čašule' for her translation of St. Augustine's *The City of God* (1997), the award 'Grigor Prličev' for the translation of Virgil's *Aeneid* (1999). For her complete translation opus she was presented with the 'Kiril Pejčinović' award (2001) and in the same year the Association of Literary Translators awarded her with the honorable title 'Master of literary translation'. She is also the recipient of the '30 September' charter in honor of the world day of literary translators established by UNESCO. In 2006 she was decorated with the highest state honor, the award '11 October' and in 2011 she received the '13 November' award of the City of Skopje.

Her long and fruitful academic engagements have been evaluated on several levels so far. Professor Dr. Ljubinka Basotova is an author of many papers, articles and contributions published in various academic and scholarly journals, as well as of many lectures and papers read at international and domestic symposia, congresses and conferences (Croatia, Italy, Russia, Greece). Professor Dr. Ljubinka Basotova's academic interest is not focused only on the area of classical philology, but she has chosen topics from history, literature and Macedonian studies as subjects of her research.

Her contribution to the development and improvement of teaching Latin and her participation in writing Latin course-books is of particular importance for our state. Professor Dr. Ljubinka Basotova has authored and co-authored many Latin course-books. These books have been used by many generations of high school students in Macedonia who have

availed themselves of the successful methodological approach and of their content that not only enriches one's knowledge of the language, but also improves one's literacy and culture in general. Her continued dedication to the affirmation and improvement of the quality of teaching and to the knowledge of classical languages among young people, Professor Dr. Basotova has also articulated through her unselfish engagement in the establishment and organization of the yearly Latin and Greek competitions of the state schools and this has grown into a tradition over five decades.

Professor Dr. Ljubinka Basotova is well-known to the broader public as one of the most eminent classical philologists, as an experienced pedagogue, but, above all, as an author of many exceptionally successful translations from Latin and Greek, rendering many of the works from the classical treasury available to our readership. Her fanatic translating with rare dedication and passion has been going on for several decades in continuity and has communicated in Macedonian many famous works that are the bedrocks of European literary tradition and these translations from Greek, and from classical and medieval Latin have in the best possible manner confirmed that Macedonian has the capacity to transfer and capture the aesthetic pinnacles of the most eminent classical thinkers and artists. A special virtue of Professor Dr. Basotova's poetry translations is the exceptional effort she has invested in the creative and artistic achievement to preserve the original metric of the verses of Sophocles, Virgil, Ovid, Horace and Lucretius. Her translations of prose and poetry are true monuments of the expressive capacities of Macedonian. Professor Dr. Basotova has also provided the readership in Macedonia with an exclusive opportunity to read the verses of Konstantin Miladinov and Ante Popovski in Latin.

УДК: 016:929Басотова, Љ.

Библиографија на проф. д-р Љубинка Басотова

1966

Ѓузепе Верди, *Реквием*, превод од латински, Македонска филхармонија, Скопје.

1972

'Одбрана лирика', препев од латински јазик, *Студентски збор*, јануари, 1972.

1974

'Нашите краишта и луѓе во биографијата на Скендербег од Марин Барлети', *Историја, списание на историските друштва на СР Македонија* 1, 295-308.

1976

'Прличев и класиката', *Нова Македонија*, 15.II. 1976.

'Значењето на класичното образование денес", *Нова Македонија* 25.VII. 1976.

1978

'Обид за интензивирање на наставата по латински јазик во средните школи', *ЖА* 28.1-2, 395-398.

1981

'Историографски извори', преводи од старогрчки и латински на македонски, во: Андонов-Полјански, Х. (уред.), *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава, том I: Од населувањето на Словените во Македонија до Првата светска војна*, Факултет за филозофско-историски науки, Универзитет „Кирил и Методиј", Скопје.

'Документи на грчки јазик со напореден македонски превод', превод од грчки јазик, во Миљковиќ-Пепек, П. *Вељуса: манастир Св. Богородица Милостива во селото Вељуса крај Струмица*, Факултет за филозофско-историски науки, Универзитет „Кирил и Методиј", Скопје.

1982

'Солунските браќа и догмата на тријазичниците', *Културен живот* 6, 28-30.

1983

'За драмолетот 'Сербија шатаетсја в земељ своих' од Јордан Хаџи Константинов – Џинот', *Прилози = Contributions*. Македонска академија на науките и уметностите. Одделение за лингвистика и литературна наука, кн. VIII, 1-2, 81-88.

Цицерон, Марк Тулиј, *Философски расправи – За пријателството, За староста, За презирот кон смртта*, превод од латински и белешки, Македонска книга, Скопје.

1986

'За драмолетот 'Сербија шатаетсја в земељ своих' од Јордан Хаџи Константинов – Џинот', *ГЗбФф* 13 (39), 221-227.

'Хомеровата пролепса во Прличевиот „Скендербеј"', во: Конески Б. и др. (уред.) *Животот и делото на Григор С. Прличев (Зборник на трудови од Симпозиумот посветен на животот и делото на Григор Прличев, одржан од 10 до 11 мај 1985 год. во Скопје)*, Институт за литература, Филолошки факултет, Скопје, 128-137.

1987

Латински јазик за III година, културолошка струка (заедно со Д. Чадиковска), Просветно дело, Скопје.

1988

'Летописот' на попот Дукљанин како извор за македонската средновековна историја и исчезнатите местни имиња како извор за

историјата на Македонија', во: Мошин В. и Славева Л. (уред), *Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, том V*, Институт за истражување на старословенската култура, Прилеп, 121-136.

Латински јазик за III година, културолошка струка (заедно со Д. Чадиковска), Просветно дело, Скопје.

1989

'Pro magistro suo: за прометодиевската активност на Климент Охридски', во: Матевски М. и др. (уред.), *Климент Охридски и улогата на охридската книжевна школа во развитокот на словенската просвета: материјали од научен собир одржан во Охрид од 25 до 27 септември 1986 година*, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 21-24.

'Некои актуелни аспекти на општествената свест во античкиот Рим', во: Темков К. (уред.), *Самоуправна култура: материјали од научен собир одржан на Филозофскиот факултет во Скопје на 23 март 1988 година*, Универзитет „Кирил и Методиј", Филозофски факултет, Скопје, 169-174.

Латински јазик за III година, културолошка струка (заедно со Д. Чадиковска), Просветно дело, Скопје (второ издание).

'Избор, превод и белешки на словенски и латински извори', во: *Сведоштва за Кирил и Методиј: словенски и латински извори* (заедно со Угриновска-Скаловска Р.), Мисла, Скопје.

1990

Софокле, *Антигона, Филоктет*, препев од старогрчки, Мисла, Скопје.

Еразмо Ротердамски, *Пофалба на лудоста*, превод од латински и белешки, Култура, Скопје.

Латински јазик за III година: културолошка струка (заедно со Д. Чадиковска), Просветно дело, Скопје.

1991

'Антиката како инспирација во драмскиот опус на Јордан Хаџи Константинов – Џинот', во: Илиевски П. Хр. и Митевски В. (уред.), *Грчко-римска антика во Југославија и на Балканот (Прилози од 5-тиот Научен собир на Сојузот на друштвата на антички студии на Југославија, одржан во Скопје од 26 до 29 септември 1989 год.)*, *ЖА Посебни изданија* IX, Скопје, 85-90.

'Квинт Хоратиј Флак, 'Поетска уметност', препев од латински', *Спектар* 17, 105-119.

1992

Латински јазик за I година на гимназиите (заедно со Д. Чадиковска) Просветно дело, Скопје.

1993

Латински јазик за II година (заедно со Д. Чадиковска), Просветно дело, Скопје.

1994

'За Civitas dei на блажени Августин', *Домострој* 5, 52-56.

'Рецепција и адаптација на лексика од латинско потекло во македонскиот јазик', *ЖА* 44, том. 1-2, 139-150.

'Sancta sedes Apostolica Romana pro causa Sanctorium fratrum Thessalonicensium Cyrilli et Methodii', *ГЗбФф* 21 (47), 169-172.

'Патиштата за продир и фонетска и акцентска адаптација на латински и неолатински лексеми во македонскиот јазик', *ГЗбФф* 21 (47), 173-181.

'Преводи од античка класична литература на македонски јазик', *Културен живот* 39. 1 (јануари-март), 10-13.

Кикерон, *Говори против Катилина (Катилинарија)*, превод, предговор и белешки, Метафорум, Скопје.

'Maeror austri', препев на „Т'га за југ" на латински јазик, во: Тодоровски Г. (уред.), *Константин Миладинов, Тāга за југ: Poliglotta*, Редакција „Детска радост", НИП Нова Македонија, Скопје, 40.

1995

'Кипријан Картагински, *За доброто од трпението*, превод од латински', *Домострој* 9-10, 130-143.

Латински јазик за I година на гимназиите (заедно со Д. Чадиковска), Просветно дело, Скопје.

1996

Квинт Хоратиј Флак, *За поетската уметност*, препев од латински јазик, Мисла, Скопје.

Еразмо Ротердамски, *Пофалба на глупоста*, превод од латински и белешки, Детска радост, Скопје.

1997

Аврелиј Августин, *За државата божја*, превод од латински, Култура, Скопје.

1998

'Ајнеида/ Публиј Вергилиј Марон, препев и поговор', *Стремеж* 3-4, 3-29.

Витрувиј, *Десет книги за архитектурата*, превод од латински, Зумпрес, Скопје.

Квинт Куртиј Руф, *Историја на Александар Македонски*, превод од латински, Патрија, Скопје.

1999

'Односот на Цар Самуил кон соседите', *Balcanoslavica* 26/27, 119-130.

2000

Гај Јулиј Кајсар, *Белешки за галската војна*, превод од латински (заедно со В. Софрониевски), Три, Скопје.

Јустин, *Филиповата историја*, превод од латински, Патрија, Скопје.

2002

Публиј Овидиј Насон, *Преобразби*, препев од латински, Три, Скопје.

Initium latinitatis: Латински јазик за I година за реформираното гимназиско образование, Просветно дело, Скопје.

Latine discimus: Учебник по латински јазик за II година за реформираното гимназиско образование, Просветно дело, Скопје.

2003

Кикерон, *Философски расправи: За крајностите на доброто и злото. Тускулански расправи*, превод од латински, Три, Скопје.

Кратки блескави мисли (Breves vibrantesque sententiae), избор и превод од латински, Три, Скопје.

Еразмо Ротердамски, *Пофалба на глупоста*, превод од латински, Три, Скопје.

'Препев на две песни од неодамна починатиот истакнат македонски поет и културен деец Анте Поповски', препев на латински јазик, *Систасис* 3 (http://www.systasis.org).

2004

Auctores Romani: Латински јазик за IV година, реформирано гимназиско образование: продолжително изучување, јазично-уметничко подрачје, Просветно дело, Скопје.

Latinitas: Латински јазик за III година, продолжително изучување, гимназиско образование, Просветно дело, Скопје.

2005

Такит, *Анали*, превод од латински јазик и поговор, Три, Скопје.

2006

Лукретиј Кар, *За природата на нештата*, препев од латински јазик, Култура, Скопје.

'Овидиј Насон – преобразби / препев од латински Љубинка Басотова, *Портал* 19/20, 102-103.

2007

'Memorandum est', *Портал* 21/22, 67.

2008

Аврелиј Августин, *За државата божја, кн. VI-X*, превод од латински јазик, Култура, Скопје.

Барлети Марин, *Скендербег*: *животот и делата на епирскиот владетел*, превод од латински и белешки (кн. I-VI и XI-XII), Култура, Скопје.

'Метатекстуалноста кај Лукретиј, Вергилиј и Овидиј', во Томовска В. и Мартиновски В. (уред.), *Метаморфози и метатекстови: Зборник трудови од научната работилница одржана на 11. V. 2007*, Друштво на класични филолози „Антика", Друштво за компаративна книжевност на Македонија, Скопје, 75-82.

2009

'Латинизмите во македонскиот јазик', *Портал* 25/26, 10-11.

'Антиката како инспирација во драмскиот опус на Јордан Хаџи Константинов – Џинот', *Портал* 25/26, 29-33.

2010

Древни митови, Матица македонска, Скопје, 2010.

'Translationes Macedonicae auctorum Romanorum', во: Sofronievski V. (ed.) *Aeternitas antiquitatis: Proceedings of the Symposium Held in Skopje, August 28th*, ACPh Antika & Faculty of Philosophy in Skopje, 1-6.

2011

Еразмо Ротердамски, *Пофалба на глупоста*, превод од латински и белешки, Матица македонска, Скопје.

2012

Римска поезија, препев од латински и белешки, Панили, Скопје.

'Vita memoriae', *Портал* 31/32, 91-92.

2013

Корнелиј Такит, *Истории*, превод од латински јазик, Панили, Скопје.

Римска лирика / *Хорациј Ars poetica*, препев од латински јазик, Конгресен центар/Макавеј, Скопје.

2014

Аврелиј Августин, *Исповеди*, превод од латински јазик, Три/Арс Ламина - публикации, Скопје.

Публиј Овидиј Насон, *Метаморфози*, препев од латински јазик, Конгресен сервисен центар/ Макавеј, Скопје.

Публиј Вергилиј Марон, *Енеида*, препев од латински јазик Конгресен сервисен центар/ Макавеј.

2015

Софокле, *Драми: Кралот Едип, Антигона, Електра, Филоктет, Едип на Колон*, препев од старогрчки на *Антигона* и *Филоктет*, Арс ламина – публикации, Скопје.

Аврелиј Августин, *Исповеди*, превод од латински јазик, Три/Арс Ламина - публикации, Скопје.

Препеви од латински јазик на избрани стихови од Лукретиј, Катул, Вергилиј, Хоратиј, Тибул, Пропертиј и Овидиј во: Дуев Р. и др. (уред.), *Антологија на светската поезија преведена на македонски јазик, том 1: XX век пр. н.е. – IV век н.е., од Енума Елиш до Авсониј*, Арс ламина – публикации, Скопје, 423-524.

2017

'Vates divina', во: Христова-Јоцић С., *Уривање на звукот*, С. Андреевски, Богданци – Софија, 83-91.

2018

Публиј Вергилиј Марон, *Пастирски песни – ратајски песни*, препев од латински јазик, Силсонс, Скопје.

2019

Публиј Овидиј Насон, *Хероиди*, препев од латински јазик, Силсонс, Скопје.



Даница Чадиковска

УДК: 016:929 Чадиковска, Д.

Биографија на професор Даница Чадиковска

Професор Даница Чадиковска е родена на 9 февруари 1935 година во Тетово. Средно образование – класична гимназија завршила во Скопје. Дипломирала на Филозофско-филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ на Катедрата за класична филологија во 1961 година. По дипломирањето се вработила како професор по латински јазик во скопската гимназија „Георги Димитров“, со што започнува нејзината долгогодишна и успешна педагошка кариера. Ја продолжила во гимназијата „Јосип Броз-Тито“ во Скопје, како професор по латински и старогрчки јазик, каде што неколку години ја извршува и должноста на раководител на културолошката струка, сè до нејзиното заминување на ново работно место во високото образование во 1986 година. Како средношколски професор се стекнала со звањето особено истакнат педагошки работник. Од 1986 година до пензионирањето во неколку наврати била избирана за лектор по старогрчки и латински јазик на Институтот за класични студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Професор Даница Чадиковска за многу генерации средношколци и студенти претставува синоним за наставник што ги инспирира и мотивира своите ученици, не само со своите компетенции, ентузијазам и методолошки пристап туку и со својата непосредност, отвореност и висок морален и професионален интегритет. Континуираните и посветени настојувања на проф. Д. Чадиковска да се афирмира и унапреди изучувањето на класичните јазици и култура особено се манифестираат со повторното отворање на т.н. класична паралелка, односно класична гимназија во „Јосип Броз-Тито“, каде што таа и како предметен наставник, но и како класен раководител, преку наставните и воннаставните активности, кај младите генерации ја всадуваше и негуваше љубовта и интересот кон класичното античко наследство. Во насока на остварување на оваа мисија и постигнување повисок квалитет на наставата, проф. Д. Чадиковска се јавува и како коавтор на повеќе средношколски учебници по латински јазик и

како автор на еден универзитетски учебник по старогрчки јазик *Граммата*.

Преведувачката дејност на Даница Чадиковска е фокусирана најмногу на хеленската трагедија, говорништво и историографија, а е маркантна и значајна според повеќе критериуми: бројноста на преведените и препеаните наслови, значењето и големината на авторите и самите дела во историјата на книжевноста, прецизниот точен и педантен превод и препев во оригинална метричка стапка, како и конфирмацијата на потенцијалите на македонскиот јазик. Професор Д. Чадиковска е автор на препеви на македонски јазик на трагедии од Софокле (*Ојдип тиранин*, *Ојдип на Колон*, *Трахинки*, *Ајант*, *Електра*), Ајсхил (*Прибегарки*, *Персијци*, *Седумтемина против Теба*, трилогијата *Орестија*) и Еврипид (*Хиполит*, *Ифигенија во Авлида*, *Бакхи*, *Електра*, *Орест*, *Ифигенија во Таврида*, *Хекаба*, *Андромаха*, *Тројанки*, *Алкестида*, *Елена*, *Споулавениот Херакле*), што само по себе е извонреден подвиг и придонес за македонската културна средина, а особено што повеќето од овие наслови се за прв пат објавени на македонски јазик. Некои од овие препеви се поставени на сцените на македонските театри и театарски манифестации, како на пример, трагедијата *Ојдип тиранин* во Народниот театар во Битола, во режија на Љ. Георгиевски, или *Евменида* во режија на Г. Тренчевски на Охридско лето 1993 година и на фестивалот Млад отворен театар. Пионерски потфати се и преводите на *Херодотовата историја*, придружена со обемен и исцрпен соодветен апарат и коментари, како и *Говорите* на Демостен, што претставуваат голем предизвик за секој класичен филолог и преведувач.

Професор Даница Чадиковска почина на 27 јануари 2002 година.

Biography of Professor Danica Čadikovska

Professor Danica Čadikovska was born on 9 February 1935 in Tetovo. She completed her secondary education in Skopje at the classical gymnasium. She graduated from the Ss. Cyril and Methodius University, at Department of Classical Philology of the Faculty of Philosophy-Philology. After her graduation she was employed as a teacher of Latin in 'Georgi Dimitrov' high school and this was the start of her long and fruitful pedagogical career. She transferred to 'Josip Broz Tito' high school, where she taught Latin and Greek and was the head of the culture studies department for several years. In 1986 she started work at the University. As a high school teacher she was awarded the title 'distinguished pedagogue'. From 1986 until her retirement she worked as Lecturer in Greek and Latin at the Institute of Classical Studies of the Faculty of Philosophy at the Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, and was re-elected several times.

For many generations of high school and university students Professor Danica Čadikovska's name was synonymous with a teacher who inspired and motivated the students, not only with her competence, enthusiasm and methodological approach, but also with her openness, directness and special moral and professional integrity. Her continued and dedicated determination to the affirmation and improvement of the teaching of classical languages and culture resulted with the re-opening of the so called classical class, or classical gymnasium in 'Josip Broz Tito' where Professor Danica Čadikovska, as a teacher of classical languages, and as a head of class, made great efforts to instill and nurture interest and love for the classical heritage into her students both in the class and outside it. To help her fulfill this mission she co-authored several high school textbooks in Latin. She wrote a university textbook for teaching Greek entitled *Grammata*.

Professor Danica Čadikovska's translation work is mostly focused on Greek tragedy, oratory and historiography. Her opus is significant and important, even when judged following several different criteria, such as the number of the translated titles and verses; the greatness of the authors of these works and the important places they and their works occupy in the history of literature; the correct, exact and clean

translation in the original meter; as well as the confirmation of the potentials of the Macedonian language. Professor Danica Čadikovska translated the following tragedies by Sophocles: *Oedipus Rex*, *Oedipus at Colonus*, *Women of Trachis*, *Ajax and Electra.* She also translated *The Persians*, *The Suppliant Maidens*, *The Seven against Thebes*, *The Oresteia trilogy* by Aeschylus and *Hippolytus*, *Iphigenia in Aulis*, *Bacchae*, *Electra*, *Orestes*, *Iphigenia in Tauris*, *Hecuba*, *Andromache*, *The Trojan Women*, *Alcestis*, *Helen* and *Herakles* by Euripides. This is a heroic achievement in itself, but also an exceptional contribution to our Macedonian culture, since most of the titles were published in Macedonian for the first time. Some of these translations were brought to life by actors on the stages of Macedonian theatres and were performed at various theatre festivals. The translation of *Oedipus Rex* performed in the National Theatre in Bitola, directed by Ljubiša Georgievski, while the translation of *The Eumenides* was performed at the Ohrid Summer Festival in 1993, directed by Goran Trenčovski, as well as at the Young Open Theatre festival in Skopje. Her translation of the Histories of Herodotus, accompanied by extensive commentaries, and of the speeches of Demosthenes was another pioneering feat, these works being considered a great challenge for every classical philologist and translator.

Professor Danica Čadikovska died on 27 January 2002.

УДК: 016:929 Чадиковска, Д.

Библиографија на проф. Даница Чадиковска

1987

Латински јазик за III година, културолошка струка (заедно со Љ. Басотова), Просветно дело, Скопје.

1988

Латински јазик за III година, културолошка струка (заедно со Љ. Басотова), Просветно дело, Скопје.

Латински јазик за IV година, културолошка струка (заедно со Љ. Басотова), Просветно дело, Скопје.

1989

Латински јазик за III година, културолошка струка (заедно со Љ. Басотова), Просветно дело, Скопје (второ издание).

1990

Латински јазик за III година, културолошка струка (заедно со Љ. Басотова), Просветно дело, Скопје.

1991

Софокле, *Ојдип Тиранин, Ојдип на Колон,* препев од старогрчки јазик, Мисла, Скопје.

'Класичното образование во СР Македонија', во: Илиевски, П. Хр. и Митевски, В. (уред.), *Грчко-римска антика во Југославија и на Балканот (Прилози од 5-тиот Научен собир на Сојузот на друштвата на антички студии на Југославија, одржан во Скопје од 26 до 29 септември 1989 год.), ЖА Посебни изданија* IX, Скопје, 234-239.

1992

Латински јазик за I година на гимназиите (заедно со Љ. Басотова), Просветно дело, Скопје.

1993

Латински јазик за II година (заедно со Љ. Басотова), Просветно дело, Скопје.

Ајсхил, *Орестија*, препев од старогрчки јазик, предговор и белешки, Метафорум, Скопје.

1994

Граммата: старогрчки јазик (почетен курс), Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје.

'Недопустливи грешки', *Нова Македонија*, 19.I.1994.

1995

Демостен, *Говори, избор*, предговор и превод од старогрчки, Култура, Скопје.

Еврипид, *Хиполит, Ифигенија во Авлида, Бакхи*, препев од старогрчки јазик и белешки, Зумпрес, Скопје.

Софокле, *Трахинки, Ајант, Електра*, препев од старогрчки јазик и белешки, Зумпрес, Скопје.

Латински јазик за I година на гимназиите (заедно со Љ. Басотова), Просветно дело, Скопје.

1998

Еврипид, *Електра, Орест, Ифигенија во Таврида*, превод од старогрчки, Зумпрес, Скопје.

Херодот, *Херодотова историја*, превод од старогрчки, предговор, белешки за писателот и делото, коментари на текстот, Зумпрес, Скопје.

'Исократ, 'Послание', превод и белешки', *Стремеж* 44.7-8, 43-72.

2000

Ајсхил, *Трагедии: Прибегарки, Персијци, Седумтемина против Теба*, препев од старогрчки и белешки, Мисла, Скопје.

2002

Еврипид, *Хекаба, Андромаха, Тројанки,* препев од старогрчки, Три, Скопје.

2003

Еврипид, *Алкестида, Елена, Споулавениот Хераклe*, препев од старогрчки, Евро-Балкан пресс, Скопје.

2015

Софокле, *Драми: Кралот Едип, Антигона, Електра, Филоктет, Едип на Колон*, препев од старогрчки на *Кралот Едип, Електра* и *Едип на Колон*), Арс ламина – публикации, Скопје, 2015.

Препеви од старогрчки јазик на избрани стихови од Ајсхил, Софокле и Еврипид во: Дуев Р. и др. (уред.), *Антологија на светската поезија преведена на македонски јазик, том 1: XX век пр. н.е. – IV век н.е., од Енума Елиш до Авсоиј*, Арс ламина – публикации, Скопје, 372-390.

2016

Есхил, *Трагедии: Орестија, Прикованиот Прометеј*, препев од старогрчки на *Орестија*, Арс ламина – публикации, Скопје.

SYSTASIS ISSN 1857-5129
● Е-списание на Здружението на класични филолози „Антика“

УДК: 930.85(497.7)
УДК: 821.124:811.163.3'255.4
УДК: 821.14:811.163.3'255.4

Античката литература во македонската културна средина од првата половина на XX век

Дарин Ангеловски

Институт за македонска литература
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје

angelovskidarin@gmail.com

АПСТРАКТ

Имајќи ја предвид состојбата на отсуство на преводи на дела од античката литература на народен македонски јазик што е карактеристична за периодот од првата половина на XX век, во овој труд присуството на античката литература во македонската културна средина се согледува на неколку рамништа: според интересот на македонската интелигенција (Теодосиј Гологанов) за одделни антички автори и дела, како и според објавите во периодичните списанија за општествени, културни и книжевни прашања: *Месечни преглед* (1925 – 1926 год.), односно *Јужни преглед* (1927 – 1939 год.), *Јужна Србија* (1922 – 1925 год.), *Луч* (1937 – 1938 год.) и *Гласник Скопског научног друштва* (1928 – 1940 год.).


Клучни зборови: античка литература, рецепција, периодични списанија, студија, приказ, превод, македонска културна средина

1. Воведни белешки

Годините на премин од XIX во XX век, како и времето од првата половина на XX век претставува период на интензивен стремеж на македонскиот народ за остварување на својата национална и државна самобитност. Сложениот општествено-политички и историско-културен контекст во временската отсечка помеѓу 1900 и 1945 год. се согледува низ призмата на настаните што се одигрувале во периодот пред Првата светска војна (1893 – 1914 год.) преку оформувањето на македонското националноослободително движење и создавањето на Македонската револуционерна организација. Како не помалку значаен фактор што извршил силно влијание врз општествените состојби од овој период се посочува и влијанието на странските пропаганди, како и политиката што ја воделе европските и балканските држави кон Македонија. Сето тоа придонело за сè поголемото разрастување на национално-револуционерните движења, кои кулминирале со Илинденското востание и воспоставувањето на Крушевската Република (1903 год.), а потоа и со настаните што го активирале младотурскиот режим во Македонија како своевидна претходница на случувањата за време на Балканските и на двете светски војни (1912 – 1945 год.) (Катарциев 1972, 155).

Споменатите сложени општествено-политички услови во кои опстојувала македонската културна средина се одразиле мошне неповолно на планот на рецепцијата на странските литератури, а во тие рамки, и на планот на рецепцијата на античката литература. Во поглед на присуството на оваа литературна традиција во нашата средина од споменатиот период може да се констатира состојба на тотално отсуство на преводна рецепција на народен македонски јазик, која, сосема разбирливо, е придружена и со отсуство на нејзини критичко-толковни обработки на македонски јазик. Но и покрај отсуството на преводи на дела од класичните јазици на македонски јазик, партиципацијата на античката литература во македонскиот културен контекст се согледува според интересот што за неа го појавувале претставниците на македонската интелигенција. Меѓу нив треба да се спомене дејноста на скопскиот митрополит Теодосиј Гологанов, кој, освен што остварувал директен контакт со античката литература, во книжевната наука останува запаметен како еден од ретките луѓе од овие простори што во споменатиот

период преземал и конкретни акции на планот на нејзиното пошироко приопштување во текот на неговиот престој во Бугарија. Славко Димевски во своите истражувања посветени на животот и дејноста на овој, како што вели, „грчки јеромонах, бугарски архимандрит и екскомуниципан македонски митрополит“ (Димевски 1965, 5) обрнува внимание на книжевната дејност на митрополитот Теодосиј од периодот на неговиот егзил и, освен кон неговото творештво и преводите на дела со религиозно-философска проблематика, сосем накусо се осврнува на преведувачката дејност на Теодосиј Гологанов од областа на античката литература, споменувајќи неколку наслови на преведени дела. Тоа се: *Енеидата, Буколиките и Георгиките од Вергилиј* од 1911 год., *Правилник на Епиктет или правила за спокоен живот* од 1923 год. и изборот на *Дела од Хоратиј* од 1927 год. (Димевски 1965, 183–184).


ЕНЕИДАТА, БУКОЛИКИТѢ И ГЕОРГИКИТѢ
НА
ВИРГИЛИЯ
ПРѢВЕДЕНИ ВЪ ПРОЗА И ИЗДАДЕНИ
ОТЪ
БИВШИЯ СКОПСКИ МИТРОПОЛИТЪ
Θеодосий
СЪ БИОГРАФИЯТА НА АВТОРА И ПРАВИЛА ЗА ЕПИЧЕСКАТА Поема И ЗА БУКОЛИКИТѢ И ГЕОРГИКИТѢ, ИЗВЛѢЧЕНИ ОТЪ ПОЕТИКАТА НА АРИСТОТЕЛЯ
„И Вергилий, като вѣщеносецъ Хомеръ, минава вѣковетѣ побѣдитель на врѣмето и на забравата“.
(Вънеш. стр. 12).
СОФИЯ
Печатница „Балканска Трибуна“.
1911.


СЪЧИНЕНИЯ
на
ХОРАЦИЙ
Превелъ
МИТРОП. ТЕОДОСИЙ
Подъ редакцията на
А. Д. ПИРОНКОВЪ
Книгоиздателство книжарница „О. Панси“ — С. Василевъ.
Пловдивъ
1927.

Слика 1 и 2:
Факсимили од изданијата на дела од Вергилиј и Хоратиј во превод на Теодосиј Гологанов

Изданието од Вергилиј од Теодосиј Гологанов претставува прозен превод од новогрчки јазик објавен во 1911 год. во Бугарија на

бугарски јазик. Овој превод подоцна доживеал уште две изданија. Второто издание излегува во 1918 год., и во него се изоставени *Буколиките* и *Георгиките*, додека третата објава на поетското творештво на Вергилиј (*Енеидата, Буколиките и Георгиките*) се појавува како дополнето и преработено издание во 1930 год.[1] Како специфичност на изданијата на Вергилиј во превод на Теодосиј Гологанов може да се посочи паратекстуалниот апарат на изданието во кој, освен белешка за авторот, е поместено и соопштение за правилата на епската поезија извлечени од Аристотеловата *Поетика*, што недвосмислено сведочи за задлабочениот интерес што го пројавувал овој наш преродбеник и на полето на книжевната теорија. Изданието со наслов *Дела од Хоратиј* содржи предговор и биографија на авторот, и тоа е организирано во пет дела: *Оди*, *Еподи*, *Сатири*, *Посланија* во кои е претставен репрезентативен избор од поетското творештво на Хоратиј, додека во последниот дел е поместено посланието до Писоните насловено како *Поетска вештина*.

Нешто поинаква состојба во поглед на партиципацијата на античката литература во нашата средина се забележува во текот на втората деценија од XX век, како и во периодот помеѓу двете светски војни (1920 – 1940 год.), кога на страниците на периодичните списанија што излегуваат во Македонија се појавува мошне скромен избор на преводи на дела од класичните јазици на српски јазик, поголем број на прикази за објавени дела од античката литература во соседните земји, како и низа критички интерпретации претежно од српски автори. Сето тоа говори дека, и покрај неповолните општествено-политички и културно-историски услови во кои опстојувала нашата средина од периодот на првата половина на XX век,

[1] Споменатите изданија на преводите на Хоратиј денес се достапни во Народната библиотека „Св. Кирил и Методиј“ во Софија под сигнатурата Ск I 2404, а преводите на Вергилиј се достапни под сигнатурите Ск 101006, Ск I 714/Т.1.кн. 1-3, кн. 2 кн. 4-8. 3. кн. 9-12; Ск I 14769/Т.1.кн.1-3. Во фондот на Народната библиотека „Св. Кирил и Методиј“ во Софија, под сигнатура Ск I 2404, во превод на Теодосиј Гологанов се чува и едно издание со избор од поезијата на Хоратиј со наслов *Съчинения на Хораций* од 1927 год. Изданието *Наръчник на Епиктета или Правила за спокоен живот* од 1923 год, е евидентирано под сигнатура Ск 5958, и тоа се чува во Архивот на Народната библиотека во Софија.

античката литература сепак била достапна преку посредни канали. Тоа се преводите што биле објавувани во соседните земји (Србија, Бугарија) на српски и на бугарски јазик, како и преку објавите за нив што биле публикувани во периодичните списанија за општествени, културни и книжевни прашања, кои се печателе во Скопје на српски јазик во периодот помеѓу двете светски војни: *Месечни преглед* (1925 – 1926 год.), односно *Јужни преглед* (1927 – 1939 год.), потоа и списанијата *Луч* (1937 – 1938 год.), *Јужна Србија* (1922 – 1925 год.) и *Гласник Скопског научног друштва* (1928 – 1940 год.).

2. Античката литература на страниците на периодичните списанија во македонската културна средина од првата половина на XX век

Имајќи ги предвид влијанието на глобалниот општествено-политички контекст врз македонската културна средина од периодот на првата половина на XX век, како и внатрешната состојба на неостварена национална и државна самобитност, рецепцијата на странските литератури во овој период, како што забележува Анастасија Ѓурчинова во својата студија посветена на рецепцијата на италијанската литература во Македонија, „станува феномен од второстепено значење, односно се остварува само во однос на оние дела од странската книжевност кои одговараат на поттикнување на основните стремежи на рецептивната средина“ (Ѓурчинова 2001, 89). Оваа состојба на специфична меѓусебна упатеност на културно-книжевниот живот со идеолошкиот контекст од споменатиот период е карактеристична и во поглед на начините на кои се усвојувала античката литература во споменатиот период. Основа за овие согледувања наоѓаме во објавите во периодиката, каде што се забележува поголемо присуство на трудови посветени на разни теми од тековниот социјален и општествено-политички живот во кои авторите мошне често реферираат на изворен материјал од античката литературна традиција. Тоа се трудови посветени на најразновидни теми од секојдневието во кои авторите се повикуваат на хуманистичките вредности карактеристични за античката доба какви што се, на пример, сфаќањата за државата според размислувањата на древните мислители (Платон) како израз на највисокото човеково добро (Милосављевић 1926, 78). Коментирајќи го совреме-

ниот миг, авторите во своите трудови мошне често се служат и со психагогиските елементи карактеристични за древната реторика. Примери за такви зајмувања наоѓаме во бројните писанија што се однесуваат на селскиот живот во кои препознаваме реминисценции од античката литература или силни влијанија што се инспирирани од начинот на кој древните мислители ги изложувале своите учења според вдахновениот говор на сибилите – екстатичните суштества од хеленската и од римската митологија што ја пренесувале волјата на божеството, а нивниот глас „звучел со божествена вистина во текот на долги векови“ (Милосављевић 1927, 198–204).

Во македонската културна средина од првата половина на XX век во поголем обем се застапени трудови што обработуваат актуелни општествени прашања во кои провејуваат бројни одгласи од мудроста на древните мислители. Таков е примерот со воведот на свечениот говор одржан во Скопје на 29 март 1936 год. по повод прославата на роденденот на Т. Г. Масарик[2] објавен под насловот *Масарик како мислител* од страна на проф. Првош Сланкаменац. Во него авторот се повикува на Платоновите размислувања за човекот и неговата заедница отелотворени преку поимот на правдата од Платоновата спекулативна медитација *Политеја* (Сланкаменац 1936, 218–227). Во еден друг свој текст посветен на педагогијата и на психологијата како науки зависни од практичната философија, споменатиот автор го насочува фокусот кон етичката цел на воспитувањето. Разгледувајќи го развојот на етиката во нејзината дијахрониска перспектива, Сланкаменац во овој труд се осврнува на двата основни етички правци: интелектуалистичкиот тип за чијшто зачетник го посочува Сократ и хедонистичко-утилитаристичкиот правец во воспитувањето, своевремено зачнат од Епикур, и на тој начин допира до поаѓалиштата на оваа дисциплина поставени уште во антиката според размислувањата на споменатите мислители (Сланкаменац 1924, 993–940).

Освен бројните статии во кои провејуваат одгласи од аналитичките трактати на древните автори, уште побројни се оние објави посветени на проучувањето на материјалната култура на овие

[2] Томаж Гарик Масарик бил чехословачки политичар, социолог и философ.

простори. Овие објави се значајни за нас не само затоа што во нив античката литература е присутна во поголема или помала мера според разни критички изданија на изворните текстови туку и затоа што овие трудови во голема мера ја сензибилизираат свеста за значењето на древната литературна традиција (Грујић 1922, 1–11; Орхановић, Елезовић 1924, 814–822; Вулић 1925, 1–4; Грбић 1927, 280–283; Радојчић 1932, 243–252; Грбић 1938, 17–22). Сепак, и покрај тоа што при проучувањето на разните аспекти на општествениот живот авторите во своите истражувања користат разновидни извори какви што се *Codex Theodosianus* во редакција на Теодор Момзен, *Codex Justinianus* во редакција на Кругер, како и Белешките на императорот Јустинијан (*Novellae imp. Iustiniani*) (Гранић, Б. 1924а, 665–675; Гранић, Б. 1924б, 756–761; Гранић, Б. 1924в, 833–837; Гранић, Ф. 1929/30, 77–81; Гранић, Ф. 1931, 43–50), сепак, во некои случаи регистрираме и погрешно толкување на изворите од античката литература каков што е случајот со посочувањето на Херодот како извор за проучување на организацијата на животот на Словените во задруги (Арсић 1937, 162).

Треба да се спомене дека истражувачите на древното минато од првата половина на XX век посебно внимание му посветувале на прашањето за влијанието на хеленската култура во Македонија поради близината на хеленските колонии во Термајскиот Залив, преку проучување на општествените услови во хеленизираната Македонија, која кон крајот на III и почетокот на II век пр. н. е. под своја управа имала и дел од територијата на денешна Р. Македонија. Во рамките на проучувањето на овие влијанија авторите го истражуваат ширењето на хеленскиот јазик. На тој начин актуализираат мошне специфични историско-културолошки теми, кои во преден план ја истакнале идејата за евидентирање на хеленските дијалекти што биле во говорна употреба во античкиот период во Македонија. Овие размислувања од една страна резултирале со изготвување на своевидна „лингвистичка карта“ во која се каталогизирани илирскиот, тракискиот, хеленскиот, латинскиот, античкиот македонски јазик и понекој келтски дијалект како говорни јазици во античкиот период на територијата на Јужна Србија, т.е. Македонија, а од друга страна го отвориле прашањето за меѓусебното влијание на овие говорни јазици, насочувајќи го вниманието кон релацијата

на хеленскиот јазик врз другите говорни јазици (Марић 1935, 297–302). Со сличен интерес е проследено и прашањето за ширењето на латинскиот јазик, кое е нотирано и во една друга статија, која, всушност, претставува приказ на римското освојување на Балканскиот Полуостров. Но, ниту во овој случај прашањето за навлегувањето на латинскиот јазик на овие простори не е опширно разработено од причина што за конечното решавање на проблемот авторот ја посочува неопходноста од изготвување на подробна студија на картографски фиксирани наоѓалишта на латински натписи, како и на студија посветена на хеленски натписи со латински имиња (Гранић, Ф. 1935, 373–378).

Освен кон духовното културно наследство, во студиите што се објавуваат во македонската културна средина во овој период е посветено внимание и на проучувањето на античката материјална култура и утилитарните предмети меѓу кои, во оваа прилика, како примери можат да се издвојат проследувањата на потеклото на називите за кантарот и потковицата. Етимолошките потсетници во студиите на Сима Тројановиќ го објаснуваат називот на справата за мерење како среднолатински (centenarium), кој бил прифатен од Хелените (κεντηνάριον), а преку нив со асимилација навлегол и во турскиот јазик (kantar), од каде што подоцна, без поголеми промени, зборот се проширил и во словенските јазици[3]. За разлика од етимолошкото проследување на кантарот, потеклото на потковицата се согледува далеку наназад низ историјата, уште од времето на египетските фараони. Разгледувајќи ја етимологијата на овој збор според називот на навлаките што се користеле на копитата на коњите, авторот ги доведува во врска со обувките што ги користеле Римјаните, а ги нарекувале *калцеи* (calceus, -ei) – назив што сосема одговара на словенското *калчунки*. Сепак, во овој осврт појавата на потковицата во Европа е посочена како мошне нејасна од причина што Ксенофонт во своето дело *За јавањето* (*Περὶ Ἱππικῆς*), иако опширно говори за сопствената коњска опрема и за онаа на војската, на ниту едно место не споменува ниту збор за потковицата или за потковувачот (Тројановић 1923, 283–290).

[3] Спореди кај Таховски, Ѓ. Анастас (1951), *Грчки зборови во македонскиот народен говор, прилог кон етимолошкиот речник на македонскиот јазик*, Филозофски факултет, Посебни изданија, книга I, Скопје.

Мошне интересни истражувања посветени на обожувањето на реките и на воспоставувањето на култовите на водата на овие простори преку процесите на индивидуација наоѓаме во студијата *Култот на реките во древните религии – Вардар како божество* од Војин Хаџи Поповиќ. Поаѓајќи од изворишта на хеленската и на римската духовност, авторот прикажува бројни примери од светската историја за персонифицирани претстави на реката како водено божество, какви што се на пример претставата на реката Дунав на Трајановиот столб или обичајот запишан од Херодот што се однесува на принесувањето жртва со давењето бели коњи при минувањето на реката Стримон. Освен бројните примери на оваа тема од хеленската митологија според записите во делата на Хесиод, Хомер, Страбон, Плиниј, Хаџи Поповиќ со овој напис му посветува посебно внимание на речното божество Аксиос (Вардар). Ова божество е претставено како син на Океан и на божицата Тетида и првенец меѓу македонските речни богови. Кај Хомер, Вардар (Аксиос) е маж, татко и дедо. Негова жена е Перибоја, најстарата ќерка на кралот Акесамен, основачот на некоја стара, непозната македонска населба со истото име и родоначалник на кралска куќа што подоцна владеела на овие простори. Како син на Аксиос е претставен Пелагон, според кого Хелените го изведувале потеклото на Пелагонците, пајонското племе според кое рамнината Пелагонија го добила своето име. Авторот во трудот посочува дека меѓу припадниците на оваа фамилија со најголема слава се стекнал Астеропај, син на Пелагон и внук на Аксиос. Опишан како храбар витез, најсилен и најизраснат меѓу тројанските и ахајските војници, тој бил водач на Пајонците, кои како сојузници на Пријамовиот народ се бореле под бедемите на Троја.

Овие процеси на персонифицирање на Вардар како најголема река во Македонија и процесите на хероизирање на неговото потомство според литературните извори (*Илијада*) авторот ги потврдува и со претставите на спомениците од движната материјална култура какви што се на пример монетите од времето на Трајан, од ковницата во Стоби, пронајдени близу устието на Црна Река во Вардар, на кои реките се прикажани како полуголи и брадосани младичи (Хаџи Поповић 1924, 537–548).

Освен преку присуството на класичната мисла во споменатите објави, поцелосна претстава за процесот на рецепција на античката литература во македонската културна средина од првата половина на XX век добиваме преку прегледот на публикуваните прикази за објавените дела од античката литература во соседните држави, преку преводите од античката литература што кај нас ги евидентиравме во мошне ограничен обем, притоа исклучиво на страниците на периодичните списанија, како и преку бројните објавени интерпретации и студии, меѓу кои важно место заземаат оние со книжевно-компаративистички и философско-културолошки предзнак.

2.1. Прикази за објавени дела од античката литература во периодичните списанија

И покрај тоа што неповолните историски услови и општествениот контекст од првата половина на XX век ја објаснуваат состојбата на отсуство на преводи од класични автори на македонски јазик, евидентно е дека македонските читатели, сепак, остварувале контакт со античката литература преку преводите што биле објавувани во соседните земји. Пласирањето на информациите за овие изданија во периодичните списанија што се објавувале во Македонија, освен што претставуваат израз на еден сегмент од литературниот живот во македонската културна средина, воедно го поставуваат прашањето за достапноста на книгата и начините на нејзиното ширење на овие простори од споменатиот период. Во тој поглед драгоцени податоци изнесува Делимир Лазаревиќ во неговата статија *Што се читало во Јужна Србија пред половина век*. Осврнувајќи се на основните канали на ширење на книгата во овие краишта, авторот посочува информации за лектирата што била актуелна во Македонија на истекот на XIX и во првите декади од XX век. Од неговата објава станува јасно дека популарноста на одредено дело претставувала резултат на повеќе фактори, меѓу кои како важечки критериуми биле земани предвид односот кон книгата, состојбите со цензурата и феноменот на т.н. сталешко читање, според кој распространувањето на книгата и оформувањето на читателската публика во Македонија се одвивале во рамките на општествените редови на свештенскиот, граѓанскиот и на селскиот сталеж. Како

основни канали преку кои се остварувал книжевниот прилив во студијата се посочени врските што нашата средина ги имала со Србија, Бугарија, Австроунгарија, односно со Виена и Будимпешта. При прегледот на најважните книги од периодот од втората половина на XIX век и првите десетлетија од XX век во Скопје и во другите поголеми градски средини во Македонија, Лазаревиќ како особено популарно издвојува едно дело создадено во духот на епистоларната проза од 1842 год. со наслов *Крин или морални поученија* во превод од германски јазик на Сава Поповиќ. Во дваесетте писма, колку што содржело изданието, биле изнесени познати класични мисли од животот и филозофијата, за кои вели дека ја поттикнувале контемплативната природа на овдешното живеење. Во духот на т.н. епистоларна книжевна форма, која се ценела како импресивна и лесна литература, во делото биле застапени светогледите на познати мислители, поети, филозофи, меѓу кои и оние на древните книжевни автори и мислители како Вергилиј, Сократ, Сенека, Помпеј, Катон, Аристотел, Платон и др. (Лазаревић 1930, 395–399).

Посредни контакти со древната литературна традиција согледуваме и во објавата на Чедомир Тодоровиќ посветена на изданието со наслов *Јустин Филозоф и маченик, најзначајниот писател од II век* од д-р Марко Микијељ во издание на белградската книжарница Рајковиќ и Ѓуровиќ од 1928 год. Римскиот историограф Јустин во делото на Микијељ е претставен како филозоф и христијански апологет, чија книжевна оставина имала големо значење и вредност за авторите и мислителите од средниот век, кои го славеле според длабочината на духот и ширината на неговите теориски концепции. Иако во самото соопштение Тодоровиќ не наведува прецизни податоци за класичното дело што го обработил Микијељ, станува јасно дека неговата оцена за римскиот историограф се однесува на списокот на Јустин познат како *Краток приказ на Филиповата историја од Трог Помпеј* (*Trogi Pompei historiarum Philippicarum epitome*), кој уште во антиката го засенил оригиналот според кој се угледувал авторот. Самата студија на Микијељ е оценета како мошне интересно четиво благодарение на сликовитиот начин на кој се претставени културно-општествените и социјалните услови од времето на Јустин, и поради тоа, таа е топло препорачана на читателите (Тодоровић 1928, 231).

Првите известувања за конкретни објави на дела од античката литература во македонската културна средина во првата половина на XX век ги наоѓаме во еден приказ што се однесува на излегувањето од печат на неколку дела од хеленските трагедиографи Ајсхил и Софокле под заедничкиот наслов *Одбрани трагедии*. Благодарение на него денес знаеме дека со ова издание на пошироката јавност ѝ биле достапни Ајсхиловите трагедии *Прикованиот Прометеј* и *Агамемнон* и Софоклеовите дела *Цар Ојдип* и *Антигона* во слободен, но, како што оценува авторот на белешката, точен превод од оригиналот на Милош Ѓурић. Овие дела биле придружени и со мошне корисен предговор на д-р Веселин Чајкановиќ, насловен како *За трагичката поезија и трагичкиот театар кај Грците* (Љотић 1927, 38–41).

Во оваа низа претставувања на објави посветени на античката литература, внимание привлекува и огласувањето на Петар Митропан, угледниот професор и уредник на книжевното списание *Јужни преглед*, по повод објавата на две дела од античката литература. Неговото известување се однесува на трудот на Димитрие Фруниќ, професор и книжевник од Скопје, познат како совесен и трудољубив преведувач и љубител на класиката, кој приготвил и отпечатил мошне вкусно опремена книшка составена од преводи на дела од Ксенофонт и Лукијан. Сепак, од приказот не е сосема јасно точно за кои преводи на дела од овие автори станува збор, бидејќи авторот претходно го споменува фактот дека Фруниќ „прв нашол во Скопје издавач за своите книги: *Монтењеви огледи* и *Билитисини песни*“, така што во оваа прилика останува да се одбележи изнесената оцена за делото како своевидна „гозба без јадење и пиење“, која преведувачот ја посветил на своите скопски пријатели – интелектуалци. Во приказот внимание привлекува и известувањето за воведната расправа со наслов *За мудроста на старите*, како и препораката до наставниците и до учениците од средните и од стручните училишта да го користат ова дело како помагало во изучувањето на класичното минато (Митропан 1929, 355–356).

Присуството на античката литература во образовниот процес го следиме и преку објавата на Душан Недељковиќ за, како што самиот вели, џиновскиот труд со наслов *Преглед на историјата на филозофијата од најстарата до најновата доба* од д-р Борислав Лоренц. Од информативната белешка дознаваме дека трудот бил мотивиран од

потребите на образовниот процес, а според концепцијата делото имало за цел да ги кондензира на едно место идеите и размислувањата на познатите философи. Во него биле застапени размислувањата на едни од првите мислители – Талес и Хераклит, па, преку размислувањата на Платон и Епикур, во него биле поместени неколку согледби за расправите на св. Августин, Декарт, Хегел, Бергсон и др. Овој своевиден преглед на целокупната европска философска мисла бил изготвен на 180 страници во мал формат, при што Недељковиќ како недостаток го посочува занемарувањето на историско-генетичката врска помеѓу разните философски појави, правци и школи, а како пример за тоа го издвојува поместувањето на Хераклит во прегледот пред Зенон од Елеја, иако Ефешанецот му претходи безмалку еден век на Елеецот (Недељковић 1928, 275–277).

Како уште едно образовно помагало може да се смета и делото на Вил Дурант во превод на Милош Ѓуриќ за кое известува К. Н. Милутиновиќ. Од приказот посветен на ова издание со наслов *Умот царува* дознаваме дека во него биле изнесени животите и мислењата на големите философи, кои ги одредувале патиштата по кои философијата вникнувала во секојдневниот живот. Служејќи се со претставите од хеленската митологија, авторот ја обликувал оваа книга како панорамски преглед на размислувањата на оние, како што самиот ги нарекува, „најумни Тезеи“ што, во бескрајната лавиринтска мрежа на појави, го пронашле Минотаурот на незнаењето и го совладале. Прегледот на изложените учења започнува со философската мисла на Платон и Аристотел, а продолжува со размислувањата на Бекон, Спиноза, Волтер, Кант, Шопенхауер, Ниче, Спенсер и др. (Милутиновић 1932, 307–309).

Мошне интересна студија посветена на помалку познатиот мисловен хабитус на Аристотел изнесува и Радиша Стефановиќ со неговата статија со наслов *Од психологијата на соништата*. Во неа Аристотеловите размислувања околу феноменологијата на сонот се поставени во релација со Платоновите сфаќања на оваа тема, како и со согледбите на некои современи мислители што се занимавале со оваа проблематика каков што е Санте де Санктис, еден од основачите на италијанската невропсихијатрија и проучувач на психологијата на сонот, и неговиот сонародник, италијанскиот философ Анцело Моссо (Стефановић 1926, 81– 83).

Прегледот на периодичните трудови во кои провејуваат силни одгласи од античката литература го завршуваме со кусиот приказ со наслов *Платон, Мисли за воспитувањето* посветен на Платоновата воспитувачка доктрина, објавен како издание на едицијата *Современа педагошка библиотека*. Во него е даден осврт на филозофската дејност на Платон, кој во историскиот развој на европската култура и мисла прв во своите дела изложил цел еден педагошки систем, најголем дел во дијалогот *Политеја*. Од содржината на приказот станува јасно дека Платоновата *Политеја* не била во целост преведена и објавена поради недостиг на средства, та од тие причини на пошироката јавност ѝ бил понуден делот во кој Платон ја развива својата теорија за организацијата на воспитувањето во идеалната држава. Во однос на самиот превод, авторот на приказот искажува висока оцена за неговата изведба, оценувајќи го како течен и лесно читлив текст (M. J. 1939, 248).

2.2. Преводи од античката литература на страниците на периодичните списанија од првата половина на XX век

Првите расположливи податоци за објави на дела од античката литература во македонската културна средина во периодот од првата половина на XX век ги наоѓаме на страниците на списанието *Јужни преглед* од 1935 год., каде што, во рамките на еден избор на поезија насловен како *Одломки од поетите*, заедно со стихови од Шекспир, Данте и *Ригведите*, се објавени две песни од Хоратиј во превод од латински јазик на д-р Бранислав Петрониевиќ (Хоратиј 1935, 442–443). Станува збор за познатата ода *Паметник*, објавена под насловот *Хорацијева бесмртност* (Hor. *Od*. 3.30), и за петнаесеттата епода *Кон Неајра* (*Ad Neaeram*) (Hor. Epode XV), приопштена под насловот *Хорације Неери* (Хоратиј 1935, 442–443), обете во превод на српски јазик.

Следната евидентирана објава на превод на дело од античката литература во нашата културна средина се однесува на дел од епилионот *Хероја и Леандер* од хеленистичкиот поет Мусај во препев од старогрчки јазик на Растислав Мариќ од 1938 год., објавен на страниците на списанието *Јужни преглед* (Мусеј Граматик 1938, 156–160). Од вкупно 340 хексаметри, колку што содржи делото, пред

македонската публика во оваа прилика се претставени првите 194 стихови во метричката стапка на дактилскиот хексаметар.

Во контекст на евидентирањето на објавените дела од античката литература во нашата средина, интересна за одбележување е и појавата на седум стихови (830–837 стих) од Плаутовата комедија *Трговец* во оригинал на латински јазик[4] како предлошка кон една пообемна студија со наслов *Ларизам и крсна слава* (Трухелка 1929/30, 1–34). Посветувајќи го своето истражување на феноменологијата на ларите како едни од најценетите семејни божества, Трухелка со овие стихови се повикува на сцената од споменатата фарса во која Плаут ја прикажува пријатната и симпатична личност на божеството за кое вели дека е останато во жив спомен на народот и на неговите обичаи насекаде по западниот Балкан. Она што е значајно да се истакне во оваа прилика е тоа дека, при истражувањето на култот на ларите како божества што се грижеле за семејството и за неговиот имот надвор од куќата/домот, авторот длабоко навлегува во римската култура, осветлувајќи притоа низа прашања околу некои основни поими што се однесуваат на древната римска религија, на

[4] Limen superum imferumque, salve, simul atque vale;
Hunc hodie postremum extollo mea domo patria pedem.
Usus, fructus, victus, cultus iam mihi harunc aedium
Intterrumptust, interfectust, alienatust. Occidi!
Di penates, meum parentum familia Lar pater,
Ego mihi alios deos penatespersequar alium Larem,
Aliam urbem, aliam civitatem: ab Atticis abhorreo!

Станува збор за монологот на ликот Харин од првата сцена на петтиот чин:

„Прагу горен и долен, здраво и, во исто време, збогум!
Оваа нога денеска за последен пат ја ставам во татковиот ми дом.
Уживањата, радоста, користа, задоволството, од ова огниште
за мене се веќе завршени, уништени, туѓи. Јас сум мртов човек!
Богови пенати на моите родители, оче лару фамилијарен,
[вам ви ја доверувам судбината на моите родители,
добро да ја чувате и браните]
Јас други богови пенати, друг лар ќе стекнам
и друг град, држава друга. Омразена ми е Атика сега.

Плаут (2003), 61. Препев: Миле Богески.

култот на покојникот во Стариот Рим, како и на значењето на ларите преку неколку примери од други дела на Плаут. Имено, освен преку ликот на Харин од фарсата *Трговец*, култот на ларите во студијата се согледува и преку ликот на Каликле од комедијата на семејниот живот – *Трите гроша*, а преку ликот на стариот Дајмон уште и во делото *Јаже*. Покрај делата на Плаут, Трухелка користи богат изворен материјал и од делата на бројни други древни книжевници, па така, значењето на ларите се согледува според делата на реторот Арнобиј од III/IV век н. е., на римските граматичари Вериј Флак од времето на Август и Тиберије и Флугентиј од V/VI век. Земени се предвид сведоштвата за ларите и во делата на поетите Варон, Тибул, Овидиј, Прудентиј, Мартијал, како и сфаќањата за нив според размислувањата на Светониј, Кикерон и др. Ваквиот приод му овозможува на авторот да го согледува ширењето на култот на ларите како корелат на ширењето на римската власт на Балканот, при што крсната слава се согледува како негова христијанизирана форма (Трухелка 1929/30, 22).

2.3. Античката литература во книжевно-компаративистичките студии на страниците на периодичните списанија од првата половина на XX век

И покрај повеќе од скромното присуство на преводи на дела од античката литература што се појавуваат во македонската културна средина од почетокот на XX век, при прегледот на периодичните списанија особено внимание привлекува поголемото присуство на студии со критичко-толковен карактер. Во оваа група трудови ќе ги споменеме теоретските спекулации содржани во студијата *Гетеовиот хеленизам* од Аница Савиќ-Ребац посветена на влогот што го има хеленската антика во делата на Јохан Волфганг Гете (Савић-Ребац 1933, 124–128) и книжевно-компаративната студија од хрватскиот класичен филолог Тон Смердел во која се проследува еден книжевен мотив во делата на Иво Војновиќ и на Хоратиј (Смердел 1939, 174–180).

Студијата на Савиќ-Ребац претставува предавање што било одржано на академијата на 22 март во чест на Јохан Волфганг Гете. Во неа авторката ги изнесува своите согледувања за начините на кои

се создавала симболичката вредност на Хелада низ времето, притоа, не само како резултат на она мобилизирање на интересот на широките кругови за вредностите на антиката, што го препознаваме како специфична карактеристика на демократизирачките процеси што се одвивале во периодот на ренесансата, туку, пред сè, како резултат на преплетувањето на духовните струења на поединецот со културните вредности на антиката. Во своите согледувања Савиќ-Ребац ја проследува Гетеовата напоеност со културните струења од античкото минато на три рамништа: поаѓајќи од самиот вроден првобитен карактер на Гетеовата духовна и морална личност преку динамичкото рамниште со кое се овозможува увид во развојот на основните особини и уметничкиот ангажман на Гете под влијанието на духот на антиката, сè до креирањето на претстава за хеленскиот животен стил како надвременски идеал (Савић-Ребац 1933, 126). И покрај тоа што поголемиот дел од творештвото на Гете е длабоко инспирирано од антиката, сепак, земени во својата суштина, неговите дела во овој труд не се подведени под строгата определба како класицистички дела. Оттука, најраниот творечки период, во кој Гете, одушевувајќи се од пеењето на Пиндар, влегува во светот на антиката, Савиќ-Ребац го определува како *хеленизам на инспирацијата* токму според химните што Гете ги создал по углед на хеленската лирика, меѓу кои како најтипично е издвоено делото *Прометеј*. Во второто толковно рамниште, именувано како *хеленизмот на хуманоста и душевниот склад*, Ребац ги вбројува оние дела што според неа се најблиски до класицистичката ориентација, меѓу кои централно место зазема *Ифигенија*, додека во она што го определува како трето духовно рамниште, односно во *Гетеовиот хеленизам на длабоко знаење и животно искуство* ги поместува подоцнежните дела од зрелиот период на Гете какви што се *Валпургиска ноќ* и *Пандора*.

Во книжевно-компаративистичката студија насловена како *Проблем на методот*, Тон Смердел ја истражува индиректната сличност на мотивот на човековото тежнеење за создавање на посебна државна заедница во која љубовта и слободата го овозможуваат подобриот живот. Со овој мотив, кој накратко може да се определи како бегство во нова стварност, Смердел го согледува дистанцирањето на Хоратиј од трагичната стварност според идиличниот карактер на златната доба воспеан во неговата шеснаесетта епода,


наспроти познатата сцена од првиот дел на *Дубровничката трилогија* на Иво Војновиќ, каде што ликот Орсат, немоќен да ги наговори првенците да дадат отпор, според настаните од 1806 год., кога Дубровник ја губи самостојноста и слободата, предложува целиот град да емигрира и да насели некој хеленски остров.

2.4. Античката литература во философско-културолошки студии објавувани на страниците на периодичните списанија од првата половина на XX век

Првиот податок за објавено монографско издание од областа на класичната филологија во Македонија го евидентираме кон крајот на триесеттите години од XX век, кога во 1937 год. како објава на печатницата *Јужна Србија* од Скопје излегува трудот *Аристотеловата катарса*[5] од хрватскиот класичен филолог Антон Смердел. Книгата претставува пријавена дисертација на докторски испит, која била прифатена на седницата на Советот на Филозофскиот факултет во Белград на 12. 12. 1933 год., според рефератот на членовите на испитниот одбор: д-р Никола Вулиќ, д-р Веселин Чајкановиќ и д-р Милан Будимир.

Смердел во својот труд го обработува проблемот на Аристотеловата катарса во познатата дефиниција за трагедијата од VI глава на списот *За поетиката* според атичките трагедии, другите Аристотелови расправи, како и според филозофската мисла на Платон. Самиот труд е структуриран во четири дела. Првиот дел го истражува текстот на *Поетиката* од разни аспекти, при што вниманието е посветено на прашањата околу датирањето на самиот спис, на историјатот на неговата ракописна традиција, а дадени се и низа други согледби што овој трактат го согледуваат во однос на другите трудови на Аристотел. Во вториот дел е понудена компаративна анализа на Платоновото и Аристотеловото сфаќање на уметоста, додека третиот дел е посветен на исцрпен и мошне значаен преглед на дотогашните толкувања на прашањето за Аристотеловата катарса.

[5] Во Македонија оваа книга е достапна во библиотечниот фонд на Универзитетската библиотека „Гоце Делчев“ во Штип под сигнатура K II 5932.



АНТОН СМЕРДЕЛ

АРИСТОТЕЛОВА КАТАРСА

Дисертација примљена за докторски испит на седници Савета Филозофског факултета Универзитета у Београду од 12 децембра 1933 године, према реферату чланова испитног одбора:

Д-ра **Николе Вулића**, редовног професора
Д-ра **Веселина Чајкановића**, редовног професора
Д-ра **Милана Будимира** ванредног професора

ШТИП

СКОПЉЕ 1937
Штампарија „Јужна Србија", Кеј Краља Александра бр. 46.

Слика 3:
Факсимил од првата страница на изданието *Аристотелова катарса* од Антон Смердел со посвета на авторот до директорот на Првата машка гимназија, г. Стојан Зафировиќ.

Со овие истражувања Смердел го подготвил теренот за четвртиот и последен дел во кој, преку граматички и лексички анализи на поимите со кои Аристотел ја определува трагедијата, одблизу му пристапува на проблемот на Аристотеловата катарса. При испитувањето на поимот *катарса*, Смердел доаѓа до заклучокот дека во дефиницијата на трагедијата кај Аристотел тој не може да се објасни според значењата што ги има во делата на претходниците (на пр. медицинската смисла на поимот кај Хипократ и Гален или етичко-религиозната конотација во делата на питагорејците и Емпедокле),

ниту според значењата што ги има во другите дела на Аристотел, како на пример во *Политика*, каде што на едно место сосема накусо се говори за воспитното катарсично и забавно дејство на разните видови музика. На тој начин доаѓа до заклучокот според кој проблемот на трагичната катарса со средствата што му стојат на располагање останува нерешлив.

И покрај ваквиот заклучок, поширокото значење на трудот на Смердел денес се согледува не само како прва објавена монографија од областа на класичната филологија кај нас туку и како теоретска основа за размислувањата посветени на дефиницијата на трагедијата и катарсата со кои се зафаќа Михаил Петрушевски десетина години подоцна.

Покрај монографскиот труд на Смердел посветен на едно од најгорливите прашања не само во областа на класичната филологија туку и во на неа блиските хуманистички дисциплини какви што се етиката, естетиката, психологијата и др., како објави во периодичните списанија во Македонија од средината на дваесеттите години до четириесеттите години на XX век следиме и низа културолошки ориентирани трудови што се занимаваат со разни аспекти на античкото минато. Таков е трудот *Јавните игри кај старите Римјани* од М. Кокиќ, кој понудува своевидна систематизација на јавните приредби (како сценски, циркуски, амфитеатарски, гладијаторски и гимнастички игри, како и на натпреварите во возење двоколка и оние од областа на музичката вештина (свирење цитра, флејта)). Сосем очекувано, со посебно внимание се проследени театарските игри за кои авторот на статијата известува дека биле воведени во Рим од „Теренциус Ливиус Андроникус околу 260 г. пред Христа“ (Кокић 1929, 27–30), а во продолжението на трудот (Кокић 1929, 77–82) известува и за имињата на двајца хеленски изведувачи на драми, Деметриј и Стратокле, кои во времето на Јувенал биле славени како актери на комедии. Од другите теми со кои се зафаќа Кокиќ при проучувањето на игрите и нивните модели како аспект на јавниот живот во антиката, внимание привлекуваат податоците што ги изнесува за исплатливоста на актерската професија пронаоѓајќи ги своите аргументи на оваа тема според податоците во говорот на Кикерон изнесен во одбрана на актерот Квинт Роскиј (Истото).

Наредната студија во која е вклучен богат изворен материјал од античката литература претставува трудот *Историјата на афионот и опиумот* од инж. Никола П. Каванецкиј. Со неа авторот дава преглед на податоци за афионот во хеленската литература – поаѓајќи од Хомеровата *Одисеја* според Шпренгел, каде што ова растение се согледува како лек против тагата (*Farmacon nepenthes*), преку лириката на поетот Теокрит во која се зачувани сведоштва за декорот составен од афионови венци на свадбените свечености што се одржувале на Сицилија, сè до творештвото на Овидиј каде што афионот се споменува како средство за успивање и како лек против лакомоста. Освен Хипократ, како први истражувачи што навлегле во суштината на ефектот на афионот, т.е. на опиумот во студијата се посочени следбениците на Демокритовата филозофска школа – Диагор и Диокрит, додека Херофил и Еразистрат, основачите на сопствени филозофски школи во Александрија, се посочени како противници на употребата на ова растение. Авторот го пренесува и податокот дека афионот бил мошне популарен лек во времето на Плиниј (Каванецкиј 1929, 385–394).

Во *Гласникот на Скопското научно друштво* наидуваме и на студијата *Народни верувања за убивањето на возрасните луѓе (географско-етнографски споредби)* од Војислав Радовановиќ во која авторот обилно се служи со делата од античките автори. Неговото антрополошко-филозофско истражување на оваа тема претставува пресек на народните традиции на територијата на Динарската област, Србија и Македонија, а на поопшт план овој обичај се согледува и во широката перспектива што ја нудат извештаите за неговото практикување во разни делови на светот (Америка, Африка, Австралија, Индија). Како претходници на обичајот се посочени известувањата кај Херодот за неговата примена кај кавкаско-касписките, иранските и индиските народи. Други наводи за обичајот Радовановиќ посочува уште и во делата на Страбон, Плиниј Постариот и неговиот современик Помпониј Мел, а посредно, преку О. Шрадер, ја пренесува и поговорката „Sexagenarii de ponte“[6], која ја објаснува според праставриот обичај на фрлање на шеесетгодишни старци во реката Тибар. Шрадер, инаку, ова објаснување го извлекува од исказот на Кикерон,

[6] „Шеесетгодишниците од мостот“.

а кој Радовановиќ дословно го пренесува на латински јазик: „Habeo etiam dicere, quem contra morem maiorum, minorem annis LX, de ponte in Tiberim deiecerit“[7]. Слични известувања Радовановиќ посочува и во делата на други антички автори. Како илустрација ќе ги наведеме римските книжевници Фест[8] и Силиј Италик[9] од I или II в. н. е. (Радовановиђ 1929/30, 309–346).

Заклучок

Проследувањето на античката литература во македонската културна средина во текот на првата половина на XX век покажа дека партиципацијата на оваа литературна традиција се одвивала во мошне специфични услови, кои се должат на нецелосно остварената политичка и државна еманципација. Во споменатиот период не се евидентирани податоци што дозволуваат да се говори за преводна рецепција на дела од античката литература на народен македонски јазик. Во овие услови античката литература во нашата средина е присутна на неколку рамништа. Преку преводите на соседните словенски јазици, пред сè на српскиот, хрватскиот и бугарскиот јазик, а потоа и преку преводи на словенечки и во помала мера на руски јазик, но и како изворен материјал на кој се повикуваат истражувачите во своите трудови со најразлична тематска ориентација што се објавуваат во периодичните списанија во Македонија од овој период (*Месечен преглед*, *Јужни преглед*, *Јужна Србија*, *Луч* и *Гласник Скопског научног друштва*).

Што се однесува до прашањето за преводната рецепција на античката литература, може да се каже дека она сосем малку што е објавено во македонската културна средина од овој период го наоѓаме на страниците на периодичните списанија како скромен избор на преводи на српски јазик од лириката на Хоратиј и епилионот *Љубовта на Хероја и Леандер* од граматичарот Мусај. Во овој

[7] „Можам да ви дадам пример за еден човек, кој, спротивно на обичаите на нашите предци, иако помлад од шеесет години, се фрлил од мостот во Тибар“.

[8] Фест бил римски граматичар од крајот на II в. н. е.

[9] Силиј Италик (25–101 г.) бил римски консул, говорник и епски поет од I в. н. е.

контекст треба да се спомене преведувачката дејност на македонскиот општественик Теодосиј Гологанов. Таа се однесува на објавите на *Енеидата, Буколиките и Георгиките од Вергилиј* од 1911 год., *Правилник на Епиктет или правила за спокоен живот* од 1923 год. и изборот на *Дела од Хоратиј* од 1927 год. во Бугарија на бугарски јазик.

Библиографија

Арсић, Б. (1937), 'Наше село и сељаштво', *Луч* 5, 161–170.

Виргилий, *Енеидата, Буколикитъ и Георгикитъ прѣведени въ проза и издадени отъ бившия скопски митрополитъ Ѳеодосий*, Печатница „Балканска Трибуна", София, 1911.

Вулић, Н. (1925), 'Територија римског Скопља', *ГСНД* 1, 1–4.

Гранић, Б. (1924а), 'Основи државног устројства источно-римске (Византијске) Империје', *ЈС* 38/39, 665–675.

Гранић, Б. (1924б), 'Основи државног устројства источно-римске (Византијске) Империје', *ЈС* 40/41, 756–761.

Гранић, Б. (1924в), 'Основи државног устројства источно-римске (Византијске) Империје', *ЈС* 42/43, 833–837.

Гранић, Ф. (1929/30), 'Акт оснивања манастира у грчким областима позноримског царства у V и VI веку', *ГСНД* 3–4, 77–81.

Гранић, Ф. (1931), 'Отмица (ἌΡΠΑΓΗ, RAPTUS) у грчко-римском праву', *ГСНД* 11, 43–50.

Гранић, Ф. (1935), 'C. Patch, *Beiträge zur Völkerkunde von Südosteuropa. V. Aus 500 Jahren vorromischer und romischer Geschichte Sudosteuropas. 1. Teil. Biz zur Festsetzung der Romer tn Transdanuvien*. Wien und Leipzig, Hölder – Pichler – Tempsky A.- G.', *ГСНД* 15, 373–378.

Грбић, М. (1927), 'Архајска некропола код Требеништа на Охридском језеру', *ГСНД* 3, 280–283.

Грбић, М. (1938), 'Три касноантичка портрета из Јужне Србије', *ГСНД* 19, 17–22.

Грујић, Рад. М. (1922), 'Скопље у прошлости', *ЈП* 1, 1–11.

Димевски, С. (1965), *Митрополитот скопски Теодосиј – живот и дејност (1846-1926)*, Култура, Скопје.

Ѓурчинова, А. (2001), *Италијанската книжевност во Македонија*, ИМЛ, Скопје.

Каванецкиј, Никола П. (1929), 'Историја мака и опиума', *ЈП* 10, 385–394.

Катарциев, И. (1972), во: М. Апостолски и др. (ур.), *Историја на македонскиот народ*, ИНИ, Скопје, 115–227.

Кокић, М. (1929), 'Јавне игре код старих Римљана', *ЈП* 1, 27–30.

Лазаревић, Д. (1930), 'Шта се у Јужној Србији пре пола века читало', *ЈП* 8–9, 395–399.

Љотић, Д. (1927), 'Најновије коло српске књижевне задруге', *ЈП* 1, 38–41.

Марић, Р. (1935), 'Грчки језик античких становника Јужне Србије', *ГСНД* 15, 297–302.

М. Ј. (1939), 'Платон, Мисли о васпитању, превео с грчког Иван Кањух, издала Књижара Рајковић, Београд', *ГСНД* 6–7, 248.

Милосављевић, С. М. (1926), 'Из наших писама (о љубави према ближнима)', *МП* 2, 72–81.

Милосављевић, С. М. (1927), 'Из наших писама (о животу на селу)', *ЈП* 5–6, 198–204.

Милутиновић, К. Н. (1932), 'Причања о философији', *ЈП* 6–7, 307–309.

Митропан, П. (1929), '*Две античке гозбе. Превео и предговор написао Д. Фрунића, Скопље 1929 год.*', *ЈП* 8–9, 355–356.

Мусеј Граматик (1938), *Хероја и Леандар*, превео с грчког Растислав Марић, *ЈП* 4, 156–160.

Недељковић, Д. (1928), 'Преглед историје философије од најстаријег до најновијег доба', *ЈП* 6, 275–277.

Орхановић, С. М. (Бардовци, стр. 814–820), Гл. Елезовић (Арачиново, стр. 820–822), (1924), 'Римски споменици у Скопљу и околини', *ЈС* 42/43, 814–822.

Плаут, *Комедии: Менехми, Скржавецот, Трговец* (*Plautus*, *Menaechmi*, *Aulularia*, *Mercator*), превод од латински јазик Миле Богески, *Заробеници* (*Captivi*), препев од латински јазик Маргарита Бузалковска-Алексова, Евро Балкан Прес, Скопје, 2003.

Радовановић, С. (1929/30), 'Народна веровања о убијању старих људи (географско-етнографска поређења)', *ГСНД* 3–4, 309–346.

Радојчић, С. (1932), 'Извештаји о проучавању Јужне Србије на терену – Менада из Тетова', *ГСНД* 12, 243–252.

Савић-Ребац, А. (1933), 'Гетеов хеленизам', *ЈП* 3, 124–128.

Сланкаменац, П. (1924), 'Педагогија и психологија', *ЈС* 46/47, 993–940.

Сланкаменац, П. (1936), 'Масарик као мислилац', *ЈП* 6–7, 218–227.

Смердел, А. (1937), *Аристотелова катарса*, Штампарија „Јужна Србија“, Скопље.

Смердел, Т. (1939), ‘Проблем мотива (о једном мотиву код Хоратија и И. Војновића’, *ЈП* 5, 174–180.

Стефановић, Р. М. (1926), ‘Из психологије снова’, *МП* 2, 81–83.

Таховски, Ѓ. А. (1951), *Грчки зборови во македонскиот народен говор, прилог кон етимолошкиот речник на македонскиот јазик*, Филозофски факултет, Посебни изданија, книга I, Скопје.

Тодоровић, Ч. Ј. (1928), ‘Оцени и прикази (*Д*-р Марко Микијељ: Јустин Философ и мученик, најзнаменитији писац II века)’, *ЈП* 5, 231.

Тројановић, С. (1923), ‘Народно памћење’, *ЈС* 27, 283–290.

Трухелка, Ћ. (1929/30), ‘*Л*аризам и крсна слава’, *ГСНД* 7–8, 1–34.

Хаџи Поповић, В. (1924), ‘Прилози за прехисторију Јужне Србије. Култ река у старијим религијама – Вардар као божанство’, *ЈС* 33/34, 537–548.

Хорације, *Хорацијева бесмртност*; *Хорације Неери*, с латинског превео д-р Бранислав Петронијевић, *ЈП* (1935) 12, 442–443.

Хораций, *Съчинения*, превелъ митроп. Теодосий, Книгоиздателство книжарница „О. Паисий – С. Василевъ“, Пловдивъ, 1927.

Horace, *Odes and Epodes*, edited by Paul Shorey and Gordon J. Laing, Benj. H. Sanborn & Co, Chicago, 1919.

Ancient Literature in the Macedonian Cultural Milieu from the First Half of the 20th Century

SUMMARY

Darin Angelovski

Institute of Macedonian Literature
Ss. Cyril and Methodius University, Skopje

angelovskidarin@gmail.com

Due to the well-known historical circumstances in which the Macedonian cultural environment persisted in the first half of the 20th century, in this period was recorded total absence of translations of works of ancient literature in Macedonian language.

Despite this situation, Macedonian readers had the opportunity to communicate with this literary tradition indirectly, through the translations of ancient literature in some of the neighbouring languages and through the philosophical and literature – comparative studies published in the periodical magazines that were printed in Skopje in Serbian language during the period between the two World wars.

Key words: ancient literature, periodicals, scholarly articles, review, translation, Macedonian cultural environment

SYSTASIS ISSN 1857-5129
● Е-списание на Здружението на класични филолози „Антика“

UDC: 811.124:37.091.214(497.11)

Latin Curricula, Attitudes and Achievement: An Empirical Investigation[1]

Dragana Dimitrijević

Department of Classics
Faculty of Philosophy, University of Belgrade

dragana_dim77@hotmail.com

ABSTRACT

This study explores interrelations between Latin curricula, students' attitudes and achievement within the Serbian educational system. The study was conducted in June 2016, using a mixed- methods approach, in

[1] The research carried out for writing this paper originated from the project 'Modernization of the Western Balkans' funded by the Ministry of Education, Science and Technological Development of the Republic of Serbia (project no. 177009). I am deeply indebted to Milan Stojanović, the principal of the gymnasium *Stevan Sremac* in Niš, who gave his approval for pursuing this research, as well as Tatjana Zdravković Stojanović and Milena Simonović Jović, Latin teachers in the same school, who collected the data. I would also like to thank Ivana Jeremić, Assistant Professor at the Department for Pedagogy and Andragogy of the Faculty of Philosophy (University of Belgrade), and Jelena Joksimović, PhD student at the Department of Psychology of the Faculty of Philosophy (University of Belgrade), for their help in shaping the very idea of this research and for drafting the questionnaire. When I came to Munich in order to participate in the workshop *Linguistics and Latin learning*, I enjoyed the hospitality of Priv. Doz. Dr Bianca-Jeanette Schröder (Ludwig Maximilian University of Munich), and my sincere thanks also go to her for being such a gracious host. Finally, I would like to express my gratitude to Dr Georgios Chatzelis for improving my English. None of them is to blame for the final result.

which the quantitative element predominated. Six groups of participants were engaged, a total of 146 first-year students attending a gymnasium in Niš (Serbia). In addition, data was collected on the Latin curricula and textbooks. This study demonstrates a strong correlation between Latin curricula, attitudes and achievement, and thus it could contribute to the understanding of the impact of curricula on teaching and learning foreign language.

Keywords: Latin learning, curricula, students' attitudes, achievement, empirical study

1. Introduction

While international traditions of teaching and learning Latin are expected to have some fundamental similarities, there are differences as well. The workshop *Linguistics and Latin learning* organized at the *19th International Colloquium on Latin Linguistics* (24th-28th April 2017, Munich) was valuable in light of overview studies showing that only a minority of comparative analyses relates to more than one country (Johnsen 2014, 268). When we talk of empirical research on Latin learning, we are aware that 'there is on-going debate about the processes of second language acquisition, and that issues are interpreted differently in separate national contexts, and impact differently on national curricula' (Grenfell, Kelly and Jones 2003, 33). Nevertheless, we may speculate that, despite the differences, Latin curricula across Europe and around the world still begin with the advantage of a common core. To make matters more specific, I will now turn to an overview of the history of Latin learning in Serbia.

2. Overview of the history of Latin learning in Serbia

Serbia as an independent country has a respectful tradition of teaching Latin, albeit no longer than a century and a half (Loma 2004).[2] I

[2] While the medieval Serbian elite was expected to know Greek, and the Serbian language was greatly influenced by Greek, the influence of Latin appeared later, and 'never became an important part of the Serbian cultural identity' (Zečević and Ristović 2017, 333). In 1875, the Department of Classics was estab-

will leave aside the case of a much longer tradition of classical education in Vojvodina (Ristović 2017), the north region of Serbia, since this region was part of the Habsburg Monarchy till the end of World War I. In the nineteenth century, as a young European country, Serbia followed the educational trends previously developed in other parts of Europe, especially in France and Germany. Accordingly, before and after World War I, Latin was a compulsory subject in Serbian gymnasiums, as was the case with the rest of Europe. The situation changed tremendously after World War II with the establishment of the communist regime (Jovanović 2013).[3] Gymnasiums were gradually converted into vocationally oriented schools and Latin was in the verge of extinction in Serbia. The Yugoslav communist era ended in the year 1990 and the change in regime resulted in the reforms of the educational system. Gymnasiums and gymnasium curricula began to flourish, the positive results of which are still apparent today. Now Latin is a compulsory subject for all first-grade gymnasium students, apart from the students of the Mathematical Gymnasium in Belgrade.[4] Despite its firm position within the Serbian educational system for more than two and a half decades,[5] there is no empirical research on teaching and learning Latin in Serbia apart from this one.

lished in Belgrade, and it stands as the only institution of its kind in Serbia to the present day. The first professor of Classics who taught at the University of Belgrade was Jovan Turoman (born in 1840 in the village Ustici in the Habsburg Monarchy, died in 1915 in Novi Sad). He devoted himself to organizing learning and teaching classical languages on a firmer basis. For more information about this pioneer of classical studies in Serbia, see Nedeljković 2004.

[3] For the wider picture of the history of classical studies behind the Iron Curtain see, for example, Karsai et al. (2013) and Martirosova Torlone, Lacourse Munteanu and Dutsch (2017).

[4] In addition, Latin is a compulsory subject in some vocationally oriented secondary schools (medicine, veterinary, agricultural, etc.).

[5] The position of Latin within the secondary education system in Serbia is stronger than in most of the countries on the Balkans, including Greece. For the situation in Greece during the '90s see, for example, Mastrogianni (1999). The things got even worse last year in September, when Education Minister announced his intention to scrap Latin from the country's secondary education

3. Theoretical framework

Issues of theory and practice are intimately linked in education throughout its history, but there is also an ever-lasting tension between them. Some authors have already conceived this tension, and argued that educational theory is different from other forms of theory (Hirst 1966). First, educational theory seems quite academic and does not relate directly to what to do in the classroom. Secondly, the channel of knowledge is not reciprocal – academics are telling teachers how to view the world, but teachers do not embrace theory and feel that it has little practical value (Elliott 1991).[6]

Educational theory[7] plays a crucial role at the beginning rather than the end of educational research, because it is indispensable for the conceptualization of the phenomenon under investigation (Biesta 2013, 7). Since Latin curricula are here in the focus, it is important to see how the curriculum is conceptualized in this study.

For a long time, researchers have dwelled on many aspects of curriculum,[8] and the most debated aspect remains that of the definition of a *curriculum*.[9] The definitions expanded to mean either an 'experience' (Tanner and Tanner 1975), or a 'plan' (Pratt 1994). If we follow the former definition, we can say that 'the curriculum is not the intention or prescription but what happens in real situations … Curriculum study is case study' (Stenhouse 1975, 2). The explanation which says that curriculum is 'all the learning which is planned and guided by the

system. According to the new plan, Latin will be replaced with sociology and the measure should apply as of June 2020.

[6] It is unsurprisingly that Latin teachers are not an exception. This assumption is grounded on many informal conversations I have had with Latin teachers in the course of the last two decades, but it should be investigated more rigorously.

[7] Educational theory should be viewed as an amalgam of personal, social and contextual processes (Grenfell, Kelly and Jones 2003, 24).

[8] There is still a lack of a theory of curriculum (Shapiro 2013, 307).

[9] At the same time we should bear in mind that 'definitions of the word *curriculum* do not solve curricular problems; but they do suggest perspectives from which to view them' (Stenhouse 1975, 1).

school, whether it is carried on in groups or individually, inside or out-outside the school' goes in the same direction (Kelly 1983, 10). According to the latter definition, curriculum could be viewed as 'a general over-all plan of the content or specific materials of instructions that the school should offer the student' (Connelly and Lantz 1991, 15). This approach focuses on content, and curriculum is viewed as a body of knowledge. Accordingly, education is the process by which that knowledge is 'transmitted' to students through the most effective methods (Blenkin et al. 1992, 23). Thus, a curriculum could be equated with a syllabus, or, to use the German word, Lehrplan – plan and program of the particular subject. Concepts of curriculum in language education have focused on the distinction between syllabus and curriculum, for there has been the confusion over the distinction between the two terms. It is a common belief that a curriculum includes a syllabus, but not vice versa (Dubin and Olshtain 1986, 3). For example, in Britain, a syllabus refers to 'the content or subject matter of an individual subject', whereas curriculum means 'the totality of content to be taught and aims to be realized within one school or educational system' (White 1988, 4). On the contrary, in the South Eastern European countries a curriculum is usually equated with a syllabus (Radó 2010, 115), which is relevant for this study, since it is conducted in Serbia. Based on the theoretical framework discussed above in this paper the term curriculum is operationally defined as follows: Curriculum is the plan for subject matter, which includes the goals, objectives, content and resources.

While many studies have been undertaken on curriculum implementation in language education,[10] the same does not apply to studies focusing on Latin curricula. It is generally accepted that there are positive correlations between foreign-language achievement and individual difference measures, such as attitudes and motivation, language anxiety, self-confidence etc. However, there is still a lack of research on the relationship between foreign-language achievement and other parts of the teaching and learning process, such as curriculum, and this study hopes to fill this gap. Taking this statement as a point of departure, let us describe the context of the study, its research questions and design.

[10] There has been an increasing interest in English as a second language (ESL) curriculum implementation (Beretta 1990, Fox 2005).

4. The context of the study

The research context is that of Serbian secondary education, where the educational and value system, cultural background, and teaching and learning environments have their own characteristics.

In Serbian gymnasiums Latin teachers usually teach 12 to 18 teaching-hours per week,[11] and each teaching-hour consists of 45 minutes. There are usually between 20 and 30 students in each class (see Table 1). Between 1991 and 2003, two Latin textbooks were published, and nowadays only the textbook written by Pakiž and Dimitrijević (2003) is widely used in most Serbian gymnasiums. There are two types of Latin learners: foreign languages majors (marked with the letter F in this study) and non-foreign languages majors. While a small number of students are enrolled in a foreign language program, non-foreign languages majors constitute the majority of gymnasium students specializing in other disciplines, such as mathematics and social sciences. For all students in Serbian gymnasiums a study of Latin for at least one year is mandatory, whereas only foreign languages majors have Latin during their entire secondary schooling, i.e. four years. At the beginning of the nineties, when Latin experienced its revival to Serbian gymnasiums, education policy makers must have thought that it would be useful to encourage students from foreign language classes (F) to learn Latin thoroughly, including details not suitable for all learners, and to give them more time to accomplish this goal.[12]

5. Research questions and objectives

The initial idea for this research occurred to me when I realized that, despite the fact that all first graders at Serbian gymnasiums learn Latin

[11] It depends on whether they teach in foreign language classes or not. If they do, then they teach 12 hours per week.

[12] It must be said that a discrepancy often exists between what was intended and what is enacted (Bekalo and Welford 2000). Therefore, the curriculum implementation is more complex than it is usually perceived (Fullan and Stiegelbauer 1991). Policymakers may produce policies with good intentions, but unforeseen and unwanted results may occur.

twice a week during the whole school year,[13] there is a significant differ-difference in their Latin curricula. The students from the so-called foreign language classes (marked with the letter F in this study) have a smaller scope of grammar units, and a smaller defined vocabulary than all the other students – the difference is as big as a quarter of the whole grammar and vocabulary defined for the first-grade Latin course. In my opinion, this fact alone deserves some attention and calls for an investigation of its potential consequences on the teaching and learning process.

This study seeks to elucidate the following research questions:

- Does a difference in Latin curriculum – its scope and content – result in differences in students' attitudes and achievement?
- What is the impact of Latin curriculum design in the teaching and learning process?

6. Research design

This paper is based on a study undertaken in the gymnasium 'Stevan Sremac' in Niš. It is therefore a case study, within the specific context of the educational system in Serbia. Nevertheless, its findings might be of interest to Latin teachers, teacher trainers, and foreign language policymakers in other countries as well.

Although the subtitle of the present paper ('An Empirical Investigation') might suggest that this study is grounded in the field of experimental research, its design reveals some sources of experimental invalidity as well (Campbell and Stanley 1966, 8). To begin with, since this study is the one-shot case study, it lacks a repeated-testing setting which became standard in educational research. Secondly, there was no control of intersession history between the experimental groups, and thus unique events in different sessions (the obstreperous joke, the fire

[13] In this research I decided to exclude evidence from the two specialized classes for Classics in Serbia – the first is at the Philological Gymnasium in Belgrade, and the second is at the Gymnasium in Karlovci (founded in 1791, located in Vojvodina), because I think that their curricula in Classics and a comparison with the curricula in other gymnasiums should be the topic for a separate investigation.

across the street, the experimenter's introductory remarks, etc.)[14] might have an impact on the results of the investigation. In order to minimize the effects of this source of invalidity, we tried to randomize of experimental occasions – the investigation was completed within two school days in June 2016, at the same time of the day. Thirdly, although instrumentation was controlled by providing the fixed instrument such as printed test, experimenters/collectors of data were few enough (only two of them) not to be randomly assignable. In my opinion, the fact that both of them (marked with the letter A and the letter B) were engaged in the investigation of the two social studies classes (marked with the letter S1 and the letter S2) minimize this disadvantage, as illustrated in Table 1 (see below).

In this study I employed a 'mixed methods' approach,[15] i. e. both quantitative and qualitative components are incorporated into the research, but they are not given equal status – quantitative components prevail, and I see it as something that should be improved in future research. Namely, the necessity of case study methodology, preferably with qualitative approach, was not something that I started with, but rather came to that later, along with preparing the instrument. At the beginning I thought that it would be enough to have a quantitative approach based on an analysis of variance (ANOVA) procedures. After sharing my thoughts with my colleagues, Ivana Jeremić and Jelena Joksimović,[16] I realized that if I would proceed with that strategy, I would get just statistics, graphicons and numbers, without real teaching and learning experiences. Thus, I have added an open-ended question at the end of the questionnaire.

The data consisted of the questionnaire given to students coupled with documents to address the intended Latin curricula and Latin textbooks. Since no ready-made questionnaire was available for me to

[14] I borrow these examples from Campbell and Stanley (1966), 14.

[15] Mixed methods research has been defined as 'the class of research where the research mixes or combines quantitative and qualitative research techniques, methods, approaches, concepts or language into a single study' (Johnson and Onwuegbuzie 2004, 17). The use of multiple methods to study a single problem is essential to verify the research findings (Creswell 2003).

[16] In the first footnote of this paper I have given their university affiliations.

use in the testing, I designed most of it myself. The questionnaire con-consists of three parts. The first part records participants' marks (average mark and mark in Latin, English and Serbian). The second part tests the sample with a short combined Latin test (vocabulary, understanding and producing sentences) entitled *Language mosaic*.[17] The purpose of the Latin test was to assess students' achievement, to compare them with students' attitudes, and eventually to improve Latin teaching in accordance with the feedback. Accordingly, one of the main purposes of the Latin test was to measure the students' language foundation and their ability to use Latin.[18] The third part examines students' attitudes towards learning Latin, English and Serbian, and ends with an open-ended question. In addition, I collected the information about the scope and content of Latin curriculum for all groups of learners, as well as the textbooks used in the classroom.

7. Sample

The study was based on a sample of 146 first grade students, aged from 14 to 15, of both sexes (males 58 & females 88), enrolled in the different school programs at a gymnasium in Niš (Serbia). Six groups of Latin learners, i.e. six classes were selected for comparison: the first

Во 2 в. по Хр. се сретнуваат повторно Алфидиј, Валериј, Јулиј(а), Маријс, Севиј за кои нема податоци дека биле во сродство со лицата со исти гентилни имиња од 1 в. по Хр. Покрај овие 5, првпат се спомнуваат и Аврелиј, Кајлидиј, Клавдиј, Стертиниј (?) и Флавиј, кој не е од Хераклеја. Освен овој пат, гентилното име Флавиј се сретнува уште еднаш во Хераклеја, во 3 в. по Хр.

3 в. по Хр.

	Име	**Вид на натпис**	**Јазик**
1	Μᾶρκος Αἴλιος	Посвета на Јупитер	старогрчки
2	Μανλία Φοντεία Λούκουλλα Ἀφρικανὰ Μαξίμα	Почесен споменик од којнонот на Македонците	старогрчки
3	Μαρκία Ἀκυλλία	Почесен споменик од синедрите на Македонците	старогрчки

4	Ἀκύλλιος Φαβρικιανὸς Ἄπερ	На почесниот споменик на Маркија Аквилија (татко)	старогрчки
5	Σεπτίμιος Ἰουλιανός	Почесен споменик	старогрчки
6	Σεπτιμία Φλαβία Φιλίππα	Почесен споменик	старогрчки
7	Αὐρήλιος Ἀνδρέας	надгробен	старогрчки
8	Αὐρηλία Ὀλυμπία	надгробен	старогрчки
9	Aurelius Saza	надгробен, 4 в.	латински
10	Aurelia Plactu	надгробен, 4 в.	латински
11	Ailia Chrysaris	надгробен	латински
12	M. Ailius Aurelius	надгробен	латински
13	M. Domitius Glaucus	надгробен	латински
14	Δομιτία Κλέα	надгробен	старогрчки
15	Αὐρήλιος Διογένης	надгробен	старогрчки
16	Αὐρήλιος Φίλα	надгробен	старогрчки
17	Αἴλιος Μέστριος	надгробен	старогрчки
18	Αὐρήλιος Κλημεντῖνος	надгробен	старогрчки
19	Αἰλία Ἀτιλία	надгробен	старогрчки

Во 3 в. по Хр., повторно, најчесто и очекувано се сретнува Аврелиј[16], а другите по првпат: Ајлиј, Аквилиј, Домитиј, Септимиј – 5 гентилни имиња.

Во 2 в. и во 3 в. по Хр. има cognomina изведени од гентилни имиња и додадени на имињата на лица, со што се укажуваат врските на овие лица и со другите фамилии, на пр. Алфидиј Јулијан (2 в.), Септимиј Јулијан, Аквилиј Фабрикијан (3 в.). Освен што имаат ген-

[16] Поради Constitutio Antoniniana од 212 г. по Хр.

тилни имиња, прекарите Јулијан и Фабрикијан укажуваат на врски со фамилиите Јулии и Фабрикии.

Во Хераклеја во периодот од 1 в. до 3 в. по Хр. (вклучително и со двете лица на натписот од 4 в. по Хр.) има 70 лица спомнати на натписи, чиишто имиња се според формулата tria nomina, и се посведочени 30 гентилни имиња.

Римски/латински гентилни имиња од Стибера

1 в. по Хр.

	Име	**Вид на натпис**	**Јазик**
1	Μᾶρκος Οὐέττιος Φίλων	Одлука од Деурионс за тестаментот на М. Ветиј Филон	старогрчки
2	Λούκιος Λουκρήτιος Πούδης	Одлука од Деурионс за тестаментот на М. Ветиј Филон	старогрчки
3	Γάϊος Ἄλλιος	ефеб	старогрчки
4	Κλαύδιος Οὐάλης	ефеб	старогрчки
5	Λούκιος Ἰνστέϊος Γέμελλος	ефеб	старогрчки
6	Μᾶρκος Ἰνστέϊος Ποντικός	ефеб	старогрчки
7	Γάϊος Σκίρτιος Πρόκλος	ефеб	старогрчки
8	Λούκιος Ἀντώνιος	ефеб	старогрчки

Во 1 в. по Хр. во Стибера се сретнуваат гентилиците: Алиј, Антониј, Ветиј, Инстеј, Клавдиј, Лукретиј, Скиртиј (7 гентилни имиња). Три лица немаат cognomina, а од петте што имаат, кај четири лица cognomina им се латински, освен кај М. Ветиј Филон[17] за кој од

[17] IG X.2.2/300.

натписите е познато дека е родум од Стибера и дека стекнал граѓанско право.

2 в. по Хр.

	Име	**Вид на натпис**	**Јазик**
1	Π. Ἀνθεστία Φοῦσκα	натпис и биста во храм на Тихе	старогрчки
2	Π. Ἀνθέστιος Τρόφιμος	храм на Тихе	старогрчки
3	Π. Ἀνθέστιος Χρῆστος	храм на Тихе	старогрчки
4	Λούκιος Ἰνστέϊος Οὐαλεντῖμος	ефеб	старогрчки
5	Μᾶρκος Ἰνστέϊος Μέμμιος	ефеб	старогрчки
6	Μᾶρκος Ἰνστέϊος Κασσιανὸς Φιλόξενος	ефеб	старогрчки
7	Μᾶρκος Ἰνστέϊος Ὀρέστης	ефеб	старогрчки
8	Μᾶρκος Ἰνστέϊος Δομέστιχος	ефеб	старогрчки
9	Ἰνστεία Νικόπολις	Почесен, мајка на Инстеј Александар	старогрчки
10	Ἰνστέϊος Ἀλέξανδρος	почесен	старогрчки
11	Ὀκταβιανός Ἰνστειανός Ἀττικός	надгробен	старогрчки
12	Γάϊος Ἰούλιος Καπίτων	храм на Тихе	старогрчки
13	Κ. Ι. Μάξιμος	ефеб	старогрчки
14	Μᾶρκος Οὐέττιος Νείκαρχος	Тестамент на А. Фуска	старогрчки
15	Μᾶρκος Οὐεττιος Ὀνήσιμος	ефеб	старогрчки
16	Σεπτίμιος Μέστριος Λύκος	Македонијарх	старогрчки
17	Σεπτίμιος Μέστριος Ἀτορνεῖλος	Син на македонијархот	старогрчки
18	Τειφανία Ἀνθεστία	храм на Тихе	старогрчки
19	Τειφανία Νείκη	храм на Тихе	старогрчки
20	Λούκιος Τειφάνιος Πούδης	храм на Тихе	старогрчки

21	Λούκιος Τειφάνιος Φοῦσκος	храм на Тихе	старогрчки
22	Τίτος Φλαούιος Ὑγεῖνος	надгробен	старогрчки
23	Τίτος Φλαούιος Τειφάνιος	надгробен	старогрчки
24	Τίτος Φλαούιος Φιλόξενος	надгробен	старогрчки
25	Τίτος Φλαούιος Διονύσιος	надгробен	старогрчки
26	Τίτος Φλαούιος Καπίτων	надгробен натпис на војник	старогрчки и латински
27	Τίτος Φλαούιος Φιλόξενος	храм на Тихе	старогрчки
28	Τίτος Φλαούιος Ἑρμᾶς	надгробен натпис на војник	старогрчки
29	Τίτος Φλαούιος Εὔτυχος	ефеб	старогрчки
30	Τίτος Φλαούιος Πόθος	ефеб	старогрчки
31	Τίτος Φλαούιος Μειδίας	ефеб	старогрчки
32	Τίτος Φλαούιος Οὐίταλος	ефеб	старогрчки
33	Φλαούιος Εὔπλους	ефеб	старогрчки
34	Φλαουία	почесен споменик за доброчинителка	старогрчки
35	Φλαούιος Παράμονος	татко на Инстеј Александар	старогрчки

Во 2 в. по Хр. има најмногу: Флавиј (14 лица заедно со Тит Флавиј Орест), Инстеј (8), Тифаниј (4), Антестиј (3), Ветиј (2), Септимиј (2) – вкупно 6 гентилни имиња.

На натписите од Стибера според схемата tria nomina има и робови ослободувани по смртта на господарите (според нивниот тестамент: А. Фуска – Трофим и Хрест, Т. Флавиј Капитон – Тит Флавиј Хермас).

3 в. по Хр.

	Име	**Вид на натпис**	**Јазик**
1	Φλαουία Λύκα	вотивен споменик на Асклепиј	старогрчки
2	Σεπτίμιος Αἴλιος Ἰουλιανός	почесен	старогрчки
3	Ἰουλία Αἰλια Νίκη	почесен	старогрчки
4	Λικίνιος Ἀριστόβουλος	почесен	старогрчки
5	Λικίνιος Βάσσος	почесен	старогрчки
6	Τίτος Φλαούιος Ἀντώνιος	почесен	старогрчки
7	Σεπτίμιος Σιλβανός Νικόμαχος	почесен	старогрчки
8	Σεπτίμιος Σιλβανός Κέλερ	почесен	старогрчки
9	Λουκία Αὐρηλία Τρεβωνία Νικομάχα	почесен	старогрчки
10	Σιλβανός Νικόλαος	почесен	старогрчки
11	Σιλβανός Νικόλαος	почесен	старогрчки
12	Σιλβανός Κλαυδιανός	почесен	старогрчки
13	Αἰλιανός Πάνταυχος	почесен	старогрчки
14	Αἰλιανή Σοσίπατρα	почесен	старогрчки

Во 3 в. по Хр.: Флавиј (2) и Јулиј (1) – царски; Ликиниј (2), Аjлиј 4 (царски), Аврелиј(а) (1), Септимиј Силван (4), Требониј(а) (1) – вкупно 5 гентилни имиња.

Во Стибера се посведочени 19 гентилни имиња, односно 56 лица според трочлената ономастичка формула.

Во Стибера има 6 лица што во состав на името имаат 2 гентилни имиња: Септимиј Аjлиј (чијшто когномен Јулијан укажува на врски со фамилијата Јулии), Јулија Аjлија, Лукија Аврелија Требонија Никомаха, Септимиј Силван што укажува на врските со две познати фамилии; од Хераклеја е посведочена само Манлија Фонтеја Лукула Африкана Максима.

Иако натписите од Стибера се помалобројни во однос на Хераклеја, најголем дел од нив се исклучително содржајни и спомну-

ваат лица родум од овој град што заземале мошне високи општествени позиции во 2 и 3 в. по Хр.

Во поглед на cognomina од локално потекло, тие во 2 в. и во 3 в. по Хр. се почести отколу претходно.

Во Хераклеја и во Стибера на натписите се посведочени вкупно 49 гентилни имиња. Во Стибера концентрацијата на гентилните имиња е поголема за разлика од Хераклеја каде што се сретнуваат по еднаш или двапати.

Лицата со имиња според формулата tria nomina посведочени на натписите биле од повисоките општествени слоеви што се докажува и од функциите што ги извршувале во текот на нивниот живот, кои се уредно наброени на нивните натписи.

Користена литература

Ѓоргиевска, А. (2007), *Хераклеја Линкестис (Патот низ времето на Хераклеја Линкестис)*, Битола.

Ѓорѓиевска, А., Насух, Е. (2016), *Хераклеја Линкестис. Истражувања 2008 – 2014*, Битола.

Калпаковска, В., Ѓорѓиевска, А. (2003), *Животот во Heraclea Lyncestis преку епиграфските споменици*, НУ Завод и музеј, Битола.

Калпаковска, В. (2004), *Епиграфски сведоштва за жителите на Стибера*, НУ Завод и музеј, Битола.

Калпаковска, В., Ѓорѓиевска, А. (2006), 'Два необјавени натписи од Хераклеја Линкестис и ново толкување за објавените епиграфски споменици', *Macedoniae Acta Archaeologica* 17 (1999–2001), 197–206.

Кепеска, Л., Кепески, К. (2008), 'Портретна и култна пластика од Стибера', *Macedoniae Acta Archaeologica* 18 (2002–2004), 229–246.

Темелкоски, Д. (2017), 'Археолошки истражувања на локалитетот Стибера, с. Чепигово, Истражувачко поле „Храм Тихе – северно плато", Објект – Булевтерион (истражувања во 2014 и 2015 година)', *Археолошки информатор* 1, 39–45.

Хесиод, *Дела и дни*, препев Витомир Митевски, Култура, Скопје, 1996.

Inscriptiones Graecae, Volumen X, Epiri, Macedoniae, Thraciae, Scythiae, Pars II, Inscriptiones Macedoniae, Fasciculus II, Inscriptiones Macedoniae Septentrionalis, Sectio Prima, Inscriptiones Lyncestidis, Heracleae, Pelagoniae, Derriopi, Lychnidi, ed. F. Papazoglu, M. Milin, M. Ricl, adiuv. K. Hallof, Gualterus de Gruyter, Berolini – Novi Eboraci, MIM.

Kalpakovska V., Gjorgjievska A., Nasuch E. (2010), 'Fragmentary Inscriptions From Heraclea Lyncestis', *Systasis* 17, достапно на: http://www.systasis.org/pdfs/systasis_17_1.pdf (Посетено на: 6. 7. 2019).

Mathisen, R. W. (2006), 'Peregrini, Barbari and Cives Romani: Concepts of Citizenship and the Legal Identity of Barbarians in the Later Roman Empire', *American Historical Review* 111.4, 1011–1040.

Roman Gentilicia and Cognomina in Heraclea Lyncestis and Styberra
(I – III c. A.D.)

SUMMARY

Vesna Kalpakovska

kalpakovska@yahoo.com

The paper considers inscriptions dating from 1st to 3rd cent. A.D. from Heraclea Lyncestis and Styberra, which contain names of people according to the Roman onomastic formula tria nomina, mainly focusing on the Roman gentilicia and cognomina. Majority of the inscriptions are in ancient Greek.

Inscriptions from Heraclea Lyncestis testify 70 people with Roman gentilicia (many of them met once or twice on inscriptions). On the other hand, inscriptions from Styberra testify 56 people according to said onomastic formula and the frequency of usage of the Roman gentilicia in Styberra is higher than in Heraclea.

In both cities 49 Roman gentilica have been testified, of which 30 in Heraclea and 19 in Styberra.

Key words: inscriptions, Heraclea Lyncestis, Styberra, gentilicia, cognomina

SYSTASIS ISSN 1857-5129
● Е-списание на Здружението на класични филолози „Антика“

УДК: 821.124-7:811.163.3'255.4

Јувенал: прва сатира

Светлана Кочовска-Стевовиќ

Институт за класични студии
Филозофски факултет
Универзитет „Свети Кирил и Методиј“, Скопје

svetlana.kocovska@fzf.ukim.edu.mk

АПСТРАКТ

Овој прилог е препев на македонски јазик на првата сатира на Јувенал. Препевот се темели врз текстот на сатирата подготвен од Браунд (*Juvenal and Persius*, edited and translated by Susanna Morton Braund, Cambridge MA: Harvad University Press, 2004). Придружен е со кус уводен текст и со белешки.

Клучни зборови: Јувенал, прва сатира, македонски препев, римска книжевност

Увод

Збирката сатири од Деким Јуниј Јувенал што стигнала до нас преку ракописната традиција[1] е единственото дело што Јувенал го создал или единственото дело од овој автор што успеало да му одолее на немилосрдниот заб на времето. Во збирката се поместени шеснаесет сатири напишани во дактилски хексаметар, распоредени од нивниот антички издавач во пет книги. Од последната шеснаесетта сатира се зачувани само 60 стихови, или зашто поголемиот дел од сатирата едноставно не е зачуван, или зашто ненадејната смрт го спречила авторот да ја доврши (Courtney 1967, 38). Во теоријата постои теза дека само првите шест сатири од збирката (книга I и II) се

[1] За патувањето на текстот на Јувеналовите сатири низ вековите, види Parker (2012), 137–158.

автентични, а дека другите десет сатири (книга III – V) се дело на некој друг автор, кој можеби исто како и авторот на првите шест сатири се викал Јувенал[2]. Сомнежот во автентичноста на сатирите од последните три книги се должи на воочливите разлики во стилот: додека во првите шест сатири авторот е остар и жесток слично како неговиот славен претходник Лукилиј, родоначалникот на сатирата, во другите десет сатири тој станува поумерен и е стилски поблизок до Хоратиј. Иако сите сатири биле објавени по смртта на Домитијан (96 год. н. е.), односно во првите три декади од вториот век[3], личностите што се предмет на критика во нив се од времето на Домитијан. Својата одлука „да влезе во бој" исклучиво со оние што се веќе упокоени Јувенал ја споделува со нас на крајот од првата сатира:

...Ќе влезам во бој јас саде со тие
пат што им Латински ил' Фламиниев покрива пепел

(Juv. *Sat*. 1.171).

Причината за одлуката на Јувенал за автоцензура несомнено бил стравот, што нè упатува на тоа дека парадигмите за суровост од времето на Домитијан биле присутни и во времето на Трајан и Хадријан. Тоа што, од сите книжевни родови што можел да ги избере, Јувенал ја избрал токму сатирата говори дека и другите негативни парадигми од не толку далечното минато биле сè уште живи: во услови на морална декаденција, на поетот, како што вели тој самиот на почетокот на првата сатира (Juv. 1.30), му е тешко да не пишува сатира (*difficile est saturam non scribere*).

За самиот Јувенал не знаеме речиси ништо повеќе од она што тој самиот ни го кажува во сатирите, а ни кажува малку. Се смета дека бил роден во времето на Нерон (*с*. 60 год. н. е.), можеби во

[2] Види Gold (2012), 97–100.

[3] Датирањето на сатирите е комплексно прашање и е предмет на дебати. Врз основа на некои настани што се спомнуваат во нив, се смета за извесно дека првата сатира е создадена по 100 год., шестата – по 115 год. н. е., седмата – во првата година од владеењето на Хадријан (117 год. н. е.), а сатирите од последната книга (*Sat*. XIII – XVI) – во периодот по 127 год. н. е. Види Braund (2004), 19; Duff (2013), xiv–xviii.

гратчето Аквин (*ден*. Аквино)[4]. Од една автобиографска дигресија во првата сатира е извесно дека кога бил млад составувал суасории (Juv. 1.15–17), што говори дека поседувал формално реторичко образование[5]. Во своето време не уживал голема популарност: се спомнува само во три епиграми на неговиот постар современик Мартијал (Mart. 7.24, 91; 12.18)[6], а потоа му се губи секаква трага сè до крајот на 3 век н. е., кога станал многу популарен. Во 4 век неговите сатири биле дел од задолжителната школска лектира, а некои стихови од нив стекнале статус на пословици: *rara avis in terris, nigroque simillima cygno* (Juv. 6.165), *mens sana in corpore sano* (*ibid*. 10.356), *panem et circenses* (*ibid*. 10.81) итн. За популарноста на Јувенал неколку векови по неговата смрт сведочат и неговите тринаесет биографии (*Vitae*), за кои не се знае ниту кога точно биле напишани ниту од ко-

[4] Претпоставката за местото на раѓање на Јувенал се темели врз еден натпис (C.I.L. X, 5382), врежан на камена плоча што била пронајдена во близина на Аквино. На натписот пишува дека некој Јуниј Јувенал, трибун на далматинската кохорта, еден од двајцата управници на колонијата и свештеник на божествениот Веспасијан, ѝ заветува и со свои пари ѝ посветува, не знаеме што (жртвеник?), на божицата Керера. Со оглед на тоа што на натписот е оштетена првата буква од личното име, не е извесно дали овој човек од Аквин е нашиот Деким Јуниј Јувенал или е некој друг Јувенал, можеби роднина на поетот. За животот на Јувенал, види Ramsey (1918), xi–xxi; Highet (1937); Pakiž (1998), 5–27; Armstrong (2012), 59–68; Courtney (2013), 1–9.

[5] Суасориите биле советодавни школски беседи. Од ученикот се барало да состави беседа во која ќе посоветува некој митолошки или историски лик за тоа како да постапи во определена ситуација. На пример, „Советувај го Агамемнон дали да ја жртвува својата ќерка Ифигенија или да не го прави тоа“. Види Kennedy (1999), 46.

[6] Од епиграмите на Мартијал може да се заклучи дека тој чувствувал пријателска наклоност кон веројатно петнаесетина години помладиот од него Јувенал и го сметал за речит (*facundus*). На едно место (Mart. 12.18) Мартијал го претставува Јувенал како човек што вознемирено ита низ бучната Субура или низ Есквилин од една до друга куќа на некој скорешен моќник, веројатно за да побара некаква услуга (*dum tu forsitan inquietus erras/clamosa, Iuvenalis, Subura, aut collem dominae teris Dianae; dum per limina te potentiorum/sudatrix toga ventilat vagumque/maior Caelius te minor fatigant*.).

го[7]. Во нив, меѓу другото, се споменува податокот дека Јувенал бил протеран од Рим поради тоа што го навредил актерот Парис, кој му бил миленик на императорот Домитијан[8]. Во однос на местото на прогонство, во биографиите не постои консензус: во некои од нив пишува дека бил протеран во Египет, а во други – во Шкотска. Составувачите на биографиите не се согласуваат ниту во однос на прашањето на која возраст бил протеран и каде умрел: според едни, бил протеран кога бил во длабока старост и умрел во прогонство, а според други – по убиството на Домитијан, се вратил во Рим, каде што подоцна и умрел. Се смета дека умрел во 138 година, кусо време по смртта на Хадријан.

Првата сатира е еден вид апологија на одлуката на Јувенал, од сите книжевни родови што биле популарни во неговото време, да ја избере токму сатирата. Со лутина својствена за човек што не трпи неправда, наместа директно обраќајќи му се на читателот, тој во сатирата жестоко го брани ставот дека сатирата е единствениот книжевен род што може да го избере поет што живее во услови на таква морална декаденција во каква што живее самиот тој. Во сатирата можат да се нотираат неколку тематски целини:

1. Јувенал одбива да присуствува на книжевните рецитали само како слушател, зашто е изморен од митолошките теми што неговите современици ги обработуваат во своите дела (recusatio); (1–18);
2. Опис на општествените прилики што го принудиле да пишува сатири (19–80);
3. Бунт против тоа што никогаш откога постои светот немало толкав пад на моралот (81–126);
4. Опис на еден обичен ден од животот на римските клиенти (127–135);

[7] Овие биографии не се сметаат за сигурен извор врз основа на кој може да се направи релевантна реконструкција на животот на Јувенал. Види, на пример, Courtney (2013), 5; Pakiž (1998), 17–18.

[8] Веројатно станува збор за истиот Парис што се споменува во биографијата на Домитијан кај Светониј (Suet. *Dom*. 10).

5. Опис на една епизода од животот на некој патрон, кој, откако сам ја изел својата раскошна вечера, доживеал инфаркт и умрел (136–146);
6. Иако одлуката да пишува сатири авторот може да ја плати со живот, сатирата треба да биде неговиот единствен избор зашто на тој начин може да ги посрами и налути оние на кои злосторствата им ја замрзнале совеста (147–169);
7. Јувенал ни ја соопштува својата одлука дека ќе ги изложи на критика само оние што се веќе мртви (169-171).

Во првата сатира Јувенал, речиси и без да земе здив, го носи читателот во динамичниот и брз секојдневен живот на жителите на градот Рим во времето на Домитијан. На ова патување, со брзина како на филмска лента, го запознава читателот со една цела плејада од ликови што им припаѓаат на сите општествени слоеви, ликови какви што ретко можат да се сретнат во римската книжевност: мажи што стапуваат во брак поради мираз, угледни госпоѓи што од желба за слава учествуваат во гладијаторски игри, скороевци што се перчат со скапа облека и накит, пропаднати аристократи, безочни кодоши, жигола, магистрати што извршиле казниви дела без да ја добијат заслужената казна, коцкари, фалсификатори на тестаменти, матрони што си ги отруле сопрузите итн. Ликовите со кои поетот го запознава читателот на ова патување се толку многу живи што читателот има впечаток дека, ако некаде ги сретне, ќе ги препознае. Во некои од нив можеби и самиот ќе се препознае, а во други ќе препознае некого што го познава од своето секојдневие. Ова, секако, се должи на исклучителното мајсторство на Јувенал во оцртувањето на ликовите, но и на фактот што слични ликови можат да се сретнат во речиси секое морално деградирано општество. Можеби Јувенал го имал ова предвид кога решил да ги поштеди своите современици и да влезе в бој само *со тие пат што им Латински ил' Фламиниев покрива пепел* (Iuv. 1.171).

Препев

Вечно ли само да слушам и сам да не изустам ништо[9]?
Папсан сум веќе од онаа Кордова песна за Тесеј[10]!
Казна да нема за овој тога́ти[11] без престан што чита
или за оној елегии[12] везден што реди? Без казна
долгион *Телеф*[13] што цел ден ми уби ил' *Орест*[14] да минат,

[9] Т.е. „дали на книжевните читања секогаш да присуствувам само како слушател (auditor), а самиот да не прочитам ништо свое?". Во времето на Јувенал книжевните читања (recitationes) биле дел од секојдневниот живот на образованите Римјани. Се одржувале на приватни вечери или на јавни места, а на нив биле читани дела што припаѓале на различни книжевни родови: епови, лирски песни, дури и драми.

[10] Корд (Cordus) е непознато име во историјата на римската книжевност. Неизвесно е дали воопшто постоел поет со вакво име или станува збор за некој друг поет, кого Јувенал го нарекува Корд. Овој поет на книжевните читања до изнемоштеност читал извадоци од својот еп *Тесеида* (*Theseis*). Името на список упатува на тоа дека делото им било посветено на подвизите на митскиот крал и основач на Атина – хеленскиот јунак Тесеј.

[11] Тогата (fabula togata 'приказна облечена во тога') е комедија во која дејството се одигрувало на римска почва и дејствувачките лица биле Римјани. Денес не е зачувана ниту една тогата, а како автори на тогати се споменуваат Лукиј Афраниј и Тит Квинктиј Ата.

[12] Елегијата како книжевен род била најмногу популарна во времето на Август, но и во времето на Јувенал сè уште се пишувале елегии. Најзначајни претставници на овој книжевен род во тоа време биле Арунтиј Стела и Лигдам.

[13] Телеф во хеленската митологија е еден од Хераклидите, синовите на Херакле; неговата судбина била честа тема во античката книжевност, уште од времињата на Ајсхил, Софокле и Еврипид, кои напишале трагедии, денес изгубени, во кои предмет на обработка било некое од патувањата на Телеф низ Хелада; овде споменатата трагедија *Телеф* не е зачувана и нејзиниот автор е непознат.

[14] Судбината на Орест, синот на Агамемнон и Клитајмнестра, е исто така честа тема во античката книжевност; на Орест му се посветени Ајсхиловата трагедија *Евмениди* и две трагедии со насловот *Електра*, едната на Софокле, а другата на Еврипид.

– *Орест*, кој ај што е предолг[15], па не е ни довршен саглам?
Така ко јас што го познавам лагот на Марс[16] или онаа
спила на Вулкан, до стени близу на Ајол[17], ни домот
не си го познава никој! А знам и што прават ветрој,
кои сè сеништа Ајак ги мачи[18], од каде и еден
руно од злато со бегалка влечка[19] и колкави Моних
јасени фрлил[20]! И платан и мермер Фронтонов[21] ечат,
катаден столбој се рушат од рецитатори страшни,
врвен ил' безвреден поет – ти секогаш добиваш исто.
И јас од ќотек сум бегал и совет на Сула сум давал

[15] Во изворниот текст: …*summi plena iam margine libri / scriptus et in tergo:* [*Орест*] испишан ситно и на маргината од книгата и на задната страна. Римската книга претставувала папирусен свиток, кој се одмотувал при читањето. На него се оставала маргина и на задната страна не се пишувало. Авторот на овде споменатиот *Орест* очигледно не ја почитувал оваа конвенција, па пишувал и на делот од папирусот предвиден за маргина и на задната страна.

[16] Се смета дека овде Јувенал алудира на лагот на Марс (*lucus Martis*) во Колхида.

[17] Спилата на Вулкан била на Хиера (*ден*. Вулкано), остров во Тиренското Море во вулканскиот архипелаг Ајолски Острови. Островот Хиера бил во непосредна близина на островот Липара (*ден*. Липари), на којшто во пештера живеел богот на ветровите Ајол, по кого целиот архипелаг го добил името.

[18] Ајак, син на богот Зевс и на нимфата Ајгина, крал на островот Ајгина, кој по својата смрт заедно со Радамант и Минос бил еден од тројцата судии во подземното царство.

[19] Неименуваниот митски јунак е Јасон, водачот на аргонаутите во Колхида. Споменатата бегалка, пак, е Медеја, ќерката на Ајет, која, откако се вљубила во Јасон, побегнала со него.

[20] Моних, кентаур кој заедно со другите кентаури со стебла од дрва и карпи како оружје се борел против Лапитите. Види Ovid. *Met*. 12.499; Val. Flac. *Arg*. 1.145; Luc. 6.388.

[21] Веројатно станува збор за Тит Катиј Кајсиј Фронтон, конзул во 96 година, кој овде е прототип за богат човек што во перистилот на својата куќа организирал книжевни читања. Види Mart. I.55; Plin. *Ep*. 2.11.

– власт да си батали веднаш и в сон да си потоне длабок[22]!
Кога на толку поети везден налетува човек,
глупо е милост да има и хартија на нив да штеди.
Зошто јас желба си добив да трчам по истото поле,
каде што коњи си шета Аврункино велико чедо[23]?
Желни за одговор штом сте, разлог вам јас ќе ви кажам.
Нежнички евнуси кога се женат[24] и тускиски вепри

[22] Овие два стиха се една од ретките автобиографски дигресии на Јувенал. Се толкуваат како реминисценција на деновите што Јувенал ги поминал во школа што нудела образование еднакво по ранг на денешното гимназиско образование. Еден од вообичаените наставни методи во овие школи било составувањето декламации (*declamationes*). Декламациите биле школски беседи и можеле да бидат од два типа: контроверсии (*controversiae*) и суасории (*suasoriae*). Контроверсиите биле имагинарни судски беседи, а суасориите – имагинарни советодавни беседи. Во овие два стиха Јувенал алудира на беседите од вториот тип, суасориите, со кои од ученикот се барало да посоветува некој митолошки или историски лик за тоа како да постапи во определена ситуација. Во случајот, историскиот лик кого Јувенал го советувал бил диктаторот Лукиј Корнелиј Сула, кој во 82 година ст. е. бил прогласен од Сенатот за диктатор. Задачата што Јувенал, всушност, ја добил била да состави суасорија на следнава тема: „Советувај го Сула дали да се повлече од својата функција или да не го прави тоа".

[23] „Великото чедо на Аврунка" (*magnus Auruncae alumnus*) е римскиот поет Гај Лукилиј (180 – 103/102 год. ст. е.), родоначалникот на римската сатира, кој бил роден во Суеса Аврунка (*ден*. Сеса Аурунка) во Кампанија. Јувенал преку оваа перифраза во епски стил (трчање по поле по кое коњи шетал и самиот Лукилиј) го започнува делот од сатирата што му е посветен на прашањето зошто се определил токму за сатирата како книжевен род.

[24] Во текстот стои *spadones*, кои, за разлика од евнусите (*eunuchi*), не биле кастрирани, туку биле полово немоќни по природа. Ним, за разлика од евнусите, не им било забрането со закон да стапуваат во бракови. Предмет на критика овде е причината поради која често се стапувало во брак: стремежот преку миразот на сопругата да станат припадници на витешкиот сталеж. 400 000 сестертии била сумата што била доволна за еден Римјанин да стане припадник на овој сталеж, што му овозможувало да учествува во политичкиот живот, да биде носител на различни функции, да стане нечиј патрон и да има различни други привилегии.

кога со боски разголени Мевија с' копјето боде[25],
кога се збогатил појќе од сета патрикиска фела
берберин прост што в младост брада ми стрижел со бричот[26],
Нилјанин штом едикојси, најобично ропче од Каноп,
Криспин по име[27], тирска лакерна[28] на раме си мести,
уште и прстен „за лето"[29] од прсти испотени вади:
„Потежок скапоцен камен не би можел сега да трпам!"
В услови такви, сатира сал може да пишува човек!
Железно срце да имаш, ти не ќе го истрпиш градов,

[25] Мевија е име на некоја римска госпоѓа што учествувала во гладијаторските игри, во случајов во „лов" на тускиски вепри. Во гладијаторските игри, инаку, учествувале и жени, но исклучиво жени од ниско потекло или робинки, кои биле облечени како амазонки – со една разголена града. Преку приказната за Мевија Јувенал ни открива дека во неговото време се востановил обичај во гладијаторските игри да учествуваат и жени од повисоките општествени сталежи. Поривот на овие жени да учествуваат во ваквите игри, облечени како амазонки и наоружени со копје, веројатно, била нивната желба за популарност и слава.

[26] Се смета дека берберинот што овде се споменува е Кинам (Cinnamus), кој, благодарение на подарокот од својата газдарица, станал припадник на витешкиот сталеж (*dominae munere factus eques*), а потоа на Сицилија се добрал до огромно богатство. Види Mart. 7.64.

[27] Криспин, некогашен роб по потекло од египетскиот град Каноп. Во времето на Домитијан (81 – 96 год. н.е.) станал припадник на витешкиот сталеж и се добрал до функцијата praefectus praetorio (ἔπαρχος/ὕπαρχος τῶν πραιτωρίων), командант на воената гарда што се грижела за безбедноста на царот. Се споменува и од Мартијал (Mart. 7.99; 8.48).

[28] Лакерна е наметка со качулка што се закопчувала под вратот и се носела кога времето било студено. Ткаенините од феникискиот град Тир, кој во антиката бил познат по својот порфир, биле многу скапи. Овде Криспин „тирска лакерна на раме си мести" или бидејќи не умеел да ја носи така како што таа обично се носела, бидејќи било премногу топло за неа или бидејќи сакал да го сврти вниманието кон неа.

[29] Богатите Римјани лете носеле потенки, а зиме помасивни прстени. Криспин, како типичен скороевец, чувствувал потреба да нагласи дека може да си дозволи прстен и со поголем скапоцен камен, но дека сега не го носи зашто му е премногу топло.

живци ќе немаш за Матон со носилка, полна со него,
сегде што шета[30]! А оној што другар си поткажа велик[31],
сега што сака да плачка и други отмени луѓе,
такви ак' уште ги има? Од него Маса[32] се плаши,
Метиј[33] му дава поткуп, а Латин[34], пак, скришно – Тиме́ла[35].
Везден ти среќаваш мажи што стекнале наследство ноќе,
патот до ѕвезди што најбрз го избрале в нашава доба –
имот си стекнале голем од вулва[36] на богати старки[37]!

[30] Матон, дебел адвокат, кој овде се перчи со својата нова носилка (*lectica*), која, од што е многу дебел, не може да го собере. Види Juv. 7 и Mart. 10.46.

[31] Не е познато ниту кој е големиот кодош, ниту која „крупна риба" била жртва на поткажување од близок пријател. Во времето на принкипатот кодошите добивале четвртина од имотот на лицето што ќе го поткажеле, кое, пак, или било осудувано на смрт или било протерувано. Можно е Јувенал овде да не им ги споменува имињата на учесниците во аферата или од страв или поради тоа што биле толку многу познати во јавноста што сметал дека и, без да им ги спомене имињата, ќе биде јасно за кого станува збор.

[32] Бајбиј Маса, познат кодош од времето на Домитијан. Додека управувал со Хиспанија Бајтика, бил обвинет за малверзации, но ја избегнал казната благодарение на тоа што му направил некоја услуга на Домитијан. Види Tac. *Agr*. 45.1; *Hist*. 4.50.2.

[33] Метиј Кар, исто така познат кодош од времето на Домитијан.

[34] Латин, славен глумец, кој често е споменуван од Мартијал, еден од најблиските пријатели на императорот Домитијан. Види Mart. 1.4.5 *etc*.; Suet. *Dom*. 15.3.

[35] Тимела, позната глумица или танчарка од времето на Домитијан, партнерка на Латин на сцената, а веројатно и во приватниот живот. Види Mart. 1.4.5.

[36] Во изворниот текст *vesica* 'мочен меур', презрив назив за *vulva* 'надворешниот дел на женските полови органи'.

[37] Мотивот на маж што се збогатува преку љубовни врски со богати и стари госпоѓи е чест кај Мартијал. Види, на пример, Mart. 4.5.6.

Дванаесттинка си зеде Прокýлеј, а другото Гилон[38],
секој си наследи толку колку што стапот му вреди[39]!
Секој нек' награден биде со пот што се добрал до пари,
боја нек' губи потем ко бос на змија што стапнал
или ко ретор што чека за настап време во Лугдун[40].
Жолчта од бес ќе ми пукне штом видам јас нечија свита
толпата како ја брка за мирно да помине тутор
н' улица сирак што фрлил[41]! А оној што залудна доби
казна[42]? Ќе речеш: „А срамот?!" Ха! Неважно! Пара е тука!
Уште од рано се пијанчи Марij[43] и богови гневи,
ти, пак, провинцијо, парница доби и пак ќе си кукаш!
Не е ли достојно ова за лач од венусиска ламба[44]?

[38] Прокулеј и Гилон се споменуваат само од Јувенал. Извесно е дека станува збор за мажи што наследиле дел од имотот на некоја повозрасна, богата госпоѓа.

[39] Во текстот стои *ad mensuram inguinis* „според големината на половиот орган".

[40] Во Лугдун (*ден*. Лион) императорот Калигула приредувал натпревари во говорништво на грчки и латински јазик. Пред натпреварот сите говорници трепереле од страв зашто знаеле дека, ако бидат оценети како најлоши, може да бидат сурово казнети – истепани со палки или фрлени во река. Види Suet. *Cal*. 20.

[41] Мотивот на тутор што со измама му го одзел имотот на свој штитеник и со тоа го принудил да се проституира се среќава и кај Хоратиј (Hor. *Ep*. 1.122).

[42] Марij Приск, кој се спомнува во следниот стих. Марij бил управник на провинцијата Африка во периодот од 97 до 98 год. Кога се вратил во Рим, од неколку градови во Африка бил обвинет за изнудување пари и за прекумерна суровост. Бил прогласен за виновен и осуден на прогонство, но имотот не му бил одземен (види Plin. *Ep*. 3.9.4). Годината на неговото судење, 100 год., се смета за *terminus ante quem* за датирањето на оваа сатира.

[43] Во текстот стои: *exul ab octava Marius bibit* „Изгнаникот Марij пие од осум часот". Римјаните обично не почнувале да пијат пред вечерата (*cena*), која во времето на царството започнувала во девет часот.

[44] Венусија е родниот град на Хоратиј, кој исто како и Јувенал пишувал сатири.

Молкум да седам? Да пеам за Диомед ил' за Хера́кле,
или за рикот од лабиринтот силно што ечи
ил' за летачкиот ковач и син му што в морето паднал[45]?
Денес и „сводник"[46] наследува имот од швалерот женин,
неа ја спречува закон, па наудрен в таван се sвери,
нурнат со носот во пехар мудро си дреме и ќути!
Денес кон служба во војска бесрамно нишани човек
имот што распрчкал сосем и семеен изгубил углед,
потем по патот Фламиниев[47] бесно ко виор тој јури
ко да е прав Автоме́донт[48] и уздите сам си ги држи,
– друшка си сака да плени, облечена в топла лаке́рна[49].
Како да табла не испишеш восочна цела[50] на патот
кога ќе сретнеш ти некојси фалсификатор[51] од батки
шестмина носен на носилка фина со отворен покрив?

[45] Во овие три стиха (52–54) Јувенал повторно набројува теми што биле вообичаени во епската поезија од неговото време: доживувањата на хеленскиот херој Диомед по враќањето од Троја, подвизите на Херакле, приказната за Минотаур, Дајдал и Икар; „летачкиот ковач" е Дајдал, а „син му што в морето паднал" е Икар. Сите овие теми е можно да биле обработени и во погоре споменатата *Тесеида*.

[46] Во изворниот текст *leno* „сводник"; преводот е во наводници зашто овде е извесно дека не станува збор за вистински сводник, туку за сопруг сводник, маж што ја наведува својата сопруга на љубовна врска со друг маж со цел да го наследи неговиот имот. Не е сосем јасно врз основа на кој закон му било овозможено тоа.

[47] Фламиниев пат (*via Flaminia*), пат што преку Апенините водел од Рим на север кон Ариминиј (*ден*. Римини).

[48] Автомедонт е коларот на Ахил во *Илијада*.

[49] Лакерна е вид наметка со качулка што се носела кога времето било студено.

[50] За пишување на пократки белешки Римјаните користеле дрвени таблички премачкани со восок.

[51] Не е познато дали овде Јувенал алудира на некоја конкретна личност. Во изворниот текст стои *signator falsi* „подметнувач на лажни завештенија".

Лежи „господинот“ така, си мислиш Мајке́нат[52] го гледаш!
Не знаеш како тој отмен и богат во животот станал?
Имотот свој си го стекнал со пусулче кусо и печат!
Еве и моќна матрона што жедта на сопругот кутар
с’ каленско винце[53] и отров од жаби[54] за навек ја згасна[55].
И од Лукуста[56] поопитна, кутри подучува друшки –
јавно да лешови носат на својте отруени мажи!
Сакаш да станеш ти некој и нешто? Па изврши тогаш
злочин за прогон на Гијар[57] или за зандана вреден!
Фали ти чесност, но од неа студи! За злочини следат
градини, дворци и сребрени чаши со релјеф на јарци!
Како ти мирно да спиеш со мисла за човек со снашка
алчна што легнал, за блудник еден што уште е дете[58]?
Дури и дарба да немаш, од лутина стихој ќе редиш
какви што можеш, ко јас што правам ил’ ко Клуве́ниј[59].
Она што луѓе ги мори – дал молби ил’ стравој ил’ копнеж,

[52] Гај Клиниј Мајкенат, прочуениот римски богаташ и покровител на поетите од времето на Август.

[53] Високо квалитетно вино од областа Кампанија.

[54] Отров се добивал од утробата на еден вид отровни жаби (*rubetae*).

[55] Овие стихови може да се однесуваат на Јулија Агрипина (15 – 59 год.) која го отрула својот трет сопруг, царот Клавдиј, но може да се однесуваат и на која било друга римска матрона.

[56] Лукуста, Римјанка по потекло од Галија, една од најпознатите трујачки во Рим. Позната е по тоа што ѝ помогнала на Јулија Агрипина да го отруе царот Клавдиј, а со нејзина помош Нерон го отрул својот брат Британик, а и самиот умрел од отровот што таа му го подготвила.

[57] Гијар (*ден*. Јарос), мало островче во Егејското Море, каде што ги испраќале луѓето осудени на прогон.

[58] Во текстот стои: praetextatus adulter „прељубник облечен во праетекста“; toga praetexta е тога опшиена со пурпурен раб што ја носеле децата на слободните Римјани до 17-годишна возраст; во некои коментари „прељубникот в момчешка тога“ е Калигула (види Suet. *Cal*. 24).

[59] Клувениј, некој денес непознат поет.

радост ил' срдба ил' борба – е крма за книжево наше.
Уште од време на потоп[60], Девка́лион[61] кога со бродот
дојде на планина[62] совет од пророк за спас да си тражи[63],
– кога камењата станаа топли и добија душа,
кога и Пира на мажи им покажа девојки голи[64] –
зарем сме имале ние наплив на пороци олкав?
Срца зар олку ни лакоми биле? Нѐ влечела коцка?
Ич не ни седнуваш комар да играш со пари во ќесе,
туку пред коцкари ковчег ти ставаш, па потем дур играш!
Какви сѐ битки за ковчег се бијат ти скоро ќе видиш!
Не е ли огромна лудост да прокоцкаш толкави пари
дури и ропче да пуштиш без облека долна да семне[65]?
Градел ли некој од предците наши онолкави дворци?
Обед зар сам имал некој од јастија седум? А денес?

[60] Станува збор за големиот потоп, со кој Севс, гневен на човечкиот род, решил да ги уништи луѓето. Со овој потоп завршила митската бронзена доба.

[61] Девкалион, син на Прометеј, прататко на сите луѓе, сопруг на Пира. Девкалион и Пира биле единствените праведници што Севс одлучил да ги спаси од големиот потоп.

[62] По совет на Прометеј, Девкалион направил голем дрвен ковчег (овде *navigium* „брод"), се засолнил во него заедно со Пира и по девет дена и девет ноќи допловил до највисокиот врв на планината Парнас.

[63] Кога стивнале надојдените води, Девкалион и Пира побарале совет од божицата Темида како да го обноват изумрениот човечки род.

[64] Божицата Темида ги советувала Девкалион и Пира „да си ги покријат главите, да се ослободат од појасите и зад себе да ги фрлаат коските на својата мајка". По долго размислување, тие сфатиле дека нивната мајка е божицата Земја (Гаја), а дека нејзините коски се камењата. Кога почнале да фрлаат камења зад себе, од камењата што ги фрлал Девкалион настанале мажите, а од камењата што ги фрлала Пира – жените. Види Ovid. *Met*. 1.253–416; Hyg. *Fab*. 153; Apd. *Bibl*. 1.7.2 *pass*.

[65] Ропчето семне зашто неговиот господар ја прокоцкал дури и неговата долна облека.

Толпи на прагот во тоги се туркаат корпи[66] да грабнат!
В лице патронот ги гледа, од страв проверува добро
некој да не му се протне, да не му се претстави лажно.
Штом те препознае, земаш! На вратарот потем му вели
сите нек Тројци[67] ги викне што со нас[68] тук прагот го абат.
„Прво на преторот дај му, па потем на трибунот!“ – вели.
Но ослободеник еден е побрз: „Еве ме, прв сум!
Зар да се плашам и мислам дал место ќе зачувам свое?
Иако роден крај Еуфрат јас сум – па дупките в уши[69]
сведочат дури и јас да негирам – дуќанчиња имам,
четири стотки[70] ми носат. Но што вреди порфирна руба,
кога по полјани лаврентски[71] Корвин[72] изнајмени овци

[66] Пред куќата на патронот или во атриумот на клиените им се делеле кошнички со храна (*sportulae*), а поретко се случувало и некој да биде поканет внатре во куќата на патронот на вечера. Наместо кошнички со храна, клиентите можеле да добијат и пари. Во оваа прилика, тие биле обврзани да облечат тога како доказ за тоа дека имаат римско граѓанско право.

[67] Во текстот стои Troiugenas „родени во Троја“, „Тројанци“; се однесува на старите патрикиски фамилии, кои, според легендата, биле потомци на тројанскиот јунак Ајнеј, кој, по пропаста на Троја, дошол во Латиј.

[68] Со оглед на тоа што Јувенал често ги менува лицата на глаголското дејство и на тој начин како да се соживува со доживувањата на своите ликови, не е извесно дали ова „со нас“ (*nobiscum*) е резултат на таквата негова практика или пак значи дека и самиот тој бил меѓу присутните клиенти.

[69] Во текстот стои *molles in aure fenestrae* „немажевните дупки во увото“. Источните народи носеле обетки, кои Римјаните не ги сметале за знак на мажественост. Ослободеникот чиишто се овие зборови сигурно не би го употребил изразот *molles fenestrae*.

[70] Четири стотки, се подразбира 400 000 сестертии.

[71] Лаврент, град во Латиј, положен меѓу Остија и Лавиниј, северозападно од Рим, каде што имало многу стада со овци (Plin. *Ep*. 2.17.3).

[72] Веројатно станува збор за Марк Валериј Месала Корвин, конзул во 58 год., кој толку многу осиромашил што Нерон му одредил годишен приход (Tac. *Ann*. 13.34).

тера, а јас сум поимотен дури од Палант и Ликин[73]?“
Трибуни нека почекаат! Богатство предност нек’ има!
Нека не ѝ дава никаква предност на светата служба
дојденец в градов со нозе обелени уште од кречот[74],
за нас од богатство нема друга поголема светост,
иако уште на валкани пари не сме посветиле
храмој и олтари не сме им уште подигнале нигде,
како на Верба и Мир или Победа мила и Доблест,
или на Слога[75] што цвркоти штом ѝ поздравиме гнездо[76].
Кога и самиот конзул на крајот од секое лето
стекнат од кошничка приход си брои на своето конто,
што ли да прават клиенти што облека, чевли и лепче,
како и дрва за огрев оттаму дома си носат?
Еве и носилка полна дошла да кошничка[77] бара,
по неа жена зад сопругот оди, преморена, трудна.

[73] Палант и Ликин се ослободеници што стекнале големи богатства. Палант бил ослободеник на царот Клавдиј, кому царот му дал преторски одличија и петнаесет милиони сестертии (Tac. *Ann*. 12.53; Suet. *Claud*. 28). Ликин, пак, бил ослободеник и благајник (*dispensator*) на Јулиј Кајсар, кој се збогатил во времето кога бил прокуратор на Галија во 16/15 год. ст. е. (Dio Cass. 54.21; Sen. *Ep*. 119.9, 120.19).

[74] Римјаните, кога ги продавале увезените робови, нозете им ги премачкувале со креч (*creta*) за да се разликуваат од робовите што се родени во Италија (*vernae*).

[75] Верба (*Fides*), Мир (*Pax*), Победа (*Victoria*), Доблест (*Virtus*) и Слога (*Concordia*) се персонифицирани апстрактни поими што имале свои храмови или жртвеници во Рим.

[76] Божицата Слога, *Concordia*, имала повеќе храмови во Рим, но главниот бил на Форумот, помеѓу храмот на Сатурн и главната „трибина“ за политички говори (*rostra*). На покривот на еден од нејзините храмови имало гнезда со штркови, што зборува дека за овој храм, а оттаму и за самата слога, не се водела особено голема грижа.

[77] Во текстот стои *centum quandrantes*, буквално „сто четвртинки“; *quadrans* е една четвртина од римскиот ас; истата сума се споменува и од Мартијал како вообичаена парична сума што во кошничката патронот им ја давал на своите клиенти (Mart. 4.68).

Друг пак со добро проверена финта сака да ќари,
прстот го вперил кон носилка празна, за жена си бара:
„Гала е внатре! Ај дајте ми брзо! Па зарем ќе лажам?
Гало, ај подигни глава! Хм! Ај не ја тормози! Спие!“
Распоред дневен на сите ни годи: по кошничка прво[78],
потем на Форум, кај кипот на Аполон, зналец на право[79],
потем кај бисти на славните вожди[80], каде што дури
еден египетски арабарх[81] натпис се дрзна да има,
– таму ти можеш да мочаш ил’ повеќе дури од тоа.
Стари и вкрај изнемоштени веќе клиенти си одат,
дигнале раце од надеж за обед, очекуван долго,
кутрите, зелка и дрва за огин ќе одат да купат.
Најфини деликатеси од мориња збрани и шуми

[78] Клиентите имале обврска секое утро да се појават пред куќата на патронот, да го поздравт и, ако добијат некоја задача од него, да ја извршат: да бидат дел од неговата свита во градот, да одат со него на јавни собири, во театар, амфитеатар, бања, да му завршат некоја работа и сл. Кошничката со храна или пари обично ја добивале откако ќе ги завршат зададените задачи, обично навечер, како што може да се види и од 132. стих. Не е сосем јасно зошто Јувенал кошничката ја споменува и овде, на почетокот на дневниот распоред на должностите на клиентот. Мартијал (Mart. 4.8) пишува дека клиентите кошничката ја добивале наутро, кога доаѓале да го поздравт патронот. Домитијан, како патрон над патроните, го укинал делењето храна во кошнички и вовел масовни гозби (Suet. *Dom*. 7).

[79] Аполон е овде „зналец на право“ (*iurisque peritus*) поради местоположбата на неговиот кип од слонова коска: неговиот кип, имено, бил поставен на Августовиот форум блиску до судниците. Спореди Mart. 2.64.8; Hor. *Sat*. 1.9.78.

[80] Светониј пишува дека Август на најславните војсководци им подигнал кипови во триумфална поза, кои биле поставени во портиците на неговиот форум (Suet. *Oct*. 31).

[81] Арабарх (*arabarches*), собирач на даноци во Египет. Кикерон титулата ја користи иронично, како прекар на Гнај Помпеј (Cic. *Att*. 2.17). Овде споменатиот арабарх не е Помпеј, туку некој друг, според некои толкувања – Тибериј Јулиј Александар, Евреин, кој во времето на Веспасијан бил префект на Египет.

патронот сам ќе си ждере, лежејќи на празниот миндер.
Овде на асталов красен, со старини украсен бројни,
своето наследство фино за час ќе го списка тој сето.
Сосем ќе исчезне сој паразитски![82] Кој да ја трпи
оваа збеснатост гнасна? И колку ли стрвен е човек
сам што си стаманил вепар – за друштво најсовршен залак!
Бргу за тоа е казнет: си слекува вечерен превез[83],
прејаден в бањата[84] јури со паунот несварен в стомак,
– смрт го ненадејна стига без старост да дочека седа.
Бргу по гозби за ова се збори со не многу тага.
„Така му треба!“, пријатели лути на погребот зујат.
Нашиов морал ни потомство идно не ќе го смени,
исто ќе прават и исто ќе сонат и внуците наши!
Врвот го достигна секој наш порок! Та затоа едра
рашири, броди! Ќе речеш: „А имам ли дарба за тоа?
Можам ко предци со лес да си пеам за сè што ме лути?
Има ли име што не смеам ич да го спомнам во песна?
Зарем е битно дал Мукиј[85] ќе сака на зборој да прости?
Ако го спомнеш Тигилин[86], ко оние одма ќе гориш

[82] Во изворниот текст *nullus iam parasitus erit* „нема да има веќе ниту еден паразит“. *Parasitus* „паразит“ овде несомнено има значење на *cliens* „клиент“.

[83] За време на вечерата Римјаните не биле облечени во тоги, туку имале посебна облека што била соодветна за лежење околу триклиниумот.

[84] Римјаните обично оделе во јавните бањи пред вечерата; богатите, кои имале сопствени базени, не ја почитувале таа практика, па во базените со топла вода оделе и по вечерата.

[85] Публиј Мукиј Скајвола, народен трибун во 141 и конзул во 133 год. ст. е., е предмет на критика во сатирите на Лукилиј. Овие стихови се можеби цитат од Лукилиј.

[86] Гај Офониј Тигилин, миленик на Нерон, еден од главните организатори на прогонот и мачењето на христијаните (Tac. *Ann*. 15.44), опишано во стиховите 155–157. Со оглед на тоа што Тигилин не бил современик на Јувенал, извесно е дека овде е споменат како архетип за моќен и суров човек.

онде што распнати горат и димат со клинци во грло,
широка зад себе бразда ќе оставиш среде арена“.
Оној зар стриковци тројца со корен волчји што отру[87]
пружен на перници меки од високо нас да нè гледа?
„Близу штом до тебе дојде, на усни ти залепи прсте,
’Еве го!‘ – речи и исто ко тужба да добил од тебе.
Слободно пеј си за Ајнеј и оној свирепиот Рутул[88],
песни за смртта на Ахил да навредат никого нема
или за Хила што многу бил тражен по вода штом пошол[89].
Секогаш кога со мечот Лукилиј ќе жестоко грмне[90],
дури и човек со смрзната совест црвенее веднаш,
гради што вина да признаат нејќат одма се потат.
Потоа бес, па и солзи! Та затоа размисли добро
трубата пред да ја чуеш: за бој да се каеш е доцна
шлем штом си натнал!“ Ќе влезам во бој јас саде со тие
пат што им Латински[91] ил’ Фламиниев[92] покрива пепел[93].

[87] Не е познато за кого станува збор.

[88] Т.е. Турн, противникот на Ајнеј.

[89] Хила, штитоносец и љубовник на Херакле, момче со исклучителна убавина, кое заедно со Херакле учествувало во походот на аргонаутите. На патот кон Колхида Хила тргнал да донесе вода од некој извор во близина на Пега во Мисија. Кога го здогледале речните нимфи, пленети од неговата убавина, засекогаш го повлекле со себе под водата. Херакле цела ноќ го барал, но не успеал да го најде. Кога од Мисија тргнал кон Лидија, го задолжил локалното население и натаму да го бара неговиот љубен. Види Verg. *Ecl*. 4.41–44; Val. Flac. *Arg*. 3.596; Mart. 10.4.3.

[90] Лукилиј е повторно претставен како епски воин. Спореди стих 20.

[91] Латински пат (*Via Latina*), пат што го поврзувал Рим со Капуа.

[92] За Фламиниевиот пат (*Via Flaminia*), види белешка 39.

[93] На Римјаните им било забрането да ги погребуваат своите мртви во градот, па ги погребувале покрај поголемите патишта надвор од градот.

Библиографија

Изворни трудови и преводи

D. Iunii Iuvenalis, *Fourteen Satires of Juvenal. Saturae XIV*, edited by J. D. Duff, Cambridge University Press, Cambridge UK, 1966.

Decim Junije Juvenal, *Satire*, s latinskog prevela Marjanca Pakiž, Fedon, Beograd, 2009.

Juvenal and Persius, edited and translated by Susanna Morton Braund, Harvard University Press, Cambridge MA, London, England, 2004.

Juvenal and Persius, with an English translation by G. G. Ramsay, William Heinemann, London; G. P. Putnam's Sons, New York, 1918.

Стручна литература

Armstrong, D. (2012), '*Juvenalis Eques*: A Dissident Voice from the Lower Tier of the Roman Elite', во: Braund S. and Osgood J. (eds.), *A Companion to Persius and Juvenal*, Wiley-Blackwell, Malden MA, 59–78.

Braund, S. M. (2004), 'Introduction', во: *Juvenal and Persius*, edited and translated by S. M. Braund. Harvard University Press, Cambridge MA, London, England, 1–39.

Courtney, E. (1967), 'The transmission of Juvenal's Text', *Bulletin of the Institute of Classical Studies*, 14 (1), 38-50.

Сè што е божествено е по себе неискажливо и неспознатливо од какво било секундарно суштество поради неговото натпостоечко единство, но може да биде сфатено и спознаено од суштествата што во него учествуваат. Сепак, Првиот принцип е наполно неспознатлив, затоа што во него не се учествува (prop. 123). Неспознатливоста Прокло ја објаснува на следниов начин. Сето рационално познание, додека разбира интелигибилни поими и се состои од чинови на разбирање, е познание на реални постоечки нешта и ја разбира вис-

тината преку орган што исто така е реално постоечко нешто. Боговите, пак, се отаде сето постоечко (prop. 115). Според ова, божественото не е објект ниту на мнението ниту на дискурзивниот разум. Сè што постои е или сетилно достапно, или објект на мнение, или вистинско Постоење, објект на умот, или пак, може да има некаков посреднички ред, бивајќи и Постоење и процес истовремено (prop. 107), а според тоа, објект на дискурзивен разум. Ако боговите се натпостоечки, или се верува дека имаат супстанција пред постоечките нешта, тогаш не може да имаме ниту мнение за нив ниту научно познание добиено со разумот, никакво умување за нив. Сепак, особениот карактер на нивните својства може да се изведе од суштествата што од нив зависат.

Секој бог е добросоздавачка хенада или обединувачка преобилност, а примордијалниот Бог е Доброто неквалификувано и Единството неквалификувано (prop. 133). Ни сите богови собрани заедно не може да се мерат со Едното, сепак, нагласува Прокло, затоа што тоа така моќно ја надминува божествената мноштвеност (prop. 133). Сите хенади што го осветлуваат вистинското Постоење се тајни и интелигибилни: тајни затоа што се поврзани со Едното, а интелигибилни затоа што во нив учествува Постоењето (prop. 162). Прокло остава извесни познавателни можности, како што беше покажано. Покрај тоа, смета дека сите богови се именувани од принципите што се со нив составени, затоа е можно нивните различни природи, инаку неспознатливи, да бидат спознаени од овие зависни принципи (prop. 162).

Сето божество е во себе неискажливо и неспознатливо, бивајќи со слична природа како неискажливото Едно. Сепак, како што беше споменато, од различностите на учесниците може да се изведат некои атрибути на она во кое се учествува (prop. 123). Така, боговите што го осветлуваат вистинското Постоење се интелигибилни, затоа што вистинското Битие е божествено(ст), тоа е Интелигибилност во која не се учествува, тоа претпостои, значи постои и пред Умот (prop. 161).

Неименливоста на Едното

Кога се говори за неоплатоничарската традиција, треба да се има предвид дека *Парменид*, и покрај логичката структура и стегна-

тиот технички јазик, бил сметан за темелен метафизички текст и за извор на силни духовни чувства. Затоа Прокло говори дека *Парменид* може да го доведе до дионисиска екстаза, откривајќи го светиот начин кон неискажливата иницијација во мистериите (*Plat. Theol.* III.23)[4]. Во овој дух е и химната за врховниот принцип. Прокло опишува дека негациите во *Парменид* (139e) сочинуваат теолошка химна што води кон Едното преку негации (*Comm. Parm.* VII.1191–1192). Прокло пишува дека Едното, според Платон, ги трансцендира десетте категории, и негациите што произлегуваат се како химна. Категориите се меѓу нештата на сетилноста и се однесуваат на сетилниот свет. Сепак, со оглед на тоа што Платон си имал работа со отадекосмичките редови на постоењето, а Едното ги надминува и нив, не би се добило нешто вредно за кажување, дури и кога би се покажало дека Едното е ослободено и неограничено од сите овие категории (VII.1192).

Во химната посветена на Првиот Принцип, на кого Прокло му се обраќа со „Ти", прво се прашува како правилно да го нарекува она што е над сè што постои. „Како соодветно да Те воспеам", прашува авторот, „кога нема зборови да Те опишат Тебе?"[5]. Во следните стихови се посветува на неспознатливоста и неискажливоста, за потем да се врати на прекрасноста и да заврши со безименоста на Едното. Така, пишува: „Само ти си неискажливо, иако создател на

[4] Треба да се има предвид и дека, иако Прокло твори во рамките на неоплатоничарската традиција, нема идентични ставови за методите на негација со Плотин (како што подоцна силниот апофатичар Дамаскиј се разликува и од едниот и од другиот). Апофатичките концепции се неразделни од системите на обајцата, но пристапот на Прокло е повеќе логички отколку поетски, на многу потехнички структуриран начин (спореди кај Mortley (1986), 97–98). Ова не значи дека кај Прокло нема темелно поимање на ритуалната функција на јазикот и свесност за моќта на поетскиот израз. Разгледувајќи го односот меѓу јазикот и ритуалот кај Прокло, односно местото на јазикот во религиозниот израз, Рапе (Rappe) анализира дали Прокло сметал дека јазикот може да има ритуални асоцијации и дали сметал дека точните интерпретации на текстот зависат од точното идентификување на ритуалните аспекти на јазикот во широката анализа на неговите дела – Rappe (2007), 175.

[5] Химната е поместена кај Rosan (1949), ix, според Jahn (1891), 49.

сето она за кое се говори. Како умот да ја спознае твојата природа кога умот не може да те разбере и замисли?“. Прокло во вознес опишува дека сите нешта што постојат, и говоречките и оние без говор, го прогласуваат Него; сите нешта што постојат, и оние што спознаваат и оние што не спознаваат, го обожуваат Него; како и дека сите желби, копнежи, сите болни страсти и стремежи се за Него. Покрај ова, повторува дека сето произлегува, или потекнува, од Него и додава дека Тоа не е од ништо зависно затоа што е целта на сите суштества. „Ти си Едно Нешто“, продолжува, „и сите нешта, а сепак, ниту едно нешто ниту сите нешта“.

Потоа прашува: „О, најименувано, како, тогаш, да те именувам, кога само ти си Неименливо? Каков, дури и небески роден Ум би можел да ја пробие Твојата далечна прекривка?“. Прокло го моли Едното да биде милостиво и завршува со првиот восклик од химната – „О, ти, над сè што постои! (како инаку правилно да Те нарекувам?)“. Во поетска форма се забележуваат неколку клучни апофатички идеи: Едното е неспознатливо; не може да биде соодветно именувано, иако душата со трепет посакува да го именува; и не може да се определи што е, затоа што е истовремено и сите нешта и ниедно нешто, она што го дава постоењето на сè што постои, чие постоење ни останува недостапно и неразбирливо.

Во гносеолошка анализа, следејќи го Платон, Прокло разгледува како ги сфаќаме нештата: кога го слушаме зборот „круг“, го слушаме само името, и затоа не ја сфаќаме суштината на кругот. Ниту цртежот на круг не може да нè одведе до суштината на кругот ниту дефиницијата, но умот, сепак, ја знае суштината на кругот, додека другите видови на соопштување потфрлаат (*Comm. Parm.*, Klibansky, Labowsky 1953, 61). Создавањето на копии, односно примерите на реификација само го умножуваат оригиналниот субјект, и тоа во неговата надворешна и несуштинска форма. Едното не може да биде сфатено во надворешната форма, ниту во вистинската, суштинската форма на постоење. Едното, пишува Прокло, не е именливо или изразливо, или спознатливо или перцептибилно од ништо што постои. Токму затоа тоа е отаде опфатот на сета сетилност, сето

просудување, секаква наука, секакво размислување, и отаде сите имиња (Ibid.)[6].

Сепак, Едното не е несфатливо на ист начин на кој некои други нешта се несфатливи, туку се работи за инаква ситуација. Невозможно е да се знае суштината на нештата преку механички средства токму затоа што тие нешта постојат, а начините на комуникација се несоодветни, и ова донекаде важи и за Едното. Но, Едното е неспознатливо не како другите нешта, туку поради неговата природа. Не може да го спознаеме Едното не (само) поради недостатоците на познавателниот субјект туку поради тоа што самото тоа е (нат)преобилно (*Comm. Parm*., Klibansky, Labowsky 1953, 63; *Plat. Theol*. I.21). Ова е добар пример на негативна теологија со катафатички елементи, затоа што неспознатливоста не се должи на недоволноста на човековите сетила, логика и мисла, туку на специфичен, во случајов позитивен квалитет на Едното. Неговата неспознатливост не е поради потфрлање на познавателниот апарат, туку е квалитет на Едното што се претставува во позитивна светлина, како вид на сјај или неземска боја – ниту може да биде видено ниту препознаено како боја[7].

[6] Едното нема никакви атрибути, а со тоа не може да му се примени никакво име; сите имиња се недоволни за неговата трансцендентна надмоќ (*Comm. Parm*. VII.52K); ниедно име не е способно да ја открие природата на Едното, затоа што, ако името кореспондира со она што го именува, односно е логичката слика на објектот, за Едното не може да постои таков случај (Ibid.).

[7] Кај Прокло се поставува прашањето, следејќи ја Платоновата поделба на триделната уреденост на познанието на doxa, dianoia и noesis (nous), за тоа како да се пристапи кон Едното – како да се спознае преку перцепција или мнение она што е отаде сето постоење, како она што е непричинето да биде објект на научно познание (*Comm. Parm*. VII.48K). Никој не може да има сетилна перцепција или мнение за Едното, ниту човечките, но ниту демонските, ангелските, божеските (демиургиските) редови на постоење. Идејата е дека секој ред има сопствен објект на познание (на пример, човековото познание се стреми кон партикуларните нешта, и нема ништо особено вредно за почит, *Comm. Parm*. VII.50K). Самиот Ум – неразбирливо единство што лежи скриено и неизговорливо во внатрешните вдлабнатини на Постоењето/Битието (*Comm. Parm*. VII.50K) – потфрла во спознавањето на Едното, затоа што сето познание е насочено кон Постоењето, а не кон

Едното е отаде сите нешта, определува Прокло врз основа на негациите од првата хипотеза од Парменид (а индиректно врз основа на *Држава* 509B, *Comm. Parm*. II.763; VII.64K). Едното е проста единственост над секаква суштина и плуралност, и не е секундарно во однос на ништо (II.763). Трансцендентното Едно е вистински пресвет објект, заштитен во единство. Едното поседува неразбирлива моќ и е тајно, останувајќи неизразливо и несфатливо како врвот на постоењето, ја објаснува Прокло втората хипотеза (*Comm. Parm*. I.713), што, повторно, мошне личи на формулациите на Плотин. Едното, секако, не е некое партикуларно едно, туку Едно во апсолутна смисла, просто Едно (*Comm. Parm*. VI.1069). Едното не е некое партикуларно нешто, ниту е вкупноста на Идеите, или врвот на сите нешта, затоа што такво *што* е оној што ги направил небото и земјата (за Едното не може да се каже *што* е или *какво* е навистина). Во апсолутното единство на Едното воопшто не се учествува (*Comm. Parm*. VI.1070; *Plat. Theol*. II.9).

Подобро е за Едното да не се говори, туку, како што Платон направил, да останеме задоволни со негациите за преку нив да се покажува трансцендентната супериорност на Едното, препорачува Прокло. Едното не е ниту интелигибилно ниту интелектуално (во смисла, ниту може да се умува во врска со него, ниту тоа умува, ниту може да се смести каде било преку средствата на нашите индивидуални ментални активности). Едното е причината на сите нешта, но не е ниедно од сите нешта. Не се работи дека тоа е за нас неспознатливо, а за себеси спознатливо, конзистентно тврди Прокло, затоа што тоа е толку непознато за нас што не може да знаеме дали се спознава себеси (*Comm. Parm*. VI.1108).

Прокло одбива лекомислено да употребува имиња како „татко“, „создател“, „божество“, општо застапувајќи се за целосна неименливост на Едното, но сепак, како што уште од средниот платонизам, а потоа кај Плотин, се забележува претпочитање за некои, навидум посоодветни имиња, како Едно, Добро / Добрина, Убаво / Убавина и други, кај Прокло се јавува јасна дистинкција меѓу самиот

Едното. Едното е неспознатливо не само поради ограничените способности на (по)ниските онтолошки и спознавателни редови, туку поради неговата натпреобилна природа (*Comm. Parm*. VII.62K).

Бог, предметот на првата хипотеза од *Парменид*, и Бог како создател на мноштвеноста на боговите. Првиот Бог е Едното, различен од другите и бројни богови, дури и од демиургот, умниот создател и татко на светот. Првиот Бог не е ни татко, туку е над секакво татковско божество, што е конзистентно со ставот на Прокло дека Едното не може да биде ништо партикуларно, значи ни партикуларен Татко, туку е самата божественост во неопределена смисла. Затоа, едноставно може Едното да се нарекува *Бог*, секако со резерва. Кај Прокло, значи, и покрај ставот за неможноста за именување на Едното, се забележува употреба на имиња од типот на „Првиот", „Доброто", „Крал" – што, иако се чини инконзистентно со неименливоста, неизговорливоста и неискажливоста на Едното, има јасна методолошка функција. Ова важи и за повеќето апофатичари, привржаници на ставовите за неименливост – секое дозволено име може да се смета за замена за „Оној / Она што не може да се именува".

Не е точно да се каже дека Едното е извор на сета божественост поради тоа што е самиот Бог (ако се смета дека секој бог, доколку е бог, го добива своето постоење од Едното), затоа што, како што Платон тврдел (*Prm.* 142a), за него нема никакво име, и затоа не може да биде нарекувано „Бог" или некако инаку, тврди Прокло. Секој епитет е наполно инфериорен во однос на неспознатливата супериорност на Едното. Ако веќе мора да се каже што било афирмативно за него, на Прокло му се чини дека е подобро, следејќи ја одлуката на Платон, да се определи како извор на божественоста, но само во смисла на тоа дека го нарекуваме *Почеток* и *Причина* на сите нешта. Сепак, употребувајќи вакви формулации, инсистира Прокло, не кажуваме што е тоа по себе, туку се осврнуваме само на релацијата што со него ја имаат оние нешта што доаѓаат по него и на кои им е Причина. Накратко кажано, сета божественост е хенада, но самото Едно не е ништо друго освен Божественост по себе, преку која сите богови го изведуваат квалитетот на бивање богови (*Comm. Parm.* VI.1109).

Во објаснувањето на црпењето на постоењето на боговите од Едното, Прокло се навраќа на првата хипотеза, сметајќи дека таа се однесува на самиот Бог, со тоа што тој е создателот на мноштвеноста на боговите. Тој е трансцендентен, отаде нивната бројност, и неповрзан со боговите што од него произлегле. Токму поради ова за Едно-

то сè се негира, затоа што е постоење супериорно на сите нешта и отаде сите нешта, кое ги произведува сите карактеристики на боговите, додека самото останува недефинирливо и неограничено во однос на нив. Неспоредливо отаде мноштвеноста на хенадите во кои се учествува се наоѓа Едното во кое не се учествува, трансцендентно, како што многу пати беше реитерирано, над божествените подрачја (*Comm. Parm*. VI.1069–1070).

Едното е без делови и различно од она што го има едното како атрибут (Прокло реферира на *Софист* 245а и на *Второто писмо* 312е). Едното е прво од сите нешта, на кое не треба да му се применува прашањето „какво е?“, затоа што сè што е квалификувано на некаков начин веќе не е апсолутно затоа што му се дава карактеристика и со тоа станува некакво на партикуларен начин. Квалитетот не може да му се примени на Едното во суштинска и апсолутна смисла, затоа што тоа не смее да стане партикуларен вид на едно, наместо самото Едно. Ако самото Едно и примордијалното постоење се едно исто, а примордијалното постоење е Бог, тогаш е јасно дека самото Едно и Бог се едно исто нешто, и во тој случај не се работи за некаков партикуларен Бог, туку за самиот Бог (*Comm. Parm*. VI.1096).

Прокло ова го додава како објаснување за демиургот – оние што велат дека првиот Бог е Демиург или Отец не се во право, затоа што Демиургот или бог како Татко е партикуларен бог. Прокло смета дека ова е очигледно, затоа што не секој бог е демиург или татко, додека првиот принцип е едноставно Бог, и сите богови се богови поради него и преку него, а само дел, како демиурзите, се преку Демиургот, и татковците, преку примордијалниот демиург татко. Затоа, Едното може да се нарекува *Бог*, како причина на сите богови за нивното бивање богови, но не за некои партикуларни богови што имаат божественост со некакви определени карактеристики, а не божественост во најпростата смисла.

Покрај ова, Прокло објаснува дека првиот принцип и Едното се исто нешто и ги изедначува со Доброто од *Држава* 509с, кое е отаде постоењето и постоечкото и натсуштинско. Доброто е она што сè одржува заедно, што е исто како Едното. Кога не би било исто, тогаш или би било отаде Едното, или би било ништо, или не би било Едно, разложува Прокло, а секоја од овие алтернативи се чини ап-

сурдна. Така, мора да се тврди дека првиот принцип е она што е вистински Едно, крал на сето и Добро (*Comm. Parm*. VI.1096–1097).

Името „Едно" не значи ништо освен „едност" – не се работи за вистинско име затоа што едното ја нема ни едноста како карактеристика (*Comm. Parm*. VII.1196). Името „Едно" е посоодветно од други термини и имиња, како најбожествено од сите имиња (*Comm. Parm*. VII.1200). Секако дека е несоодветно за Едното, но човековиот говор го употребува, а сите имиња, потем, реферираат на она што доаѓа по него (*Comm. Parm*. VI.1108). Едното може да се определува како извор на божественоста, како Причина и цел на постоењето (*Comm. Parm*. VI.1108–1109). Со ваквиот начин на објаснување преку создадениот свет, односно со нагласувањето на релацијата со нештата што доаѓаат по Едното, Прокло уште еднаш покажува дека не може да се говори што е тоа по себе, туку што е за нас (односно што е во однос на последиците на кои им е причина).

Вредноста на имињата е објаснета инаку низ дискусија на *Кратил* (со 390Dff како појдовна точка), а поттикната од поенти од *Парменид* (*Plat. Theol.* I.29). На Едното од првата хипотеза од Парменид му се негира секакво име или каква било дескрипција, но Едното од втората хипотеза има и дескрипција[8].

Имињата на боговите имаат специјална вредност. Во овој тешко разбирлив дел се чини дека постојат некои имиња на боговите што имаат природно и автентично постоење, и тие се воведени меѓу самите богови[9]. Овие имиња се вистински божествени и имаат највисок статус. На ниво под нив се нивните копии, кои имаат статус на дајмони или на посреднички духови. Третото ниво на имиња, три нивоа оддалечено од вистината, е, како што посочува Сафри, формулација на Платон што Прокло често ја повторува (Saffrey 1968, 164), а доаѓа од дискусијата за уметноста од *Држава* X, каде што Платон ги објаснува онтолошките нивоа, концепција што Прокло ја

[8] Интересно е што, за разлика од Јамблих пред него (*De myst.* VIII.2) и Дамаскиј по него (*Dub. et sol.* II.8), Прокло не поставува неискажливо над-Едно над Едното/Доброто, туку, според него, првите две хипотези се однесуваат на Едното над постоењето и на самото Битие.

[9] Односно, според преводот на Сафри – треба да се сметаат како востановени на ниво на самите богови (Saffrey 1968, 124).

применува на божествените имиња. Според Прокло, подолната форма на јазик се јавува, односно произлегува од желба иста како онаа на уметникот што произведува копии, желба на човековата интелигенција на која ѝ требаат такви нешта за нејзините сопствени процедури. Прокло пишува дека нашиот начин на познание конструира преку говорот, според начинот на интелигибилното произведување и сличноста со другите реалности, и дури и со самите богови, претставувајќи го несложеното преку сложеното, едноставното преку разновидното и единственото преку мноштвеното. Така создадени, овие имиња се претставуваат како слики на боговите. Произведувањето на секое од овие имиња како статуа на боговите, на ист начин како теургијата, преку одредени симболи, ја повикува великодушноста на боговите да ги просветли статуите со човечко потекло. Нашиот познавателен апарат, дозволува Прокло, понекогаш го открива скриеното постоење на боговите преку композицијата и делењето на звуците (*Plat. Theol.* I.29)[10].

Најнижиот вид на именка или име е она што поделува или одделува, а со тоа и умножува. Примарните имиња имаат статус на богови (особено ако се следи преводот на Сафри), што укажува на големата моќ што им се припишува на некои зборови, кои имаат способност да дејствуваат, да определуваат, да исполнуваат со значење. Божествените имиња имаат специфични моќи, и затоа дури и најнижите зборови, оддалечени од вистината, се како статуи во однос на нив, стануваат привремени носители, или примателi, на нивната моќ.

Трујар разгледува неколку извори од Прокло каде што се третира моќта на имињата (Trouillard 1975, 239–251). Да се именува е да се создава, да се создава е да се изразува, и затоа именувањето е чин на мудрост. Преку чиновите на мислење, боговите создаваат и имену-

[10] Неколку поенти се интересни во врска со овие тврдења. На пример, Прокло покажува добро разбирање на култното верување, вклучително на идеите за филозофијата на теургијата; како и на верувањето дека, преку интервенции на боговите, статуите екстериоризираат одредени карактеристики. Од аспект на филозофијата на јазикот, може да се забележат одредени мотиви што ги има во гностичките извори, како на пример, идејата дека што повеќе гласови се вклучени, пониско е нивото на светот за кој станува збор.

ваат. За луѓето, пак, способноста за задавање имиња е определена од степенот на нашето учество во божествената мудрост. Кога пасивно им се предаваме на впечатоците, во јазикот воведуваме елемент на случајност (Trouillard 1975, 242). Трујар ги резимира размислувањата за јазикот на Прокло во две, навидум спротивставени афирмации: јазикот во строга смисла не им припаѓа на рационалните и дискурзивни души; својата основа ја има во создавачката и обединувачка моќ на божественото (Trouillard 1975, 239). Јазикот е дејност што е суштински човечка, но не е оставен ниту на случајност ниту на чистата и арбитрарна конвенција – тој му припаѓа на човекот, исполнувајќи божествена функција и учествувајќи во моќта на боговите, затоа што само кај човекот божественоста може наполно да ја манифестира и употреби моќта за именување (Trouillard 1975, 239). Преку оваа моќ, именувајќи, човекот се именува и се определува. Според Прокло, името има два вида на моќ, една што поучува и преку која се соопштуваат мислите и друга што ја распознава суштината, затоа што Демиургот има два вида на моќи, една што произведува идентитет и една што проиведува различност (*In Crat* 51.20.18–21 во Trouillard 1975, 243)[11]. Прокло предупредува да се внимава – кога се говори за имињата, тоа се имиња што се достапни за разбирањето на човековиот ум, а постојат бројни нивоа на имиња (божествени, ангелски, демонски и човечки), од кои некои се изговорливи, а некои не се (*Comm. Parm*. IV.853; VII.50K).

Важно е постојано да се има предвид дека, според Прокло, кое било име применето на Едното подразбира негово ограничување, односно само го претставува Едното според одредена моќ или нека-

[11] Прокло ја објаснува психологијата низ семиотичка онтолошка замисла. Душата, низ која се насочува космичката манифестација, го „чита“ светот низ еден од два знака: како нешто различно или надворешно на душата кога е во процесот на симнување и како нешто исто или внатрешно при искачувањето, односно враќањето на душата. Обете имиња се изговараат и се разбираат од душата, додека, во моментот на изговарањето, се изразува самиот свет. Се работи за концепт во кој светот како целина е само систем на знаци поради дејствителноста на Демиургот. Името „космос“ е соодветно ако се применува на создаденото од Демиургот, слично и со „уранос“ – земјата и небото служат за да го означуваат произлегувањето на сето и навраќањето.

ков аспект. Идејата е дека со тоа што произлегувачкото е манифестација на неговата причина, тоа ја ограничува природата на причината, со што ја изобличува. Иако ги употребуваме имињата „Едното“ и „Доброто“, тие го сокриваат првиот бог преку два различни аспекта – на единството и на создавањето. Според Трујар, кај Прокло се јавува основен контраст во размислувањата за јазикот – од една страна, јазикот во строга смисла се појавува само меѓу рационалните и дискурзивни души, а од друга страна, јазикот е вкоренет во обединувачката и создавачка моќ на божественото (Trouillard 1975, 239)[12].

Јазикот ја манифестира суштината. Но, со тоа што секоја манифестација е определување, а да се детерминира значи да се детерминира и самиот себе, да се именува значи да се учествува во една од примордијалните моќи на божественоста, таа на соопштување на бесконечноста преку дефиниција. Кај Прокло е важно мислењето дека божествените имиња не се само имиња што луѓето ги имаат за Едното, туку се елементи на божествен говор, преку кои Едното комуницира со сите нешта[13].

[12] Ако космосот е знак за Бог, сепак, и го означува Бог онака како што Бог комуницира, тогаш, заклучува Рапе, се соочуваме со систем што не дозволува превод ниту референцијалност (Rappe 2007, 183). Ако се замислат кругот на Истото и на Другото, што ја затвораат душата во рамките на дискурсот чии термини мора да останат необјаснети, тогаш или сме исклучени од овој систем, во кругот на другото се соочуваме со непропустливост и бесмисленост, или сфатени од страна на кругот на истото веднаш наоѓаме значење. Ова не значи ништо, меѓутоа, затоа што таквото значење не може да биде откриено на друг затоа што ѝ станува очигледно на душата кога таа успева да sирне зад превезот на космичката манифестација и навраќањето на произлезеното. Како што формулира Рапе, оваа енигматска циркуларност е само големото име на божественото (Ibid.).

[13] Комбинирајќи ставови од *Коментарите на Кратил* и на *Тимај*, Трујар резимира дека, за Прокло, еден вид на божествена комуникација е таа што ги изразува боговите како мисли што се реализирачки и себеопределувачки – ова се божествените имиња. Боговите го исполниле целиот космос со нивните имиња, и не само космосот туку и сите моќи што го обвиткуваат, според *Коментарот на Алкибијад*. Боговите ги одржуваат нештата преку самиот чин на именување. Душите ги откриваат имињата што ги повикуваат, ги манифестираат и ги прославуваат боговите (ова оди преку имињата

Божествените имиња претставуваат и модус за приближување кон Едното, на истовремено откривање и криење, со што, според Прокло, начините на посочување на Едното се двојни (барем што се однесува до имињата за тајниот принцип што ни ги пренесол Платон). Во *Држава* Платон го нарекува Едното „Доброто“ за да го посочи изворот на вистината што го поврзува оној што спознава со она што се спознава, а во *Парменид* го употребува терминот „Едно“ означувајќи го принципот како причина за постоењето на хенадите (*Plat. Theol.* II.6). Едното од овие имиња го означува произлегувањето на светот, а другото е симбол за неговото враќање – во оваа смисла, резимира Прокло, ги воведува сите нешта во постоење, односно сите произлегуваат од овој прв принцип.

Прокло неколкукратно се навраќа на поентата дека, иако, со тоа што формулираме имиња, може да се претпостави дека неискажливото е способно да прими некакво име, тоа не е точно. Ниту, пак, дуалноста што се споменува треба да значи дека во Едното, причината за сета единственост, има дуалност или мноштвеност. Имињата што се применуваат реферираат само на тоа што е по Едното, или на произлегувачкото (од него) или на навраќачкото (кон него) (*Plat. Theol.* II.6)[14].

од прв ред, беше споменато, кои имаат најголема теургиска моќ; Trouillard 1975, 246).

[14] За Прокло овие имиња за Едното се модуси на говорот – името „Едно“ е изворната идеја за модусот на негацијата, а името „Доброто“ е идејата за модусот на афирмацијата. Затоа Прокло ги споредува овие имиња со „божествени слики“, што се технички теургиски затоа што се осмислени да се однесуваат на првиот принцип преку неговите последици, анализира Рапе (Rappe 2007, 182). Следствено на ова, продолжува Рапе, не секогаш е лесно да се „чита“ космосот затоа што неговата читливост зависи, парадоксално, од одложувањето на значењето. Онака како што одредени симболи се очигледни, одредени симболи имаат езотерично значење и реферираат на божественото присуство. Езотеричните симболи им се познати само на иницираните, на ист начин светот е слика на интелигибилното и бил создаден од неговиот татко, па содржи некои очигледни знаци на божественото и некои скриени симболи. Затоа Прокло предупредува дека недоразбирањата се веројатни, со тоа што светот не е само симбол на двете големи имиња на божественото, туку исто така во своето откривање крие име што не се открива. Ако произлегувањето и навраќањето се големите

За Прокло, имињата имаат моќ да ја одредат суштината на нештата (*Comm. Cratylus* 20.18–21). Имињата се создадени од страна на боговите, како и сите други суштества. Овие божествени имиња настануваат како што се одвиткува светот и остануваат низ вселената на реалното како знаци и траги. Имињата имаат потекло во нештата што може да бидат перципирани, и барем во вообичаениот процес на именување, преку процес на аналогија од перцептибилните нешта се воведуваат имиња за невидливите реалности. Така, сетилно достапните нешта се именуваат во примарна смисла, а оние што се недостапни за сетилата добиваат имиња индиректно, преку аналогија. Другиот пристап тврди дека имињата прво се воведуваат за да се однесуваат на нематеријалните форми, а секундарно на сетилно достапните нешта[15]. Според ова гледиште, секое име носи сличност со објектот на кој му се применува – ова е важно кога се однесува на неименливоста на Едното. Имињата, значи, реферираат примарно на нематеријалните форми, а имињата на секундарните нешта доаѓаат од суштества што им претходат (*Comm. Parm.* IV.852).

Иако, општо земено, Прокло застапува апофатичка позиција, во врска со ставовите за имињата, позицијата е на јазичен реализам: одредени зборови имаат објективна реалност, специјален статус и надземски моќи. Ова се однесува на имињата на боговите, со што оваа констатација може да се смета за невалидна, но сепак, и други зборови постојат како интелигибилни ентитети, и тие имаат ист

имиња на божественоста, тогаш сè е, конечно, симбол на врвното значење, што значи дека целото множество на сè останува необјаснето, на бесконечно одложување на значењето (Rappe 2007, 182).

Космичкиот јазик е целосен систем што опфаќа сè во реалноста, произлегувајќи од Неискажливото и протегајќи се низ светот, вклучувајќи го сето од доменот на знаците. Сепак, манифестирањето на светот е само еден корен на божественото (како што произлегувањето е еден член од основната онтолошка тријада). Со тоа што Прокло говори за божествените имиња во рамките на останувањето, произлегувањето и враќањето, се посветува на тоа да објасни дека реалноста, како што постои во себе, исто така има име, иако тоа име останува неспознатливо.

[15] Така, во платоновска смисла, „човек“ точно може да се примени на интелигибилната сфера, но не на еден партикуларен човек (*Comm. Parm.* IV.850).

статус како таквите ентитети, како модели, односно извори или причини на пониските реалности, односно како „поддршка“ на пониските ентитети. Дискусијата од Кратил за тоа дали имињата имаат природна врска со реалноста, или се добиваат по конвенција, кај Прокло е на ниво на тоа дека имињата се реалноста[16].

Прокло доаѓа до тишината како единствен финален соодветен пристап кон Едното, но дозволува говор за Едното, прифаќајќи дека се работи за природен стремеж на душата кон него, за копнеж по Едното. Сепак, и покрај обидите, не може да се каже ништо за него

[16] Кај Филон Александриски има опишана ситуација во која Адам дава имиња на нештата, но не може самиот себе да се именува, поради што нему Бог му дава име. Преку таквото дарување на името, Бог и на името и на личноста им дава цврст статус (*Leg. All.* 1.92). Адам е изедначен со Умот и ги сфаќа, и умее да ги именува, другите објекти, но не и себеси (умот не се знае себеси, *Leg. All.* 1.91). Тој е неук кога станува збор за самиот него и за неговата сопствена природа, и не може да се види ниту разбере, како што окото гледа други нешта, но не и себеси. Можно е повисокиот ум да има себепознание (*Leg. All.* 1.90), но Филон не смета дека мислата сама себеси се мисли, или барем не земската мисла. Со тоа што Адам е земски ум, нема мисла за самиот себе.

Во гностичкото *Евангелие на Вистината* (38) има слична концепција, се тврди дека Името на Отецот е Синот – синот е видлив, но не и името. Таткото може да го именува само оној што почива во името на Таткото и во кој почива името (релација на заемно учество). Таткото е единствениот што си дава име, затоа што е непотекнат (тој си дал име затоа што се гледа себе и само тој има моќ да си даде име; оној што не постои нема име).

Мортли забележува дека Прокло на одредени божествени имиња им дава статус на богови, реифицирајќи само некои имиња (на боговите), додека другите именки се во понижите категории. Ова е интересно од аспект на филозофијата на јазикот, затоа што некои имиња се чуваат со тоа што се определуваат како извори и модели на лингвистичка реалност и имаат религиозно значење, со што Прокло, всушност, „...ја гарантира вистинитоста на грчкиот теолошки јазик, во рамките на општите граници на јазикот“ (Mortley 1986, 102). Мортли го лоцира мотивот за лингвистичкиот реализам во напредувањето на Зборот / Логосот во процесот на христијанизација во Римската Империја. Така, „...инкарнираниот збор наоѓа софистициран одговор во зборот кај Прокло, кој е интелигибилна реалност: Прокло го воздигнува зборот наместо да го унижи божественото“ (Ibid.).

во соодветна смисла (*Comm. Parm.* VII.1191)[17]. Сепак, постоењето на вроден копнеж не значи дека не треба да се постапува внимателно, и затоа Прокло предупредува: не сите содржини на умот може да бидат навистина мислени, и не се говори за сето она за што се мисли; покрај ова, не го запишуваме сето што го зборуваме, и – важно предупредување за кога се пишува ваков текст – не објавуваме сѐ што ќе успееме да напишеме (*Comm. Parm.* I.718).

Едното е трансцендентно, поседува неразбирлива моќ, тајно е, неискажливо, не може да биде изразено, во него не може да се проникне. Тоа ги поседува овие карактеристики примарно; говорот, пак, ги поседува само секундарно (*Comm. Parm.* I.713). Секако, говорот за што било друго е инаков од говорот за Едното – се работи за возвишен говор, што оди отаде вообичаеното тематско рамниште, и затоа е свет, енигматичен, таен (Ibid.). Со оглед на тоа што не може да се постигне разбирање на едноставни Идеи без делови, не може да се достигне дефиниција на она што е неразбирливо и отаде постоењето. Едното е неизразливо и според опис и според име (*Comm. Parm.* VII.46K). Сите дефиниции и имиња се однесуваат на подрачјето на составените нешта (*Comm. Parm.* IV.939). За Едното не може да се зборува во рамките на квалитетите што се типични за нешта подложни на составување и на споредување (*Comm. Parm.* VII.1211), ниту е дозволиво, иако може да се потпадне под такво искушение, за Едното да се говори низ хиперболизирани епитети, односно суперлативи од атрибути, како *највишо*, *најголемо*, *најдобро* и слично (како што, впрочем, прават голем број на негативнотеолошки ориентирани автори пред Прокло), затоа што оние што се обидуваат да пристапат на овој начин покажуваат желба за соопштување за Едното повеќе отколку што е можно преку негативниот начин (*Comm. Parm.* VII.1211). Едното не може да биде опишано како нешто во суперлатив, затоа што не може да има суперлатив за непостоечки квалитет (ако нешто не е во ниедна смисла бело, за него не може да се каже дека е врвно бело, VII.1212).

[17] Желбата се наоѓа пред секое разбирање, независно дали е неизразливо или може да биде изразено и анализирано; а молчаливото разбирање е секогаш пред она што може да се изрази со јазикот (VII.54K).

Ако имињата се природни, тогаш Првиот принцип не може да има име, дури ни „Едно“, затоа што, кога би имал име, не би бил Едно (*Comm. Parm.* VII.50K)[18]. Секако, „Едното е безимено“ звучи парадоксално, но, повторно, името се дава во човечка смисла, за методолошка јасност и за рамниште на говор што во човековиот ум ја доведува идејата за разбирање на едноста во човекот, што е пониска од самото Едно, кое никако не може да биде денотирано (*Comm. Parm.* VII.54K)[19]. Она што е дозволено да се нарекува *Едно* е името за нашата човечка и ограничена концепција за Едното, тоа е проекција или израз на Едното во нас.

Функцијата на негациите во говорот за Едното

Со оглед на тоа што негативната теологија, покрај со онтологијата, е тесно поврзана со начините на апстрактното математичко размислување, што е очигледно уште во средниот платонизам и инспирираноста за апстракцијата од Евклидовата геометрија, разгледувањето на негациите кај Евклид е важно и за апофатичките ставови на Прокло.

Геометријата се движи од точката кон линијата, кон формите и волумените, градејќи ја реалноста преку низа надградувања врз инфинитезималните почетни точки. Кај Аристотел алатка за разбирање на геометријата е апстракцијата, не негацијата (иако тешко веројатно е дека Аристотел му се спротивставувал на Евклид, кој бил

[18] Прокло објаснува дека „Едно“ не може да биде редуцирано на попросто име, но може да се редуцира на неговите составни делови: согласките, самогласките и тивкото вдишување. Сепак, ова би значело дека секој од овие делови претставува нешто различно од другите, што, повторно, прави невозможно да биде Едно. Затоа, чесно, вистинито и соодветно е да се смета дека Едното е безимено.

[19] Името „Едно“ за самото себе на некој начин ја „претскажува“ реалноста на она што се надминува себе и сè друго (*Comm. Parm.* 58K). Сите имиња, освен „Едно“, даваат одредено познание за нештата што се обидуваме да ги концептуализираме, а за Едното ова не може да важи (*Comm. Parm.* 56K; 58K). Името „Едно“ е соодветно (онолку колку е можно), и со оглед на тоа што Едното и Доброто се едно исто, Едното може да се нарекува и „Доброто“ (*Comm. Parm.* 56K; повторно, очигледна сличност со Плотин, како и со некои од средните платонисти).

помлад и не толку познат, и не во Атина), а кај средниот платонизам апстракцијата е корисна во поимање на тешко поимливото и неискажливото (Бог). Негацијата кај Евклид е суштинска во првите дефиниции: 1) точка е она што нема делови; 2) линија е должина без ширина; 3) краевите на линијата се точки (точките се краеви на линијата).

Евклид употребува негација, без да анализира дали би била соодветна употребата на негација (apophasis) или на апстракција (aphairesis). Првата изјава (првата дефиниција) е негација, односно се негира изјавата што би се подразбрала (се негира дека точката има делови). Во втората дефиниција се прифаќа состојба на нештата за која би можело да се даде изјава, но ѝ се додава негација за следна состојба на работите. Во третата дефиниција се прифаќа состојба на нештата, а потоа ѝ се додава нова состојба на нештата (точката се додава на линијата, значи во овој случај нема негација, туку додавање). Во петтата дефиниција („површина е она што има само должина и ширина"), присутни се комбинирани негација и додавање, со тоа што две состојби на нештата се ограничени од подразбраната негација преку „само" (во смисла на „без х").

Кога Прокло ја разгледува Првата книга од *Елементи* на Евклид, забележува неколку поенти. Така, онаму каде што геометарот додал „само" на двете димензии, со тоа што третата димензија не постои во површината, тоа е еквивалентно на негација на длабочината за да се покаже супериорноста на површината во нејзината едноставност во однос на телото, односно преку додавање еквивалентно на негација: инфериорноста е покажана преку афирмации (*Comm. Elem.* I, Def. 5). Покрај ова, Прокло наведува дека Евклид поучувал за точката како принцип за сите нешта со големина само преку негација, но ја објаснувал линијата преку комбинација на афирмација и негација (*Comm. Elem.* I, Def. 2). Негативните изјави се соодветни за првите принципи (принципите на потекнување), како што поучувал и Парменид, преку објаснување на првата и финална причина само преку негации, разложува Прокло, затоа што секој принцип од кој нештата потекнуваат има постоење различно од постоењето на нештата што од него потекнуваат, и затоа негациите за нив го покажуваат специфичниот карактер на она од кое потекнуваат (*Comm. Elem.* I, Def. I). Секое нешто со големина, резимира Прокло, потекнува од

точката како извор, но само негацијата може да ја формулира нејзината природа. Позитивните изјави се соодветни за она во нештото што е негов инфериорен дел, додека супериорниот секогаш се означува преку негација. Точката не може да биде опфатена од позитивни изјави затоа што во неа нема комбинација од делови, ниту инфериорни делови, и затоа е подложна само на негации. Онаму каде што позитивни изјави се можни, она на што се однесуваат е онтолошки инфериорно. Негацијата е особено соодветна за принципите, односно за она од кое потекнуваат нештата. Принципот, смета Прокло, може да биде реално суштество во светот на нешата, но секако е специфично суштество што тешко може да биде разбрано, и затоа е соодветен методот на негација[20].

Комбинацијата на афирмации и негации, можна во подрачјето на геометријата, ја објаснува логичката заднина на метафизичките ставови. Во *Коментарот на Парменид* (I.639), Прокло наведува дека на Едното, кое е себеидентично, првин треба да му се применат афирмации, потем негации, а потоа симултано афирмации и негации. Ако се следи претпоставката на Прокло за различните нивоа, односно фази, и фактот дека позитивните изјави се однесуваат на инфериорните фази или позиции, а негативните изјави на онтолошки супериорните фази или позиции или нивоа, ова воопшто не треба да збунува.

Секоја позиција како нејзина причина ја има кореспондирачката негација, резимира Трујар (Trouillard 1975, 253). Комбинацијата на негативно и на позитивно тврдење би значела дека Едното е комбинација од причина и последица, односно спој на пониско и повисоко ниво (или фаза), што не е случај.

Нејасно е токму каков став Прокло има кон апстракцијата (aphairesis). Нештата конципирани од хипотетичката мисла и раз-

[20] Мортли посветува извесно внимание на третманот на негациите во Евклидовите *Елементи* кај Прокло (Mortley 1986, 103–105). Во врска со концепцијата на принципите, тој смета дека Прокло ги зема принципите како двојни – еден е аспектот на принципот по себе, а друг на тоа што од него произлегува. Затоа Мортли смета дека негацијата за Прокло е посоодветна за едноставните, немноштвени, неумножени реалности, додека афирмацијата припаѓа на оние што се здобиле со поцврста основа на материјални карактеристики (Mortley 1986, 105).

брани на нематеријален начин не може да бидат принципи на реалноста, смета (*Comm. Parm*. VI.1054), со што е можно да реферира на апстрактната мисла, наведувајќи метод со кој се доаѓа до идеи ослободени од материјата – ако ова се смета за процес на отстранување или одземање, тогаш се чини дека се работи за процес на апстракција. Сепак, за Прокло, нештото конципирано преку овој метод нема да има вистинско постоење (во смисла на hypostasis), туку второстепено постоење, hyparxis. Ако се прекине со чинот на хипотетичко размислување, нештото се губи. Кога се работи за вистински принципи, тие не исчезнуваат затоа што имаат постоење по себе, независно од познавателните субјекти што ги мислат (или не ги мислат).

Негациите од петтата хипотеза од *Парменид* се однесуваат на тоа дека нештата што не се Едното не се ниту идентични ниту различни, подвижни или неподвижни итн., затоа што се лишени од Едното (*Parm*. 160a). Прокло говори за лишувања (привации), како категорија на негации (*Plat. Theol.* I.12). За Прокло, овој вид на негации се привации, додека негациите од другите хипотези служат како трансцендентни причини за сето што од нив потекнува. Негациите од петтата хипотеза не се пример за разликувањето на нивоа на онтолошка важност, не се функција на супериорноста на повисокиот принцип, туку се такви поради изразувањето на недостиг.

Според Прокло, во *Парменид* еден вид на негативни изјави може да потекнат од супериорноста на принципот на кој се однесуваат, како што беше покажано во случајот со дефинициите од *Елементи* на Евклид (негацијата во „точката нема делови“ се изведува од фактот дека точката е нешто различно од делот, но поврзано со делот во смисла на тоа дека е негов извор или потекнувачки принцип). Во петтата хипотеза од *Парменид* Едното и другите нешта се одделени, така што нештата што не се Едното се лишени од единство. Ако ова се примени на примерот со точката („точката нема делови“), може да значи дека точката е лишена од нешто (делови), што би било очигледен случај на привација. Со оглед на тоа што секоја негација барем подразбира (ако не е очигледно) и лишување (иако, кај Аристотел, додека негацијата може да вклучи привација, не секоја привација е негација), нејасно е на што Прокло го става акцентот во ваквата поделба.

Прокло предупредува против дезавуирање на неговата форма на дискурс, преку тврдење дека овие негации се лишувања, или, пак, преку отфрлање на ова патување нагоре кон Првиот принцип, дефинирајќи ја аналогијата како идентитет на концепти, а концептите – како релации (*Plat. Theol.* II.5). Можно е ова да се однесува на тврдењата за аналогијата како средство за познание на божественото поради нејзината способност да се занимава само со релации. Сепак, дури и ова да не е забелешка против форсирањето на аналогијата, се чини дека постоела извесна тензија меѓу употребата на различните апофатички методи, односно дека негацијата била напаѓана од причини што имаат врска со привацијата, а не со негацијата. Но, немајќи доволно податоци за таквата тензија, останува само да се претпоставува дека оправдувачкиот и објаснувачки начин кај дел од овие автори значи дека морале доста цврсто да ги бранат одбраните позиции и формулации (Прокло ја брани негацијата на супериорното).

Ако *Парменид* се чита како критика на негацијата, тогаш може да се разбере зошто Прокло уште еднаш ѝ се спротивставува на антинегациската струја (*Comm. Parm.* VI.1072). Тој се прашува дали афирмациите се подобри од негациите, и, ако се следи учењето дека негацијата е само привација, тогаш, јасно е зошто експлицитно го поставува ова прашање. Привацијата била сметана за непостоење, небитие, недостиг, додека со афирмацијата се подразбирало постоење. Можеби затоа негацијата коинцидирала со привацијата – за да означува отсуство на нешто. Прокло, разгледувајќи го овој оддел од *Софист* 258а, одговара дека се замислуваат неколку можни значења на „непостоење": може да се однесува на нешто супериорно на постоењето, или нему еднакво, или пониско од него, според што и негацијата има три можни значења. Следејќи го Аристотел, Прокло забележува дека негациите имаат неопределена моќ (*Comm. Parm.* VI.1074). „Нечовек" има мошне поширок распон на значење од „човек". Афирмациите ги приковуваат суштествата и значењата, додека негациите ги отвораат водејќи ги од одреденото кон неодреденото, од состојбата на бивање поделени во рамките на нивните сопствени граници кон состојба на неограниченост.

Во дискусија за соодветноста на негациите за Првата Причина, Прокло не мисли дека тие ѝ се применуваат како на нешто што

прима афирмации, затоа што Едното не прима ништо надминувајќи го сето Постоење и сето учествување. Не се применуваат ниту како на нешто што е апсолутно неподложно на афирмации и што поседува лишеност (ако воопшто може да се поседува лишеноста) и неспособност да биде помешано со Идејата за која станува збор, затоа што Првиот принцип не е едноставно лишен од нештата што во врска со него се негираат, ниту овие нешта се без каква било комуникација со Едното, туку се произлезени од него како извор, затоа што нештата што следуваат од Едното не се токму создадени од него, туку го добиваат нивното постоење од него (*Comm. Parm.* VI.1075). Применувањето на негациите не се одвива ни на некаков посреднички начин меѓу овие два, како да се каже дека негацијата му се предицира на Едното како на нешто што самото не прима некаква дадена карактеристика, но е причина на оние нешта во кои престојува, примајќи одредени карактеристики. Општо земено, секој физички атрибут е слободен од релевантните карактеристики, затоа што по себе, ако е прост, или постои или не постои и ги искусува ваквите искуства преку тело составено од делови. Затоа, ни во оваа смисла негациите не се искажуваат за Едното, затоа што тоа не настанува во ниедно нешто и, иако е причината за тврдењата од кои му применуваме негации, на никаков начин не доаѓа во нештата за кои е причина (*Comm. Parm.* VI.1075). Како резиме Прокло додава дека, како што Едното е причина на сите нешта, така овие негации се причини за кореспондирачките афирмации. Поради ова, сето што се тврди во втората хипотеза се негира во првата хипотеза, затоа што сите позитивни тврдења произлегуваат од негациите, а причината, како и за сите други нешта, е Едното. Едното не е ниедно од нештата што ги произведува, а ги произведува сите нешта. Ако ги знаеме нештата преку тврдења, ја откриваме природата на суштествата преку негирање на едни во однос на други во светот, и оваа форма на негација ја произведува мноштвеноста на афирмациите (*Comm. Parm.* VI.1076). Во случајот на реалните суштества, од друга страна, негациите се во согласност со афирмациите, затоа што Непостоењето не учествува во суштината ништо помалку од Постоењето, со што се реферира на *Софист* 258b. Во случајот на Едното, пак, негациите ја откриваат неговата супериорност како каузален принцип, и во оваа смисла тие се супериорни над афирмациите.

Сето она што се негира за Едното произлегува од него, затоа што тоа не смее да биде ниедно од сите други нешта за сите тие нешта да може да произлегуваат од него. Затоа и му се чини на Прокло дека Парменид негира спротивставени атрибути на Едното. Така, на пример, вели дека тоа не е ниту целина ниту дел, ниту исто ниту различно, ни статично ни динамично, затоа што Едното ги надминува сите антитези, се издигнува над сета релација, исчистено е од секаква дуалност, бивајќи самото причина на сета мноштвеност и на координираните парови на спротивности, и на примордијалната дијада, и општо на секаква релација и антитеза. Едното е причина на сите поделби. Причината на секаква антитеза самата не е на ништо спротивставена, затоа што тогаш би морало да има некаква друга причина за таквата антитеза, и Едното не би можело да биде причина на сите нешта (*Comm. Parm.* VI.1077).

Како што беше споменато, „нечовек“ кај Аристотел е неопределена именка, и воопшто и не е вистинска негација; и кај него, и особено кај Прокло, негацијата отвора разни можности со нејзината неопределеност. „Нечовек“ може да бидат сите нешта, освен човекот (едно нешто). Прокло го споредува ова со тесниот избор содржан во афирмацијата, и затоа смета дека негацијата е посоодветна за Едното (ова, пак, води кон подразбран или потенцијален вид на афирмација, затоа што негацијата отвора можности). Прокло објаснува дека, кога велиме „непостоење“, изразуваме само негација на постоење, но не спротивното на постоење (во смисла на најоддалеченото можно од постоењето, нешто што излегува надвор од постоењето), што, се чини, ја поставува негацијата како форма на диференцијација. Негацијата и привацијата ги разликува и во Платоновата теологија, објаснувајќи дека негативниот начин не е прашање на лишување од тоа на кое му се применува, туку произведувачки начин на она што може да се наречат спротивности (*Plat. Theol.* II, 10).

Според Прокло, во *Софист* било покажано дека Едното е причина за она што се нарекува „хипернегации“ (*Comm. Parm.* VII.1172). Кога Росан (Rosan) ја разгледува апофатиката на Прокло, хипернегациите ги нарекува „супернегации“ (Rosan 1949, 123). Некои негации се супериорни над афирмациите, потенцира Росан, како во случаите кога нешто нема одредена карактеристика затоа што ја трансцендира таквата карактеристика, што е прилично типичен пример за

важноста на негативната теологија. Едното не учествува во родовите, и преку тоа се покажува дека Едното ги надминува, дека тоа постојано се поставува над интелигибилниот свет. Родовите на истото и на различното од *Софист* го сочинуваат нижиот свет (демиургискиот свет). Некои родови – тие на движење и на мирување – му претходат на ова подрачје и го сочинуваат светот во кој се произведува и функционира живиот свет, додека „во себе“ и „во друго“ ги карактеризираат највисоките нивоа на интелигибилно постоење.

Потоа има екстензиво разгледување на соодветноста на родовите со различните онтолошки нивоа, за да се врати на негацијата и на Едното (*Comm. Parm.* VII.1176). Постои триделна класификација на негацијата. Едното е неспознатливо на познавателните потфати на оние што му се нему секундарни. Постојат три категории на релации: прво се јавува Едното во релација на себе со себе; потоа постои релацијата на Едното во релација со себе и со други; и на трето место е релацијата на Едното само со другите. Трите категории на негациите одговараат на трите фази на односите на Едното: на највисока позиција се негациите што се применуваат само на релацијата на Едното со самото себе, и на ова ниво се негираат движењето и мирувањето. Во поглед на односот на Едното кон себе и кон другите, се негираат истоста и различноста, сличното и несличното, еднаквото и нееднаквото, помладото и постарото. Едното е лишено од квалитет, квантитет и темпоралитет (*Comm. Parm.* VII.1176).

Едното е отаде постоењето и отаде афирмациите што се создадени дури и од највозвишените родови, истото и различното. Во патот кон Едното, негацијата е најсоодветниот јазичен чин. Како што беше споменато, негациите имаат афирмирачки способности, што најдобро се покажува низ идејата за хипернегацијата. Со процесот на негирање се останува во подрачјето на јазикот, не се доаѓа до некаков јазичен безизлез, туку се работи за специфична јазична постапка, и ова е важно затоа што се чини дека на Прокло му е потребно да ја задржи негацијата во рамките на говорот: негативниот говор не значи и негиран говор. За Едното се говори, како што беше неколку пати повторено, но преку негации (кои се исто така недоволни, но најсоодветни).

Via negativa потфрла да произведе говор, но успева да нè доведе до тишината, односно целосното воздржување од говор, што, впро-

чем, е една од крајните консеквенции на негативната теологија. Сепак, кај Прокло, негациите не се вид на тишина, туку се вид на говорен чин. Парменид ги отстранил сите негации преку негирањето – со тишина го завршува своето контемплирање на Едното, резимира Прокло (*Comm. Parm*., Klibansky, Labowsky 1953, 76). Откако говорните чинови ќе се исполнат (или ќе потфрлат во исполнувањето), односно ќе се изведат негациите, како говорни чинови од највисок ред, останува тишината. Идејата е дека негацијата ја има извршено својата функција и се „самораспушта".

За Прокло, негациите се повистинити од афирмацијата, но, за да се формулира негација, мора да има име што ќе биде негирано, односно, ако нема имиња, негациите се невозможни (*Comm. Parm*., Klibansky, Labowsky 1953, 70). Ова значи дека, иако за Едното се вели дека создава и произведува, моќта за создавање на сите нешта, карактеристична за негацијата, не му се припишува на Едното (*Comm. Parm*., Klibansky, Labowsky 1953, 72). Ако се следи оваа линија, сите аспекти на негацијата што ја прикажуваат како трансцендентна моќ се неприменливи на Едното: негацијата на негацијата не води кон афирмација, туку кон соодветна тишина[21].

[21] Бајервалтес (Beierwaltes) обрнува опсежно внимание на негацијата на негацијата како позитивен чекор, како оние од претходните фази (Beierwaltes 1965, 341–346), но Мортли не се согласува, сметајќи дека на крајот на *Коментарот на Парменид* нема акцент на негацијата на негацијата, како што претставува Бајервалтес (Mortley 1986, 117). Додека е јасно дека идејата за парадокс на финална негација што се осветлува и се уништува самата себе во еден чин има извесна привлечност како последен јазичен чекор, со истовремена позитивна и негативна моќ, но со очигледна финалност, односно како алатка што ја извршува врвната задача што од неа се очекува, притоа исчезнувајќи, Мортли смета дека идејата не е развиена кај Прокло и не треба да се претставува како клучна фаза во покажувањето на примарноста на тишината (како што прави Бајервалтес). Мортли смета дека нема Aufhebung на говор во тишина (Ibid.), и ова се чини како разумен став – тишината е директен резултат на негирањето на негирањето, на замолчувањето на говорот, но не може негацијата да се смета за теза, негацијата на негацијата како антитеза, а тишината како синтеза. Додека формулациите *повеќе отколку* во определувањето на Бог кај некои автори (во смисла на тоа дека Бог не е добар, туку е *повеќе отколку добар*, или не е моќен, туку *повеќе*

Со оваа анализа воопшто не се исцрпуваат интерпретативните можности за апофатичкиот пристап на Прокло, но беше направен обид да се покажат само главните поенти на неговата концепција за неискажливоста и неименливоста на Едното.

Библиографија

Beierwaltes, W. (1965), *Proklos, Grundzuge seiner Metaphysik*, A. M. Klostermann, Frankfurt.

Comm. Parm. = Proclus (1987), *Proclus' Commentary on Plato's Parmenides*, trans. G. R. Morrow, J. Dillon, Princeton University Press, New Jersey.

Comm. Elem. = Proclus (1992), *A Commentary on the First Book of Euclid's Elements*, trans. G. R. Morrow, Princeton University Press, New Jersey.

Damascius (2010), *Problems and Solutions Concerning First Principles*, trans. S. Ahbel-Rappe, Oxford University Press, Oxford.

отколку моќен итн.) може да се сметаат за Aufhebung, тешко веројатно е дека кај Прокло се работи за таква дијалектичка постапка.

Мортли смета дека интенцијата на Прокло е да ја отфрли негацијата од новата фаза во која душата веќе не спознава, туку едноставно престојува во Едното – негацијата е само една форма на јазикот и повеќе не може да биде употребувана. Со ова не се отстранува негацијата, туку целината на јазикот, поради што Прокло става акцент на финалната негација. Прокло го завршува *Коментарот* со ставот дека Парменид ги отстранил сите негации преку негација, со тишина заклучувајќи ја неговата контемплација на Едното, и во оваа смисла, оваа интерпретација се чини точна, смета тој (Ibid.).

Хохштафл (Hochstaffl 1976, 78) лоцира движење кон апорија во религиозната филозофија во пристапот на Прокло кон негацијата и смета дека, општо земено, во неоплатонизмот постои тенденција да се употребува оваа тактика во функција на „спекулативна стабилизација" на системот. Сепак, тешко веројатно е дека ова важи за неоплатонистичката апофатичка теологија. На онтолошките системи на неоплатонизмот и не им треба спекулативна стабилизација, затоа што тоа би подразбирало дека се некако разнишани, а не се. Кај Прокло, на пример, конзистентно се забележува систематична употреба на инструментите на јазикот за цели што одат отаде нивниот дофат. Негацијата се негира не како негација по себе, туку како дел од јазичните тактики за пристапување кон Едното. Поентата, како и кај другите силни апофатичари, е дека јазикот бива надминат; негацијата не потфрла, туку ја извршува својата функција и „се повлекува".

Elem. Theol. = Proclus (1971), *The Elements of Theology*, trans. E. R. Dodds, Clarendon Press, Oxford.

Euclid (1908), *The Thirteen Books of Euclid's Elements*, trans. T. L. Heath. Cambridge University Press, Cambridge.

Gerson, L. P. (2012), 'Plotinus on Logos', во: Wilberding, J. – Hord, C. (eds.), *Neoplatonism and the Philosophy of Nature*, Oxford University Press, Oxford, 17–29.

Gerson, L. P. 'Plotinus on Logos', draft, http://www.academia.edu/7531460/Plotinus_on_Logos.

Hochstaffl, J. (1976), *Negative Theologie*, Kösel, München.

Iamblichus (2003), *On the Mysteries* (Writings from the Greco-Roman World, V. 4.), trans. E. C. Clarke, M. Dillon, J. P. Hershbell, Society of Biblical Literature, Atlanta.

Mortley, R. (1986), *From Word to Silence*, Vol. II, Hanstein, Bonn.

Philo (1993), *The Works of Philo, Complete and Unabridged*, trans. C. D. Yonge, Peabody, Hendrickson.

Plat. Theol. = Proclus (1968), *Platonic Theology*, trans. H.-D. Saffrey, L. G. Westerink, Les Belles Lettres, Paris.

Proclus (1953), *Proclus' Comm. in Parmenidem – William of Moerbeke's Latin translation*, eds., trans. R. Klibansky, C. Labowsky, E. Anscombe, London.

Proclus (1995), *The Theology of Plato*, trans. T. Taylor, Prometheus Trust, Westbury.

Rappe, S. (2007), *Reading Neoplatonism – Non-discursive Thinking in the Texts of Plotinus, Proclus, and Damascius*, Cambridge University Press, Cambridge.

Rosan, L. J. (1949), *The Philosophy of Proclus*, Cosmos, New York.

The Gospel of Truth (1,3 and XII,2) (1990), trans. Harold W. Attridge, George W. MacRae, во: Robinson, James M. (ed)., *The Nag Hammadi Library in English*, HarperSanFrancisco (Harper Collins), San Francisco, 38–51.

Trouillard, J. (1975), 'L'activité onomastique selon Proclos', *De Jamblique à Proclus*, Entretiens Fondation Hardt vol. 21, Vandoeuvres, Genève, 239–251.

The Ineffability and Unnameability of the One in the Philosophy of Proclus

SUMMARY

Marija Todorovska

Institute of Philosophy
Faculty of Philosophy
Ss. Cyril and Methodius University, Skopje

marija.todorovska@fzf.ukim.edu.mk

The paper deals with the apophatic approaches in the ontology of Proclus. The main ontological categories and relations from *The Elements of Theology* are listed, showing the core principles in the positioning of the One in Proclus's system. Several (at times conflicting) stances on names and the process of naming in Proclus's works (mainly from *The Theology of Plato* and *The Commentary on Plato's 'Parmenides'*) are outlined, in order to expand on his ideas on the unnameability of the One, and the precautions regarding the use of some chosen appellations for the One, that should not be taken to truly express and name its super-excellent nature. The logical background of affirmative and negative statements concerning the One is shown first through Proclus' interpretation of Euclid's *Elements*, and then through Proclus' treatment of the function and value of negations, stating his preference for negations and super-negations in reference to the One.

Key words: Proclus, apophatic, negation, theology, the One

SYSTASIS
ISSN 1857-5129
● Е-списание на Здружението на класични филолози „Антика“

УДК: 801.73

Поредокот на слободата: Увод во теоријата на интерпретативниот синкретизам

Катица Ќулавкова

Македонска академија на науките и уметностите (МАНУ)

kkulavkova@gmail.com

АПСТРАКТ

Во овој оглед е претставена теориската концепција на една нова, еклектична, дијалогична и синкретична стратегија на толкување на книжевните дела, наречена метод на интерпретативен синкретизам. Тој поврзува, селективно и функционално, елементи од неколку парадигми на усвоени критички методи, засновани врз филозофски, лингвистички, херменевтички и психолошки матрици.

Клучни зборови: интерпретативен синкретизам, еклектицизам, дијалогизам, метод, херменевтика, трансестетска функција, книжевност.

Целта на овој оглед е да укаже на дијалогот меѓу самите критички методи на толкување на книжевноста од којшто произлегува *интерпретативниот синкретизам* како комбиниран критички метод. Може да го сметаме и за еклектичен пристап, иако не се работи за површна и формална комбинаторика на постојните методи. Повеќе станува збор за еден 'функционален еклектицизам'[1], неопходен за

[1] Поимот 'еклектицизам' (на старогрчки ἐκλέγειν – одбира, го бира најдоброто) е назив за филозофски пристап, кој е против ригидната методолошка чистота и поврзува две и повеќе критички и филозофски парадигми во една. Во уметноста, еклектицизмот спојува разни стилови, позајму-

постигнување „интерпретативна економичност“ (Eko 2001, 103–123). А, всушност, се работи за начелото на интерпретативна прагматичност, поврзаност и отвореност, која си допушта слобода на комбинирање на постојните методолошки обрасци, а некогаш може да постигне и висок степен на хармонична синкретичност (симбиоза, поврзаност, слеаност, единство)[2], така што да востанови еден сложен еклектичен, дијалошки и функционален интерпретативен пристап.

Идејата за синкретичкото вкрстување (хибридизација) на усвоените критички методи и нивните толкувачки алатки ме поттикна да размислувам за тоа *што е она што останува како усвоено искуство и знаење во областа на книжевната херменевтика. Дали се тоа одделните методи во изолирана форма, или се работи за еден интегративен еволутивен процес, кој ги меморира одделните критички методи во една мрежа од методи, во еден сложен толкувачки 'пристап', кој има интерактивна, интерметодска, а со тоа трансисториска и културолошка придобивка од 20 век*? Оваа идеја ме доближи до идејата за *функционален и умерен методолошки и интерпретативен сенкретизам*, односно укажав на недоволноста на рестриктивните методолошки парадигми во толкувањето на сложените јазично уметнички дела. Смената на методолошките стратегии или матрици, некогаш и симултанос-

---

вајќи одбрани елементи од еден стил/правец за некој друг, нов уметнички правец.

[2] Овој поим доаѓа од старогрчкиот термин 'синкретизмос' (*συγκρητισμός*, сложенка од предлогот син = со, заедно и Крет/Крит) и упатува на „Критската коалиција“ за којашто пишува Плутарх во првиот век од н.е. претставувајќи ја како начин (договор) со којшто раскараните Критјани постигнале согласност за единство (унија) затоа што биле соочени со надворешни опасности. Терминот се користи во политиката, религијата, филозофијата, лингвистиката и реториката и добива неколку значења. Синкретизмот подразбира поврзување на разни елементи во една целина, во говорот, во уметноста, во филозофијата, па и во книжевната херменевтика. Во филозофијата поврзува различни, па дури и противречни филозофски системи. Ренесансниот италијански филозоф Giovanni Pico della Mirandola (*Oration on the Dignity of Man*, 1486, www.wsu.edu) го воведува овој термин во обид да ги спои филозофските концепции на Платон и Аристотел. Се користи и терминот 'делумен синкретизам'. Јас го предлагам исказот 'умерен синкретизам'. http://www.enciklopedija.hr/natuknica.aspx?id=56138.

та на различните методолошки матрици е исклучива по однос на придобивките на наследените и на различните методи, некако премногу брзо ги заборава корисните алатки и парадигми, повлекува вештачка бариера меѓу критичките методи, ги препушта на заборав и на бројните толкувачки предрасуди. Ми се чинеше, уште во текот на мојата повеќегодишна наставна работа на универзитетот, дека постои некаква еволутивна логика на полето на критичките и интерпретативни методи во книжевната наука, а пошироко и во доменот на естетиката и филозофијата.

Имено, може да се издвојат две начелни методолошки опции при толкувањето на книжевното дело:

- Според едната опција, која е сингуларна и фрагментарна, книжевното дело може да се толкува врз парадигмата на еден *препознатлив и легитимен критички метод* и неговите аналитички, споредбени и вредносни алатки.
- Според другата опција, книжевното дело може да се толкува по пат на комбинација и содејство на два и повеќе критички методи и нивните алатки. Во овој оглед акцентот е ставен врз втората, синкретичката опција, која е интерактивна, интердисциплинарна, отворена и дијалошка опција. Таа е чувствителна за различни толкувачки методи и стратегии, што значи дека ги усвојува, селективно и по потреба, одделните толкувачки и придобивки од различните критички методи наследени во науката за книжевноста од 19 и 20 век до денес.

Интерпретативниот синкретизам е интеракција на критички стратегии и нивните парадигми. Ако си го поставиме прашањето така отворено и императивно, се ставаме во ситуација да ги препознаеме спојките меѓу различните интерпретативни методи, алките што ја сочинуваат интерактивната комбинација на критички методи и на нивните парадигми и ги покажуваат местата на коишто се преклопуваат методолошките парадигми. Можеме и треба да зборуваме, по толку многу плурализам и инфлација на критички методи, за еден методолошки и интерпретативен синкретизам. Синкретичниот пристап во толкувањето на книжевниот текст подразбира интеракција и комбинација на повеќе методи и нивните парадигми.

Под ‘интерпретативен синкретизам’ се подразбира една неортодоксна, ‘отворена стратегија’, една интерпретативна стратегија

што прави складна и функционална селекција и комбинација на признати методолошки парадигми и алатки, при што се стреми да се усогласи со книжевното дело што е предмет на толкувачкиот интерес, како и со дадената интерпретативна констелација. Интерпретативната констелација е структура на односи меѓу субјектот и предметот на толкување, самиот чин на толкување во дадена историска, културна и книжевна ситуација, целта на толкувањето, медиумот и аудиториумот на толкувањето.

На прашањето – зошто синкретична интерпретативна стратегија, би го дала следниот одговор:

Првенствено, затоа што различните книжевни дела имаат (релативно) различни интерпретативни потреби, зависно од нивната жанровска припадност (роман, расказ, песна, драма), од нивниот стилски/естетски, историски, културен и јазичен идентитет. Не може на ист начин, со иста ригидна методологија, да се толкува еден фикционален (раскажувачки, драмски) и еден поетски текст. Фикционалните наративни дела имаат свој специфичен код дури и по однос на фикционалните драмски дела, а не само по однос на поетските дела. Постојат неспорни разлики и меѓу делата што имаат ист жанровски идентитет. Тоа е така затоа што уметничкото дело тежнее кон уникатност, оригиналност, па некогаш дури се смета дека секој роман е 'систем за себе', толку многу доминира неговата атипичност по однос на жанровскиот образец. Како што пишувањето (творечкиот чин) на едно книжевно уметничко дело подразбира извесна доза на уникатност, така и толкувањето на книжевното дело треба да подразбере извесна уникатност. Интерпретативната уникатност не може да се постигне со просто умножување и кумулирање на различни, нови и уникатни методи, туку преку селективна комбинација на постојните методи.

Натаму, селективната комбинација е облик на функционално, целисходно преструктурирање на интерпретативните парадигми (методи) за потребите на едно дело или на неколку сродни дела. Тука ја гледаме можноста за оптимална методичност, систематичност и функционалност на оваа, инаку отворена интерпретативна стратегија. Како што разликите меѓу книжевните дела не се апсолутни, така ни разликите меѓу интерпретативните констелации не се апсолутни. Тие подразбираат извесна систематичност, извесна

склоност кон кодирање, значи кон повторливост и ритуализација. Тоа значи дека 'отворената стратегија' не е хаотична, дека може да постигне извесна стабилност, да го профилира својот толкувачки кодекс и да стекне препознатливост. Тоа, впрочем, е предуслов за синкретичната интерпретативна стратегија да се восприми како методолошки релевантна и научно референтна опција.

Од друга страна, разликите меѓу книжевните дела од иста жанровска припадност содржат некои заеднички елементи, кои, колку и да варираат, се подложни на одредени типолошки групирања (стилски, тематски, формални, конструктивни). Таквите типолошки сродности допуштаат да се изолираат некои општи книжевни идентитети и да се конституираат некои ориентациони обрасци за креативно пишување и за интерпретација. Во студијата „Книжевни идентитети" (Ќулавкова 2006) направив еден таков образец за толкување на фикционални книжевни дела, со доминантна наративна/раскажувачка припадност. Со дополнително вклучување на диференцијалните елементи на драмските дела, истата техника на толкување би можела да се примени и врз драмските дела. Притоа, толкувањето на драмското дело ќе го надгради тој образец, свртувајќи се не само кон специфичната драматургија на текстот туку и кон перформативната театролошка насоченост на драмата.

Синкретичната интерпретативна стратегија е заснована не толку врз трансфер на една во друга интерпретативна парадигма колку врз нивната креативна, динамична симбиоза. Начинот на којшто ќе се направи таа симбиоза зависи од севкупноста на интерпретативната ситуација (жанрот, стилот и другите аспекти на идентитетот на книжевното дело, авторската и толкувачката намера, културниот код). Методолошкиот плурализам на 20 век воведе широк спектар на методи, што создаде илузија за паралелно присуство на сосема различни, издвоени, диференцирани интерпретативни матрици и нивните парадигми (поими, алатки, схеми, референци). Методолошкиот еклектицизам не е кумулативен, туку селективен и еволутивен, што ќе рече дека методите меѓу себе се испреплетуваат, се комбинираат, се надополнуваат, се коригираат. Таквиот развој на методите создава една структура на релации меѓу различните методи, еден методолошки дијалог, кој подразбира извесен синкретизам.

Интерпретативниот синкретизам е обележан од намерата да се уважи естетскиот идентитет на книжевното дело како референтна точка при неговото толкување, затоа што фокусот е ставен врз оние аспекти на песната што ги надминуваат формално естетските и реторички рамки и преминуваат во сферата на идејното, на етичкото (моралните аспекти на психичките состојби и на постапките, видени низ призмата на важечкиот религиски и обичаен кодекс), психоменталното, конфесионалото, метафизичкото. Таквиот интерпретативен и методолошки *премин на границите* на текстот, сфатен како суштински влез во светот на песната и нејзиното 'битие' (смислата на исказот, која ги надминува границите на јазикот), го отвора прашањето на архетипската предлошка на песната, прашањето на врската меѓу индивидуалниот израз (лично доживување, соочување со својата интима, со светот на потиснатите содржини, со своето несвесно, откровение или препознавање на суштината на своето постоење, соочување со темната страна на сопствените дела, гревови, заблуди) и колективниот (наследените конвенции на заедницата, моралниот кодекс, системот на вредности во општеството, јавното општо добро, симболите на колективното несвесно, примордијалните слики во коишто се олицетворени некои архетипски прaобрасци).

Прагматичната економичност и комбинаторика на методите што ја заговарам во овој мој прилог подразбира еден *креативен договор*, една *широка коалиција*, *унија или дијалог* по однос на наследеното и усвоено методолошко знаење (разни критички парадигми, постапки, стратегии и алатки). Таквата еклектична и синкретична интерпретативна перспектива повлекува примена на една комбинирана, дијалогична и интерактивна примена на методи и постапки: делумно иманентна, формалистичка и структуралистичка (преку постапките познати како 'херменевтички круг', 'блиско читање'/close reading, објаснување на текстот/explication de texte, стилско-реторичка анализа), делумно надворешна, архетипска, делумно психоаналитичка, делумно културална, антрополошка, религиска и биографска, делумно ритуална во својот терапевтски, катарзичен и преобразбен, психагошки, етички и интегративен (индивидуациски) ефект. Ако го следиме *преносот/трансферот на интерпретативни парадигми* и искуства, ќе забележиме како развојот на книжевните

студии е обележан од тој трансфер на придобивките од едни во други методолошки, херменевтички и културно-историски рамки.

Методолошкиот синкретизам се препознава како исчекор од строгиот и исклучив методизам на книжевните проучувања во прилог на еден суптилен, флексибилен склоп на методи што би можеле да го наречеме *трансинтерпретативен синкретизам* на методи и интерпретативен дијалогизам. Не станува збор за една обична метаметодологија, ниту за смена на методи, ниту за коегзистенција на самостојни и независни методи, туку за една варијанта на постметодологија.

Оваа постметодологија ги уважува одделните методски идентитети (формализам, феноменолошки метод, структурализам, семиотика, постструктурализам, деконструктивизам, постколонијализам, марксизам, феминизам, егзистенцијализам, стилистичка критика, митопоетичка критика, психолошки, антрополошки и културолошки стратегии, џендер и квир интерпретации), ама не се задоволува со нивната едностран имитативна примена. Таа оди отаде методот, отаде строгите методолошки школи, модели и схеми, и се обидува да ги препознае врските меѓу различните методи, заедничките места, сродниот интерпретативен интерес, комплементарните алатки за толкување на уметничкото дело, како и вмрежените контексти на егзистенција и рецепција на уметничкото дело. Таа е свесна дека експлозијата од различни методи гради едно дијалошко рамниште на коешто методите конвергираат, не се исклучуваат еден со друг и допуштаат (латентно) еден синкретичен summa summarum, кој би можел да се оствари, во практиката (де факто), во конкретни толкувачки ситуации, при толкувањето на некое конкретно книжевно или друго уметничко дело.

Неспорно е дека методите, во мигот на својата појава и стабилизација, воведувајќи некои нови практични перспективи (терминологија, приоритети) се подецидни, поисклучиви и порестриктивни, но суштински тие го имаат усвоено најдоброто од претходните, соседните и комплементарните методи. Суштински, се создава извесно интертекстуално, имплицитно, значи не секогаш признаено и експлицитно декларирано наследство од претходните методи и нивните критички и интерпретативни парадигми, кое се пренесува од еден метод во друг.

Во есејот „Едно ритуално-катарзично толкување на песната 'Сеќавањето, најпосле...' од В. Шимборска" (Ќулавкова 2012b), направив еден парадигматичен ритуално-катарзичен образец на интерпретативен синкретизам, со надеж дека тој образец може да се примени и во други сродни ситуации кога се налага потреба да се разбере (светот на) поетската загатка/енигма. Синкретичниот образец комбинираше неколку херменевтички постапки, познати како: – херменевтички круг (кружно толкување, кружна херменевтика), експликацијата на текстот (explication du texte), стилистичката херменевтика, аналитичката психологија (архетипската интерпретација) и, на крајот, трансцендентната херменевтика (како општа категорија), односно ритуално-катарзичната стратегија (како посебен вид трансцендентно толкување). Притоа го истакнав следното:

> Интерпретативниот плурализам во книжевната херменевтика допушта осмислени актуализации на постарите обрасци. Тој не е феномен на хронолошка сукцесија и методолошка кумулација, туку подразбира развој и ревизија на постојните толкувачки матрици, па во тој контекст ја вклучува и опцијата на толкувачката синкреза. Денес е легитимно да се постави прашањето: може ли да се комбинираат искуствата од различни интерпретативни практики. Бидејќи ова прашање е реторичко, одговорот се разбира дека е потврден. Мојата потрага по една херменевтичка синкреза, која би поседувала капацитет на повеќекратна применливост, ме доведе до сознанието за комплементарноста на неколку толкувачки практики наследени од изминатите два века, во еден долг распон – од почетокот на деветнаесеттиот до крајот на дваесеттиот век. (...) Обредот на создавање и обредот на толкување во еден миг се сретнуваат на исто место, се препознаваат и создаваат простор за синкреза на ритуалите. Оние космогониските, и оние што просветлуваат, кои му даваат смисла на постоењето, на човекот и на неговата култура.

Синкретичниот пристап се однесува на сите оние методи и стратегии на толкување на книжевните дела што, не потценувајќи ја формалната и естетската функција на книжевното дело, се обидуваат да ги протолкуваат неговите врски со другите функции и фактори (автор, читател, канал, референт). Таквите методи можат да бидат применети сингуларно, значи придржувајќи се доследно до

еден конкретен метод, како што тоа го прават јунгијанските интерпретации (Knapp 1984), или можат да бидат применети еклектички, со експлицитно комбинирање на две-три парадигми, како што тоа го прават, на пример, некои антрополошки, психоаналитички, архетипски, митопоетички, фолклористички, филолошки, граматички и лингвистички интерпретации (Нортроп Фрај, Ернст Касирер, Харолд Блум). Имено, во рамките на синкретичниот пристап се изделуваат некои конкретни интерпретативни практики, кои инклинираат кон други општествени, хуманистички, културолошки и духовни дисциплини: – кон психологијата и, попрецизно, кон психоанализата на Фројд, аналитичката психологија на Јунг или кон постфројдијанските и постјунгијанските концепции на Кристева и на Лакан; – кон митологијата и фолклорот, кога се јавуваат одредени митокритички, митопоетички, митоаналитички и антрополошки парадигми, при што некогаш е тешко да се раздвои архетипската интерпретација од митопоетичката.

Еволуцијата на книжевната херменевтика, слично како и еволуцијата на книжевноста, секогаш е исправена пред двоен предизвик: историскиот (генеза, наследени парадигми) и актуелниот (иновативниот). Книжевната херменевтика го преосмислува својот идентитет во современи услови, на почетокот на 21 век, врз наследената плурална и полифонична методолошка реалност, од којашто извлекува корисни алатки и искуства и кон којашто зазема критички и селективен став. Книжевната херменевтика денес, соочена со бројни методолошки матрици и парадигми, со радикална редефиниција на книжевноста и нејзината естетска доминанта, се наоѓа во деликатна ситуација: или да биде имитативна, или да биде инвентивна[3]. Некреативната примена на легитимните методи води кон редундантност и не соодветствува на актуелниот историски и културен контекст. *Имитативниот автоматизиран пристап* спрема наследените и веќе клиширани модели на толкување го фрустрира книжевниот херменевт и го лимитира толкувачкиот чин, затоа што толкувањето на новите книжевни дела, но и на старите книжевни дела, налага

[3] Тука треба да се подвлече разликата меѓу имитативноста и миметичноста на севкупната поетска уметност/мимезис, проблематика на којашто ѝ го посвети своето теориско дело професорката д-р Елена Колева (*Систаса на прагми*, 1992).

почитување на актуелниот ‘хоризонт на очекување’. *Иновативниот пристап* може да биде ексклузивен и да понуди некоја сосема нова интерпретативна матрица, но може и да биде инклузивен и да понуди опција на интерпретативен синкретизам и еклектицизам.

Одлуката зависи од многу чинители, вклучително и од потребите на интерпретацијата на книжевното дело што е предмет на толкување. Инклузивната интерпретација е дијалогична, функционална и целисходна. Таа се стреми да постигне извесна интеграција на комплементарните толкувачки стратегии, преку нивна соодветна селекција и комбинација. Како и при секој нов зафат, тој интегративен или синкретички однос спрема постојните интерпретативни стратегии може да резултира со површна еклектичност, но може да се развие во една дијалогична и креативна интерпретативна стратегија. Таа дијалогична и креативна интерпретативна стратегија ќе ги избегне замките на веќе исцрпените методолошки схеми, ќе се сообрази со новата книжевна и историска констелација и ќе понуди свој образец на ‘оригинален интертекст’, свој ‘интерметод’, своја интерметодологија. Денешната состојба не е само исторична, како секоја друга, туку е и плурална, интердискурзивна, интермедијална, интеркултурна. Таков е идентитетот на современата книжевна херменевтика и на нејзините интерпретативни практики, подготвени да трагаат слободно по еден ‘универзален’ и ‘тотален’ интерпретативен *код*[4].

Ќе посочам некои примери. Иако руската формалистичка парадигма, по еден век постоење, има изгубено од својата актуелност, сепак е употреблива во книжевната херменевтика и во интерпретативната практика. Неколку формалистички поими се еден вид неотуѓива придобивка на книжевната наука, така што може некогаш да бидат маргинализирани, но не и негирани: на пример, разликата меѓу фабулата и сижето (подоцна приказната и дискурсот) е усвоено знаење, кое може да се применува во новите методи независно што тие не се „чисто формалистички“. Тоа се однесува и на следните термини/категории од руската формалистичка методолошка

[4] Го користам терминот ‘тотален’ во склад со теоријата на М. Бахтин и терминот ‘универзален’, во насока сугерирана од Жан Гронден (1993 & 2010, 176–180), кога зборува за универзалната херменевтика на Х. Г. Гадамер.

парадигма: метафоричниот и метонимискиот пол на говорот и на книжевниот говор, литерарност на книжевноста, 'тешка форма' (отежната, отуѓена, онеобичнета и естетизирана форма на книжевното дело) и, во тој контекст, фамилијаризацијата и дефамилијаризацијата на книжевниот израз, формулаичната и циклична схема на еволуцијата на книжевноста (иновација, стабилизација, канонизација, актуализација). Или, да речеме, како би толкувале еден роман ако немаме увид во парадигмата на Бахтиновиот дијалошки/социолошки метод, ако не знаеме што е хронотоп, полифоничен роман, хетероглосија, туѓ говор, монологична наспроти дијалогична култура? Што би било ако не сме го усвоиле знаењето за разликата меѓу нараторот и фокализаторот, меѓу инстанцата на раскажување (глас) и онаа на опишување (гледање, перцепција), разлика врз којашто е заснована современата наратологија, чијашто генеза упатува на Жерар Женет и Мике Бал? Што би правеле без Проповата типологија на функциите и на актантите, кои се разликуваат од актерите/ликовите во бајката, драмата и романот? На ваквите прашања им треба голем простор, затоа ќе запреме тука.

Ќе заклучам со уверувањето дека постои, во еволуцијата на теоријата и методологијата на книжевната наука, нешто што е усвоено како 'општо добро' и кое станало универзален епистемолошки консензус, кој ги надминува границите меѓу одделните методи. Тоа општо добро е составен дел од книжевнонаучниот канон денес, без коешто е незамислива секоја нова постформалистичка парадигма. Истото тоа се однесува и на другите критички методи: можеме да ја ставиме на заден план генезата на една методолошка парадигма, но не смееме да ја негираме и да ја исклучиме од системот на книжевната наука. Книжевната херменевтика денес е во предност што има такво богато наследство на критички методи што ѝ дава можност да бира меѓу повеќе опции, да ги комбинира нив и да го прави тоа на креативен начин, а за доброто на книжевноста. Универзалноста е темелно начело на херменевтиката (филозофската и книжевната, кои традиционално спаѓаат во т. н. *профана херменевтика*, за разлика од *библиската*, која е *сакрална*), па следствено и таа во својот развој ќе се стреми да постигне и извесна методолошка универзалност и во областа на книжевната херменевтика. Секој чин на толкување на

едно книжевно дело има своја универзална димензија, сообразно на карактерот на самото книжевно уметничко дело.

Слободата на толкувањето не е стихијна, туку има свој поредок, кој ги уважува следните чинители: самото книжевно дело (текстуална анализа, близок контакт со текстот); интерпретативната интенција да се комбинираат повеќе методолошки искуства и нивните стратегии и да се понуди еден можен образец на економична еклектичност за да се избегне терминолошка преоптовареност и конфузност; упатеност во одделните критички методи; помирување со разликите во интерес на разбирањето на конкретниот книжевен текст; културолошки поттик спрема македонскиот јазик во неговата естетска употреба.

Библиографија

Ѓорѓиева, Марија (2016), *Толкувачки визури*, Издавачки центар ТРИ, Скопје.

Колева, Елена (1992), *Систаса на прагми*, НИП Ѓурѓа, Охрид.

Ќулавкова, Катица (2006), *Херменевтика на идентитети*, Македонска ризница, Скопје.

Ќулавкова, Катица (2012a), 'Потрага по една интерпретативна синкреза: Образецот на трансцендентната херменевтика', *Спектар* (год. XXX) 60, 79–91.

Ќулавкова, Катица (2012b), 'Едно ритуално-катарзично толкување на песната 'Сеќавањето, најпосле...' од В. Шимборска', МАНУ, Скопје, 235–260.

Bahtin, Mihail (1989) [1975], *O romanu*, Nolit, Beograd.

Eko, Umberto (2001) [1995], 'Kriterijumi ekonomičnosti', *Granice tumačenja*, Paideia, Beograd.

Grondin, Jean (1993), *L'universalité de l'herméneutique*, PUF, Paris.

Jauss, Hans Robert (1988) [1982], *Pour une herméneutique littéraire*, Gallimard, Paris.

Jung, Karl Gustav (1978), 'Transcendentna funkcija', *Dinamika nesvesnog, Odabrana dela* Karla G. Junga, tom 1, Matica srpska, Novi Sad, 145–172.

Knapp, Bettina Liebowitz (1984), *Jungian approaches to literature*, Southern Illinois University Press.

Szondi, Peter (1989) [1975], *Introduction à l'herméneutique littéraire. De Chladenius à Schleiermacher*, Les éditions du CERF, Paris.

Introduction to the Theory of Interpretative Syncretism

SUMMARY

Katica Kulavkova

Macedonian Academy of Arts and Sciences (MANU)

kkulavkova@gmail.com

The theory of a new, eclectic, dialogic and syncretic strategy of interpretation is in the focus of this text. The author proposes the term 'interpretative syncretism' as a central notion/term of this approach that avails itself, in a selective and integrative way, of the tools of some well known theoretical and methodological paradigms, such as formalism, structuralism, semiotics, post-structuralism, neo historicism, archetypal and cultural theory. This method/strategy of interpretative syncretism is highly applicable for the field of literary study and literary hermeneutics.

Key words: interpretative syncretism, dialogism, hermeneutics, transaesthetic function, literature.

SYSTASIS ISSN 1857-5129
● Е-списание на Здружението на класични филолози „Антика“

УДК: 821.14(495.02)-141.09
УДК: 821.163.1-141.09

Византиски химнографски обрасци во творештвото на Климент и Наум Охридски[1]

Емилија Црвенковска

Филолошки факултет „Блаже Конески“
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје

emilija@ukim.edu.mk

АПСТРАКТ

Раната византиска култура претставува синтеза помеѓу две големи епохи, античката и средновековната. Таа е врска помеѓу источната и западната култура. Црковнословенската литература како основа ја имала византиската литература, а во почетоците на создавањето на старословенската/црковнословенската писменост, литературата создавана на новиот јазик речиси во целост претставувала превод на византиската. Подоцна, кога дел од словенските книжевници започнале да создаваат оригинални творби, тие користеле востановени канонизирани модели во своите дела. Химнографијата, како специфичен литературен жанр, на словенска почва има почетоци во делата на Константин-Кирил, како и во делата на Климент и Наум Охридски. Во словенската химнографија некои од обрасците употребувани во византиската поезија биле усвоени и трансформирани, како употребата на стилски средства, реторски фигури, преработка на црковни канони и употреба на акростих, често со името на авторот во него.

[1] Трудот е изработен во рамките на макропроектот „Јазици, книжевности и култури: образовни политики во функција на современото општество“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Клучни зборови: химнографија, византиски обрасци, Климент Охридски, Наум Охридски

Од почетоците на создавањето на Источното Римско Царство па сè до VII век на просторот на оваа империја се создава една култура што е посредничка, а многу елементи ја поврзуваат со културата на хеленскиот свет, и во неа се откриваат траги од антиката. Од друга страна, во неа се присутни и одлики на источните културни традиции: сириска, коптска, иранска, средноазиска, а особено е силно изразено и еврејското наследство. Рановизантиската култура е мост меѓу две епохи – антиката и средниот век (Богдановиќ 1967, 5), меѓу Европа и Азија, Запад и Исток, античкото и ориенталното. Ова е синтеза во чија основа лежи христијанството (Аверинцев 1982).

Значаен дел од рановизантиската култура е книжевноста настаната во периодот од IV до VII век. Старословенската/црковнословенската книжевност, е речиси во целост рановизантиска во превод на словенски јазик, па може да се забележи дека старословенската книжевност го „пресадила“ меѓу Словените основниот фонд на рановизантиската црковна книжевност (Богдановиќ 1967, 6). Нејзините почетоци се врзуваат временски со IX век, а просторно со Балканот.

Низ историјата на цивилизациите сознаваме дека усните култури најчесто се описменувале со двојна постапка: прво нивните елити (свештенство, владетели и сл.) усвојувале пишан јазик на некој престижен сосед, па тој јазик служел како медиум на домашната писменост, а потоа двојазичните поединци писмото на другиот јазик го адаптирале за пишување на мајчиниот. Слично се случувало и со почетоците и развитокот на книжевните форми во заедници кај коишто претходно не постоела писменост на свој јазик. Тие се формирале пред сè со преводи на дела од други книжевни традиции. Така и во основата на старословенската книжевност лежи преводот, односно преводната книжевност. И во современите литератури во определени средини со покус период на развиток на литературната традиција се зборува за брз скок и високи естетски дострели токму поради „пресадување“ (преку превод) на готови обрасци од култури (литератури) со подолга традиција. Врз основа на преводите понатаму се поттикнува создавање на сопствено,

оригинално книжевно творештво со определени карактеристики на стилот што се својствени за една епоха. Во преземањето на некои основни принципи во творечката постапка во книжевниот, исто како и во ликовниот медиум, во кои постоеле и јасни естетски канони, секако помагала и заедничката културна опстановка во која се изградувала византиската уметност/книжевност на различни територии/јазици, а главен поврзувачки елемент меѓу нив била христијанската религија.

Долго време во науката се сметало дека византиското книжевно наследство е составено само од прозни текстови (Богдановић 1967; Јакобсон 1957; Jakobson 1963). Поетската суштина на византиската црковна поезија била оспорувана најмногу поради нејзината различна формална основа во однос на античката поезија. Античката метрика се засновала врз мерење на кратки и на долги слогови, но, со новите гласовни вредности на дифтонзите и со загубата на квантитетот кај вокалите, во византискиот период било потребно да се изнајдат нови метрички принципи (Богдановић 1967, 10–15). Затоа византиската поезија се темели врз ритамот, а како главен принцип се зема бројот на слогови и акцентот. Од друга страна, врз византиската химнографија влијание извршила и античката реторска проза (в. подолу) со своите специфични стилско-реторски фигури, кои придонесувале за ритмичноста на текстот.

Одликите на стилот на ранохристијанската црковна поезија се согледуваат преку употребата на одредени јазични средства како што се стилските фигури, тропите, реторските фигури, а исто така и преку стилската функција на фонолошките, морфолошките, синтаксичките, лексичките и зборообразувачките средства. Севкупноста од овие факти на експресијата (Горунг 1965, 89) му дава посебна смисловна нијанса на исказот и го сочинува стилот на делото.

Во историјата на црковната богослужба важно место заземала црковната поезија. Изворите на химнографското творештво може да се бараат уште во Сирија и Палестина, а од VIII до IX век центарот на овој вид творештво се сели во Константинопол.

Почетоците на словенското стихотворство се поврзуваат уште со првите векови на словенската писменост. Пред сè, во творештвото на Константин-Кирил, којшто и самиот создава химнографски творби како што се: Похвала – Молитва на Григориј Богослов, Химна

посветена на Климент Римски, Проглас кон Евангелието[2] и сл. И одделни личности од најтесниот круг на Кирило-Методиевите ученици, меѓу кои Климент и Наум Охридски, му се посветувале на химнографското творештво во кое јасно е изразено присуство на византиски обрасци, како употреба на препознатлив инвентар од стилски фигури, реторски фигури, постапката на преработка на канони, присуството на акростих и сл.

Стилските фигури што биле главна одлика на византиската црковна поезија се среќаваат и во првите словенски оригинални химнографски дела. Една од најраспространетите фигури е паралелизмот. Терминот паралелизам првпат бил применет за истакнување на особени признаци согледани од коментаторите на Библијата за хебрејската версификација. Паралелизмот се состои во пресликување на одредени структури и претполага кореспонденција меѓу два соседни стиха. Секој член си има свое соодветство, било да се работи за фонолошко, граматичко, лексичко, семантичко, синтаксичко или друг вид соодветство.

Структурата на поезијата е структура на непрекинат паралелизам. Според Јакобсон (1981, 39), паралелизмот е фундаментален проблем на поезијата. Типичен производ на морфолошкиот, особено на епифорскиот паралелизам се хомеотелевтите – грч. ὁμοιοτέλευτα (Jakobson 1981, 108). Хомеотелевтите се созвучја на завршоците што спојуваат зборови еднакви по својата граматичка форма, распределени по завршоците на синтаксичките целини. Тие се ценат како црта на возвишениот стил. Рановизантиската поезија склоноста кон хомеотелевтите ја прифатила од античката поезија и почнала во изобилство да ги применува. Такви постапка применувал и Климент Охридски во своето творештво:

ї҃аковъ тє пр҃опов҃ѣда лєствїцѫ
на нєб҃сноу҆ висотоу҆
вьꙁводєщїа вь глоубиноу҆ ОС, 44

[2] Околу авторството на оваа творба сѐ уште има поделени мислења во науката. Според Вајан, тоа е пролог на Константин Филозоф кон неговиот превод на апракосот, а според Мареш, тоа е дел од Методиевиот поговор кон преводот на Новиот завет или Библијата (Мошин 1988, 88).

поустинѭ населивь
и градїи наоученивь
и цр҃квы просвѣтивь ОС, 61

прѣславни мч҃ници вите·
недоужнише прашае·
и демони проганѣе·
и диѩвола попираѥ ВМК, 296

адамово прѣстоупление хоте разорити
земныѥ хоте пакы на небо вьзвести ТРХ, 155.

Паралелни форми се среќаваат и на почетокот на стиховите, што претставува анафора. Ова е одлика и на Климентовото творештво во кое се следат структурни и ритмички закономерности. Специфичното звучење на похвалите (Станчев, Велинова 1991, 29) се должи и на нивната ритмична организација. Ритамот во нив е резултат на синтаксичките паралелни конструкции со анафоричен почеток. Таа постапка за организирање на текстот ги претвора похвалите во цели реторски строфи, јасно разграничени од другите делови на композицијата. Може да се забележи дека анафората и синтаксичкиот паралелизам се основните ритмоопределувачки средства на Климентовата химнична поезија. Ова особено се однесува на кулминациите во пофалните слова во кои Климент го појавува својот талент на химнограф (Мулич 1970, 241). Еден вид анафорски паралелизам претставуваат т.н. хајретизми, односно обраќања до објектот што се слави со зборовите радоуи сѧ грч. χαῖρε од каде што е настанат и терминот. Хајретизмите се одлика и на византиската поезија. Во *Похвалното слово за Михаил и Гаврил* од Климент Охридски се истакнуваат деловите на пофалбата. Во средиштето на текстот се редат пофалбите во вид на акатист со анафоричен почеток радоуи сѧ со што авторот им се обраќа час на архангел Михаил, час на Гаврил или на обајцата заедно, а нивните имиња ги следат епитети во форма на метафори (Mulić 1983, 87).

Повеќето реторски фигури што се одлика на словенските преводи на химнографските творби, како и на индивидуалните автор-

ски поетски творби се среќаваат уште во антиката, и тоа главно во античката реторска проза. Според тоа, византиската литература посредувала за пренесување на структури од античката. Уште античките говорници во составувањето на реторската проза употребувале различни фигури што помагале нивниот изговор што посилно да влијае на слушателите, не само со својата содржинска страна (интелектуално) туку и со формалната (емоционално). Основоположник на една специфична реторика во беседите бил грчкиот филозоф и ретор Горгија (480–370). Тој користел специфични фигури, кои според него го добиле називот σχήματα Γοργίεια. Најважни меѓу нив се: антитеза (ἀντίθετα), т.е. реченици или реченични делови со спротивна смисла; изоколон (ἰσόκωλον), т.е. реченици или реченични делови со еднаков број слогови; парисоси (πάρισα), т.е. реченици или реченични делови со еднаква или слична конструкција; паромеоси (παρομοιώσεις), т.е. реченици или реченични делови со еднаков почеток или завршок (παρόμοια, ὁμοιόαρκτα, ὁμοιοτέλευτα) (Ђурић 1982, 595). Тука спаѓаат и зборови што еднакво звучат (παρήχησις) и различни зборови образувани од ист корен (παρονομασία) и сл.

Голем дел од овие фигури се забележуваат во творештвото на Климент Охридски. Веќе беше укажано погоре на користењето на паромеоси, преку анафората и епифората, а се следи и употребата на другите фигури, како на пр. антитеза:

ѡмрачєннοє ми ср‹д›це тмοю грѣховьнοю в‹о›гонєвѣсто
нь свѣто‹м› твοимь иже вьсиꙗ вь тє ОС, 51

рοди во ти ѿрочє вєтхаго дньмы
ꙗко новаго ч‹о›в‹ѣ›ка ОС, 53.

Со посочените фигури се постигнувал специфичен ритмички и звуков ефект врз восприемачот на текстот – слушателот. Античкото влијание се пренесувало особено преку црковната лирика на византиските поети (Mulić 1975, 15), а тоа нашло свој одраз и во словенските преводи на оваа лирика, како и во оригиналните словенски химнографски дела, кои се создавани врз каноните на византиската естетика.

Употребата на вакви стилски средства е и составен дел на беседите, односно на реторската проза. Заедничка за беседите и за литургиските текстови е нивната прагматичка функција, односно тие се пишувале повеќе за да бидат слушани, во интерпретација на еден говорник (читач), отколку да бидат читани. Затоа овие стилски средства се користеле да остават посебен впечаток врз публиката, а имале во извесна смисла мнемотехничка природа (Аверинцев 1982, 250) бидејќи служеле за полесно следење и паметење на текстот.

Книжевните форми што поради својата содржина бараат изразување на висок стил (Mulić 1975, 11) ги карактеризира и стилот *плетение словес*. Овој стил се темели врз многу внимателен однос кон зборот, кон неговата гласовна страна (алитерација, асонанција и сл.), кон етимологијата на зборот (низи од зборови образувани од ист корен, етимолошки еднакви завршоци и сл.), склоност кон творба на нови зборови, образување на сложенки – калки според грчки образец и сл. (*Лихачев* 1986). Една важна карактеристика на стилот плетение словес е повторувањето на еднокоренски зборови, коишто ја образуваат таканаречената етимолошка фигура, односно парономазија. Се работи за смислено одбрани зборови, клучни зборови што се одбрани не само поради формата туку и пред сè поради значењето. Во текстот можат да се вкрстуваат неколку клучни збора што се повторуваат и на тој начин создаваат „плетенка" (*Лихачев* 1976). Најчесто во овој стил учествуваат удвоени поими: повторување на зборовите, изведување на зборови од ист корен со што се постигнува повторување на коренот на зборот, соединување на два синонима, противставување на поими и сл. (*Лихачев* 1976, 22). Вакви примери се бројни во Климентовите дела (Црвенковска 1999): ѡврьзаєть врьтопь єдєма ѣвѣ широи ѣвлѣєть сє нєбєсь, нєѡврьжима сльнца приємь; вьстока вьстоком ТРХ, 157; ѡблачѣа нєбєєса ѡблаки КБ, 162; на тврьдѣмь камєни цр‹ъ›к‹в›ьі д‹оу›шєвьнаѣ· оутвьржєнъ ѣви са АР, 311 и др. Изгледа дека тоа натрупување на синоними од еден корен е карактеристично за средновековните книжевни јазици, особено кога биле во процес на изградување (Христова-Шомова 2017, 144).

Во низа примери се следи етимолошка фигура образувана од коренот свѣт-, а познато е и дека метафората на светлината е една од главните одлики на Климентовото творештво (Илиевски 1999; Црвенковска 2007): прѣсвѣтлими ѕарамы· свѣтодавує просвѣти мє ОС, 48;

пр҃свѣтлими ꙁарами просвѣщень ОС, 48; и всє тѣло ти свѣтьло· процвьтє жє ис ꙁ мла‹д›а ꙗко свѣтлы цвѣтьць ВМК, 296. Слична постапка се следи и во единственото дело што со сигурност му се припишува на Наум Охридски, Канонот за апостол Андреј Првозвани, а се наоѓа во минејот:

> пръвоꙁданна тє ствaрꙗѥть свѣтила ѡ ꙁємли свѣтити вєлє. ...и кь свѣтоу̀ єго всѣх настaвїт.

Оригинални химнографски творби што му се припишуваат на Климент Охридски се среќаваат во минејот, во октоихот и во триодот од различни редакции на црковнословенскиот (Поп-Атанасова, Костовска 2005, 9–16; Поп-Атанасов 2007, 24–33; Йовчева 2004; Йовчева 2014; Христова-Шомова 2017).

Византиски обрасци се користени во средновековната словенска книжевност и за преработка на канони. Оваа постапка е присутна и во творештвото на самиот Климент Охридски во врска со преработката на канонот на Јован Дамаскин.

Уште една форма карактеристична за византиската химнографија што е пренесена на словенска почва е акростихот, за што бил создаден и словенскиот термин кралєграмєсиє. Оваа форма произлегува од египетските сакрални текстови (КМЕ 1, 59), се среќава во староеврејската поезија, во античката грчка и римска литература (Поп-Атанасов 1989, 11), а била широко застапена и во византиската. Уште најстарите словенски преведувачи на црковната поезија откривале во насловите на каноните дека византиските поети предвидувале почетните зборови на тропарите да образуваат врзан текст. Обично во канонот почетните букви од првиот збор на тропарот на секоја песна формираат акростих, или тој се образува од почетоците на богородичните стихири (Трифуновић 1990, 137). Преку присуството на фразов акростих, во којшто многу често е содржано името на авторот, се утврдува авторството на многу дела во средновековната литература. На тој начин, особено во низа канони, е утврдено авторството на Климент Охридски. Името климєнт се среќава во фразов акростих во циклус трипеснеци за Претпразненство на Рождество Христово (Попов 1982; Станчев, Попов 1988; Поп-Атанасов 1989, 12), во минеи од XIII (Скопски празничен минеј), XIV

и XV век. Фразовиот акростих гласи: климентa пѣснии прѣдпраздна христовоу рожствоу трипѣсннa осмоглас... Во голем дел од химнографските творби Климент го оставал својот авторски потпис и во скратена форма (Попов 2003, 43; Поп-Атанасова 2005), како клим, кли или само со две букви кл. Така, на пример, во канонот на Евтимиј Велики има акростих свѣат поустинн... клим. Скратената варијанта на авторските имиња во акростих е позната и од практиката на византиските химнографи, кои не секогаш го оставале својот авторски потпис во целосна форма, на пр. Јосиф Песнописец се потпишува само како ІΩ (Попов 2003, 43).

Преку фразовиот акростих нишүии наоүм во канонот за апостол Андреј се утврдува и авторството на Наум Охридски.

Основни одлики на византиската химнографија, како употреба на специфични стилски фигури, изнаоѓање на јазични средства за ритмизирање на текстот, оставање на потпис преку акростих и сл., биле преземани како обрасци не само во преводите туку и во авторските дела на словенските химнописци и оставиле трага во оригиналната словенска химнографија.

Библиографија

Аверинцев, С. С. (1982), *Поетика рановизантијске књижевности*, Књижевна мисао, Београд.

Богдановић, Д. (1967), Предговор, во: Бек, Х. Г., *Путеви византијске књижевности*, Српска књижевна задруга, Београд, 5–73.

Горунг, Б. В. (1965), 'Несколько соображений о понятии стиля и задачах стилистики', во: *Проблемы современной филологии. Сборник статей к семидесятилетию академика В. В. Виноградова*, Москва, 86–93.

Ђурић, М. (1982), *Историја хеленске књижевности*, Завод за уџбенике и наставна помагала, Београд.

Илиевски, П. Хр. (1999), *Светила незаодни*, Матица македонска, Скопје.

Йовчева, М. (2004), *Солунският октоих в контекста на южнославянските октоиси од XIV в.*, Кирило-Методиевски студии, книга 16, БАН, София.

Йовчева, М. (2014), *Старобългарският служебен миней*, Издателски център „Боян Пенев" – Институт за литература при БАН, София.

Јакобсон, Р. (1957), 'Стихотворные цитаты в великоморавской агиографии', *Slavistična revija* 10, 111–119.

КМЕ 1: *Кирило-Методиевска енциклопедия*, 1, А–З, Издателство на БАН, София 1985.

Лихачев, Д. С. (1976), 'Преодоление слова в стиле плетения словес и историко-литературное значение этого явления', *Търновска книжовна школа, Т. II. Втори международен симпозиум*, Велико Търново, 20–23 мај 1976, 9–25.

Лихачев, Д. С. (1986), *Исследования по древнерусской литературе*, Издательство „Наука", Ленинград.

Мошин, В. (1988), 'Мысли о начале славянского письма и об архаическом периоде южнославянской письменности в X веке', во: *Кирило-методиевскиот (старословенскиот) период и кирило-методиевската традиција во Македонија, Прилози од научниот собир одржан по повод 1100-годишнината од смртта на Методиј Солунски*, Скопје, 1–3 октомври 1985 година, МАНУ, Скопје, 85–97.

Мулич, М. (1970), 'К вопросу о художественном мастерстве в древнейших славянских переводах служебных миней', *Симпозиум 1100-годишнина од смртта на Кирил Солунски*, кн. 2, Скопје, 239–257.

Поп-Атанасова, С. (2002), *Лексиката на македонската црковна поезија*, Менора, Скопје.

Поп-Атанасова, С. (2005), 'Акростихот во Климентовата поезија', *XXXI научна конференција на XXXVII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура*, Охрид, 16–17 август 2004, Скопје, 115–124.

Поп-Атанасова, С., Костовска, В. (2005), *Лексиката во поетските творби на Климент Охридски*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје.

Поп-Атанасов, Ѓ. (1989), *Речник на старата македонска литература*, Македонска книга, Скопје.

Поп-Атанасов, Ѓ. (2007), *Средновековна македонска химнографија*, Институт за македонска литература, Менора, Скопје.

Попов, Г. (1982), 'О наличии древнеболгарской гимнографической части в триоди', во: *Язык и письменость среднеболгарского периода*, Москва, 122–131.

Попов, Г. (2003), 'Акростих в гимнографическом творчестве учеников Кирилла и Мефодия', *La poesia liturgica slava antica, XIII Congresso Internazionale degli slavisti* (Lubiana, 15–21 Agosto 2003), Blocco tematico №14, Relazioni, Roma – Sofia, 30–55.

Станчев, К., Велинова, В. (1991), 'Към проблема за авторския стил в средновековната литература във връзка с творчеството на Климент Охридски', *Кирило-Методиевски студии*, кн. 8, София, 22–31.

Станчев, К., Попов, Г. (1988), *Климент Охридски. Живот и творчество*, Университетско издателство „Св. Климент Охридски“, София.

Трифуновић, Ђ. (1990), *Азбучник српских средњовековних књижевних појмова*, Нолит, Београд.

Христова-Шомова, И. (2017), *Песни от Климент. Служби от св. Климент Охридски за пророк, апостол, отец, мъченик и мъченица*, Университетско издателство „Св. Климент Охридски“, София.

Црвенковска, Е. (1999), ‘Стилот плетение словес во оригиналните дела и во преводите на Климент Охридски’, во: *Македонский язык, литература и култура в славянском и балканском контексте*, Москва, 135–143.

Црвенковска, Е. (2007), ‘Метафората во словенската оригинална и преводна химнографија’, во: Тополињска, З. (уред.), *Класика, балканистика, палеославистика, Материјали од научниот собир по повод одбележувањето на 85-годишнината од раѓањето и 60 години од научната работа на академик Петар Хр. Илиевски*, МАНУ, Скопје, 205–215.

Jakobson, R. (1963), ‘The Slavic response to Byzantine poetry’, *Actes du XII^e Congrés international d’études byzantines*, Ochride, 10–16 Septembre 1961. Tome I, Beograd, 249–267.

Jakobson, R. (1981), *Selected Writtings*, III, The Hague – Paris – New York.

Mulić, M. (1975), *Srpski izvori „Pletenija sloves“*, Djela 50, knjiga 2, Sarajevo.

Mulić, M. (1983), *Analiza teksta Klimenta Ohridskoga: „Slovo pohvalno svetim arhistratizima Mihailu i Gavrilu“*, Djela 57, knjiga 32, Sarajevo.

Извори и кратенки на изворите[3]

КБ – Канон за ризата и појасот на Богородица, според: Поп-Атанасова 2002.

ТРХ – Циклус претпразнични трипеснеци за Рождество Христово, според: Поп-Атанасова 2002.

ОСсВ – Општа служба за светител, според: Поп-Атанасова 2002.

ВМК - Служба за мачениците Вит, Модест и Крискентија, според: Јовчева 2014.

[3] Покрај кратенките на изворите во текстот се наведуваат броевите на страниците во посочените изданија.

АР – Служба за свештеномаченик Аполинариј, еп. равенски, според: Йовчева 2014.

ОС – Општи служби, според: Христова-Шомова 2017.

Byzantine Hymnographical Patterns in the Works of Clement and Naum of Ohrid

SUMMARY

Emilija Crvenkovska

Faculty of Philology "Blaže Koneski"
Ss. Cyril and Methodius University, Skopje

emilija@ukim.edu.mk

Early Byzantine culture shows a synthesis of two big epochs, Antiquity and the Middle Ages, and it is a link between eastern and western cultures. Old Church Slavonic literature was based on and at the beginning almost completely translated from early Byzantine literature. Later, as some Slavic authors started with their own literary work, they use established canonized models in the literature. Himnography, as a specific literary genre, on Slavic soil has beginnings in the works of Clement and Naum of Ohrid, as well as in Constantine-Cyril's works. In Slavonic himnography, some of the patterns used in Byzantine poetry were adopted and transformed, such as use of stylistic features, rhetorical features, transposition of canons and use of acrostyhos, often with the name of the author.

Keywords: Hymnography, Byzantine patterns, Clement of Ohrid, Naum of Ohrid

SYSTASIS ISSN 1857-5129
● Е-списание на Здружението на класични филолози „Антика“

УДК: 821.124-22:811.124'373.7

Nomen est omen

Елена Џукеска

Институт за класични студии
Филозофски факултет
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје

elena@fzf.ukim.edu.mk, elena.dzukeska@gmail.com

АПСТРАКТ

Фразата *Nomen est omen* вообичаено се споменува во контекст на номинативниот детерминизам за да се искаже сликовито верувањето дека името ја определува човечката судбина, односно пошироко, дека името кореспондира со содржината на нештото, името сè кажува. Изразот се поврзува со комедиографот Плаут и во збирките латински поговорки најчесто се цитира онака како што се среќава во неговата комедија „Персијанецот“ во 625 стих: *Nomen atque omen*. Но, контекстот во којшто Плаут ја употребува оваа фраза несомнено укажува на тоа дека станува збор за игра со зборови и дека кај Плаут зборот *ōmen*, покрај основното, има и малку поинакво значење. Целта на овој труд е да се разгледаат одново толкувањата што веќе се понудени за самиот стих 625 и неговиот непосреден контекст и со дополнителна анализа да се согледаат импликациите на оваа игра со зборови за историјата на латинскиот јазик.

Клучни зборови: Плаут, игри со зборови, nōmen, ōmen

Фразата „Името е најсилниот знак“ или „Името е идентитет“ со или без назнака дека станува збор за превод на латинскиот израз *Nomen est omen* може често да се слушне во дебатите за спорот со Грција околу името на државата Македонија. За „популарноста“ на оваа фраза или поскоро парафраза сведочи и тоа што таа наоѓа свое место дури и во стручни трудови објавени во научни/стручни списа-

нија, сп. „*Nomen est omen*: 'vječni' spor Grčke i Makedonije" (Korfein 2013).

Сепак, вистинското значење на латинската поговорка нема никаква врска со доменот на ваквата нејзина употреба, туку со номинативниот или ономастичкиот детерминизам, односно со верувањето дека личното име може да го одреди карактерот на човекот и неговата судбина, бидејќи имињата ја одразуваат содржината на нештата, односно постои природна врска помеѓу формата и значењето на зборот. Според тоа, соодветен превод на латинското *Nomen est omen* би бил „Името е предзнак (знак, знамение)" или „Името сè кажува" или послободно „Како што кажува самото име".

Во збирките со латински поговорки и цитати вообичаено оваа поговорка се поврзува со Плаут и најчесто се цитира онака како што се среќава во неговата комедија „Персијанецот" во стихот 625, сп.:

> Nomen atque omen. (Plaut). Името, како знамење.
> Името одговара на личноста или предметот.
> (според изданието *Кратки блескави мисли*, стр. 153)

> Nomen atque omen. (Plaut., Pers. 625). – Ime i (ujedno) znamenje. (Ime odgovara predmetu...)
> (според изданието *Latinski citati*, стр. 186)

> Nomen est omen. (Plautus, Pers. 625). Ime je znak. (Često puta ime ili naziv ukazuju i na osobine pojedine osobe).
> (според изданието *Minerva*, стр. 488)

> Nomen atque omen: a name as well as an omen (i.e., an omen in a name) (Plautus)
> (според изданието *The Routledge Dictionary of Latin Quotations*, стр. 185).

И покрај тоа што ова е веројатно најстариот книжевен запис на оваа мисла, сепак постојат многу други книжевни сведоштва што со сигурност упатуваат на тоа дека фразеолошкото поврзување на именките *nōmen* и *ōmen* од една страна му претходи на Плаут, а од друга страна претставува општо место во римската книжевност и култура. Сп.:

(Cicero, *Pro Scauro* 30.1–3) Quod si te **omen nominis**[1] vestri forte duxit, nos tamen id more maiorum, quia faustum putamus, non ad perniciem, verum ad salutem interpretamur.

„Ако, пак, **предзнакот** во вашето **име** случајно те заведува, ние според стариот обичај, бидејќи го сметаме за поволно, тоа го толкуваме не (*како предзнак*) за пропаст, туку за спас.“[2]

(Ovidius, *Epistulae (Heroides)* 8.115–116)
saepe Neoptolemi pro nomine **nomen** Orestae
exit, et errorem vocis ut **omen** amo.

„Често не Неоптолем, туку **името** Орест
грешно ќе излета, на глас, **предзнак**, го љубам јас.“[3]

За староста на фразата *Nomen est omen* веројатно зборува и фактот што таа, како и многу други латински фрази, сп. на пример ***veni***, ***vidi***, ***vici***, содржи алитерација и асонанција, нешто што било типично за најстарата поезија забележана на епиграфските споменици и кај ранолатинските книжевни автори. Се претпоставува дека повторувањето на истите гласови првобитно имало ритуален карактер.[4] Зборовите *nōmen* и *ōmen* се разликуваат само во една буква.

[1] Во овој говор Кикерон го брани Марк Аемилиј Скаур (Marcus Aemilius Scaurus). Обраќањето во второ лице е насочено кон тужителот Публиј Валериј Триариј (Publius Valerius Triarius), а коментарот за името се однесува на него и сведокот Валериј (Valerius), што тој во друг случај претходно го искористил, а според Кикерон бил недоверлив. Името *Valerius* за Римјаните било поволно име, бидејќи го поврзувале со глаголот *valeo* (Lateiner 2005, 45).

[2] Доколку не е поинаку назначено, преводите од латински се на авторката.

[3] Сп. и: „Наместо Неоптолем, често ќе речев јас – Орест, / Сакам грешниот збор среќен да постане знак.“ (препев од латински на македонски Љ. Басотова).

[4] За употребата на алитерацијата и асонанцијата и општо земено повторливоста кај Плаут и кај други ранолатински автори, како и за дета-

Верувањето дека соодветно одбраното име ќе му донесе добра судбина на човекот – *Bonum nomen, bonum omen* – било распространето кај Римјаните, како што било и кај Грците и кај други народи. Бројните ономастички анализи на личните имиња во различни јазици потврдуваат дека именувањето на новороденото дете според некоја убава желба е стара и универзална човечка практика (Oliphant 1912, 169–170; Lateiner 2005, 44–45), развиена на заднината на верувањето дека и личните имиња, како и птиците и сè друго, можат да бидат предзнак, знамение за идни настани. А, претскажувањето, препознавањето и прифаќањето на предзнаците, *ōmina accipere*, било важен елемент во секојдневниот приватен и јавен живот на Римјаните, составен дел на нивната побожност. Како што сведочи Кикерон, доброто име нема да му донесе среќа и добра судбина само на човекот што го носи туку и на заедницата. Затоа Римјаните воделе сметка луѓето што требало да бидат назначени на определени позиции за да вршат различни должности да имаат поволни имиња (Rosenberger 2007, 300–303; Lateiner 2005, 45). Сп.:

> (Cic. *Div.* 1.102) Neque solum deorum voces Pythagorei observitaverunt, sed etiam hominum, quae vocant **omina**. Quae maiores nostri quia valere censebant, idcirco omnibus rebus agendis 'quod bonum, faustum, felix fortunatumque esset' praefabantur ... Itemque in lustranda colonia ab eo, qui eam deduceret, et cum imperator exercitum, censor populum lustraret, **bonis nominibus**, qui hostias ducerent, eligebantur. Quod idem in dilectu consules observant, ut primus miles fiat **bono nomine**.
>
> „Питагорејците не само што внимавале на божјите гласови туку и на човечките, што тие ги нарекуваат **предзнаци**. А нив и нашите предци ги сметале за важни, па затоа при извршувањето на секоја работа викале 'нека биде добро, поволно, среќно и благословено' ... Исто така при осветувањето, кога некој ќе се упател да основа колонија и кога

лен преглед на поновата библиографија во врска со ова, види Sharock (2009), 168 и фусн. 14.

> императорот ја прегледувал војската или кенсорот народот, биле бирани луѓе со **добри имиња** да го предводат принесувањето на жртвите. На ова исто така внимавале и конзулите кога го правеле изборот, првиот војник да биде некој со **добро име**."

Фразата *nomen atque omen* не е единствената прилика во којашто Плаут го употребува зборот *ōmen* и не е единствениот случај каде што Плаут спомнува предзнаци и претскажување. Според анализата на Олифант, примери што вклучуваат употреба на зборовите *ōmen*, *ōminor*, *ōmināt*or, но и други соодветни изрази има во тринаесет од неговите комедии.[5] Според тоа може да се каже дека сведоштвото на Плаут за начинот на кој Римјаните го практикувале и го доживувале претскажувањето и прифаќањето на предзнаците е богато и илустративно (Oliphant 1912, 173). Тоа е секако и оригинално, бидејќи употребата на претскажувањето и другите форми на религиозност претставува еден оригинален начин на којшто Плаут ги приближувал грчките оригинали до римската публика (Duckworth 1994, 299).

Стихот 625 во „Персијанецот", во таа смисла, претставува потсетување и упатување на публиката на нешто што ѝ е добро познато од секојдневието. Но, потсетувањето во овој случај е направено низ смеа, бидејќи фразата *nomen est omen* не е цитирана буквално и е составен елемент од покомплексна игра со зборови, како што покажува контекстот. Сп.:

> (Plautus, *Persa* 622–628, четврти чин, четврта сцена, разговараат Дордал, Токсил и девојката)
>
> *Do.* Noli flere. *To.* Ah, di istam perdant, ita catast et callida.
>
> ut sapiens habet cór, quam dicit quod opust! *Do.* **Quid nomen tibist**?

[5] Олифант примерите ги класифицира во три категории: случајни (ненамерни) предзнаци, ономастички (поврзани со имиња) предзнаци и профилактички предзнаци, коишто можат да бидат вообичаени формули или еуфемистички изрази, Oliphant (1912), 166–172.

To. Nunc metuo ne peccet. *Vi.* **Lucridi nomen** in patria **fuit**.

To. **Nomen atque omen quantivis iam est preti**. quin tu hanc emis?

nimis pavebam, ne peccaret. expedivit. *Do.* Si te emam,

mihi quoque **Lucridem** confido **fore te.** *To.* Tu si hanc emeris,

numquam hercle hunc mensem vortentem, credo, servibit tibi.

„*Дорд.:* Не плачи. *Токс.:* Да не пукне! Богами, баш е итра и умна женава.

Има срце, а знае и да каже. *Дорд.*: Како ти беше **името**?

Токс.: Сега се плашам, ќе се збуни. *Дев.*: **Сребра** дома ми **беше името**.

Токс.: Ајде, **и името и знамението** вредат за парите. Што не ја купиш ти?

Многу се плашев да не се збуни. Но, се избави. *Дорд.*: Ако те купам јас,

Сребро и **за мене** ќе бидеш сигурно. *Токс.*: Ако ја купиш неа ти,

жими Херкула, бездруго, ни до крајот на месецов нема да те послужи.“

Во сцената, од којашто се издвоени овие стихови, се случува финализација на еден договор за купопродажба на робинка помеѓу робот Токсил и сводникот Дордал. Дордал е речиси решен да ја купи девојката, но Токсил со цел да ги отстрани сите евентуални сомнежи дека станува збор за измама, а станува, му предлага на Дордал да ја испраша девојката за сè што го интересира. Девојката, чиешто име инаку не се споменува во комедијата, се претставува себеси лажно како *Lucris*. Сводникот во името ја препознава именката *lucrum* ‘добивка, печалба, сребролубие’ и се убедува себеси дека треба да ја склучи зделката. Во неговата реплика *Si te emam, mihi quoque Lucridem*

confido fore te името *Lucris* веќе ја има конотацијата на *lucrum*. Ваквото поврзување на личното име со општата именка го поттикнува токму Токсил со својот коментар: *Nomen atque omen quantivis iam est preti*. За публиката ова е смешно бидејќи таа знае дека сводникот конечно ќе наседне на измамата што внимателно се подготвува и разработува од почетокот на драмата. И девојката е соучесник во измамата и свесно го одбира името со коешто се претставува. Таа непосредно пред да започне испрашувањето за ова добива инструкции од Токсил и потврдува дека знае точно што треба да направи. Сп. 606–608:

> ... *To*. Age, age nunc tu, in proelium
> vide ut ingrediare **auspicato**. *Vi.* Liquidumst **auspicium**,
> tace.
>
> curabo ut praedati pulchre ad castra convertamini.
>
> „... *Токс.*: Ајде, ајде, сега, во битка ти
> гледај да тргнеш **поволно**. *Дев.*: Поволен си е
> **предзнакот**, замолкни.
>
> Јас ќе се погрижам во логорот да се вратиме назад
> полни со богат плен.“

Истражувачите на делото на Плаут во своите анализи главно се фокусирани на етимолошката врска помеѓу зборовите *Lucris – lucrum*. Дакворт смета дека личното име е намерно одбрано, т.е. е создадено такво какво што е, со цел да се овозможи поврзување со општата именка *lucrum* и креирање шеги – игри со зборови на повеќе места на темата *добивка*, *сребролубие* (Duckworth 1994, 349).[6] Сегал, слично, посочува дека релацијата *Lucris – lucrum* не е случајна, туку е добро елаборирана низ целата комедија, бидејќи централно место во приказната зазема измамата за пари и девојка (Segal 1987, 86–87). Мотото на сводникот е *lucrum*, сп. 470:

> *Do.* Quoi homini di propitii sunt, aliquid obiciunt **lucri**

[6] Сп. и Mendelsohn (1907), 24–25.

„*Дорд.* Кога боговите се милостиви кон некого, пред него оставаат некаква **добивка**.“[7]

Токсил ова го сфаќа како шанса за себеси. Негова цел е да најде пари за да ја откупи од сводникот девојката во којашто е заљубен. Затоа ја смислува измамата, лажно му ја нуди за продажба на сводникот ќерката на својот пријател и притоа постојано го убедува дека зделката ќе му донесе добивка, *lucrum*, сп. 494: ... *tu pergrande* ***lucrum*** *facias*, „... ќе имаш преголема **добивка**“. Дури измислува и божество, сп. 514–516:

To. .... nescis quid te instet boni
neque quam tibi Fortuna faculam **lucriferam** adlucere volt.

Do. Quae istaec lucrifera est Fortuna? ...

„*Токс. ...* Не знаеш какво добро ти претстои,

какво светленце **сребоносно** сака Фортуна тебе да ти засвети

Дорд. Каква е таа **сребоносна** Фортуна? ...“

А откако Дордал ќе ја купи девојката, заклучува, сп. 712–713:

To. ne hic tibi dies inluxit **lucrificabilis**.
nam non emisti hanc, verum fecisti **ucri**.

[7] Ако сакаме и во препевот да ја зачуваме поврзаноста на сите места каде што се споменуваат именката *lucrum* и сложените придавки во коишто таа е прв дел, *lucrifer*, *lucrificābilis*, со стиховите во коишто се среќава личното име *Lucris*, би можеле простата именка насекаде да ја преведеме како *сребро*, сложенките *сребоносен*, *сребротворен*, а личното име *Сребра*. Но, прагматичниот говор со којшто се служат сводникот Дордал и робот Токсил, сепак, бара во повеќето реплики именката *lucrum* да се преведе со збор што има добро потврдена секојдневна употреба во македонскиот јазик, како што е на пример зборот *добивка*. Можеби алтернативно, личното име би можело да се преведе со *Добрила* или сл. за да се согласува барем по звучност со *добивка*, а сложенките во тој случај би можеле да бидат *доброносител*, *доброчинител*.

„*Токс.* Навистина овој ден за тебе светна
сребротворен.

Па ти не ја купи неа, ти спечали чисто **сребро**.“

Играта со зборови не се сведува само на воспоставување на релацијата *Lucris – lucrum* туку ги вклучува и сложените придавки *lucrifer*, *lucrificābilis*, забележани единствено на посочените места кај Плаут, а кон тоа и глаголите *adlūceō*, *inlūceō*, со кои стиховите не само што добиваат уште повеќе алитерација и асонанција туку и дополнителна повеќезначност. Добивката свети како што свети среброто или кој и да било друг скапоцен метал, заслепува нејзиниот сјај и неодоливо привлекува.

Според Олифант пак, Плаут најверојатно името *Lucris* го презел од грчкиот оригинал, каде што тоа гласело *Λοκριδίς* или *Λουκριδίς*. За да го адаптира за римската публика го вметнал толкувањето на името како предзнак, знамение, и го поврзал со именката *lucrum* (Oliphant 1912, 170 и фусн. 1). Слично, Фонтејн смета дека личното име *Lucris* го крие грчкото *Λοκρίς* ‘жена од Локрида’, а дека врската со *lucrum* ја создава Дордал бидејќи не успева да го слушне и разбере правилно она што го изговара девојката. Значи, смешното, во овој случај, е резултат на недоразбирање (секој го слуша она што го посакува), а не на промисленост. Доколку името на девојката навистина било намерно изведено од именката *lucrum*, тоа би требало да гласи *Lucretia*. За робовите не било невообичаено да имаат етници како лични имиња, постоела грчка комедија со наслов *Λοκρίδες*, а за римската публика секако било познато дека жителите на градот Локри, во Магна Граекија, имале обичај да ги проституираат своите ќерки. Ова последново според Фонтејн е она што всушност Токсил го сугерира со репликата *Nomen atque omen quantivis iam est preti*, девојката од Локрида, иако од чесно семејство, сепак е на располагање за проституција (Fontaine 2010, 92–94).[8]

[8] Фонтејн смета дека недоразбирање има и во стиховите 514–516 и дека во стихот 515 наместо *lucrifera* всушност оригинално стоело *lūcifera* ‘светлоносна’, а Дордал е тој што во следниот стих 516, при повторувањето, поради неразбирање ја претвора формата *lūcifera* во *lucrifera.* Дека ова е можна претпоставка навестува и тоа што, како ракописна варијанта во стихот 515,

Ако е ваквата интерпретација на репликата на Токсил прифатлива, тогаш синтагмата *potęn atque otęn* несомнено сведочи за едно малку поинакво значење на именката *ōtęn*. Не случајно Плаут, наместо да ги поврзе зборовите *pōtęn* и *ōtęn* со глаголот *сум*, ги поврзува со сврзникот *atque*. Со тоа назначува дека станува збор за два спротивни или комплементарни елементи од едно цело, а не за два елементи што се истозначни. Ваквите поврзувања не се невообичаени во неговите комедии, сп. во *Persa*: *praesenti atque apsenti* (9); *fans atque infans* (174); *virgo atque mulier* (365); *avide atque invide* (409); или во другите комедии: *fortem atque fortunatum* (*Mil.* 10); *pacem atque otium* (*Am.* 209); *vale atque salve* (*Cist.* 116); *divom atque hominum* (*Aul*. 300).

Девојката што е предмет на трансакција е несомнено *callida*, и тоа особено доаѓа до израз во сцената со испрашувањето и кога успева самата да си смисли име што ќе може да се сфати како знамение и така да предизвика забуна и недоразбирање (McCarthy 2000, 152; Lowe 1989, 393–395). Но, во исто време таа има и забележителни надворешни белези. Нејзиниот впечатлив физички изглед и привлечноста се нагласуваат на повеќе места во комедијата, сп.:

129–130

... *Sat.* Quid eam vis? *Tox.* Scies.
quia **forma lepida** et **liberali** est. *Sat.* Res itast.

„*Сат.* А зошто ја бараш? *Токс.* Знаеш.
Бидејќи има **мил** и **благороден изглед**. *Сат.* Е, да.“

521

Do. Iste quí tabellas adfert adduxit simul
forma expetenda liberalem virginem

„*Дорд.* Понатаму, тој што го носи писмово има доведено
и една девојка, **благородна**, со сосема **привлечен изглед**“

покрај *lucriferam*, е забележана и формата *lūcificam*, види Fontaine (2010), 94–95.

545–548

Do. Haecine illást furtiva virgo? *To*. Iuxta tecum aeque scio,
nisi quia **specie** quidem edepol **liberalist**, quisquis est.

Do. Sat edepol **concinna**st **facie**. *To.* Vt contemptim carnufex.
taciti **contemplemur formam**. *Do*. Laudo consilium tuom.

„*Дорд.* Ова ли е грабнатата девојка? *Токс.* Колку ти, толку знам и јас,
туку, навистина има **благородна појава**, која и да е таа.

Дорд. Има доста **складно лице**. *Токс.* Што е презрив, крвопиец.

Ајде молкум **да го назираме обликот**. *Дорд.* Така, браво за предлогот.“

564

Do. Edepol qui cum hanc magis **contemplo**, magis placet.
...

„*Дорд.* Богами, што повеќе ја **назирам**, сè повеќе ми се допаѓа. ...“

Лексиката што се провлекува низ наведените стихови јасно упатува на сферата на визуелното, *fōrma*, *speciēs*, *faciēs*, она што се гледа и во што може да се ужива, бидејќи е мило, складно, посакувано, *lepidus*, *concinnus*, *expetendus* (Lowe 1989, 396). Во склад со традицијата, Плаут девојката ја опишува како *liberālis*, што треба да значи ‘благородна жена, достојна за слободен маж’, грч. *ἐλευθέριος*. Но, како и во другите комедии така и во „Персијанецот“, на основното значење на придавката многу лесно се надоврзува пренесеното значење ‘слободоумна, опуштена’.[9] Со употребата на оваа придавка се зголемува напнатоста околу измамата, затоа што на Дордал всушност постоја-

[9] Подетално за игрите со зборови во коишто учествува оваа придавка види Цукеска (2016).

но му се кажува дека девојката е ќерка на слободен граѓанин и според тоа противзаконски е да се продава како робинка, а во исто време се поттикнува неговата имагинација и неговите скриени желби. Употребата на глаголот *contemplō* е особено интересна затоа што семантиката на овој глагол упатува на умствената сфера, односно на видот како увидување, согледување, назирање – активност, не на очите, туку на умот, нашето внатрешно око. Ова е всушност и сферата на претскажувањето, т.е. предвидувањето и прифаќањето на предзнаците, знаменијата, *ōmina accipere*.

Според тоа, произлегува дека со синтагмата *nomen atque omen* се реферира на умствените, внатрешните и телесните, надворешните белези на девојката како два комплементарни аспекти. Кај именката *ōmen* во дадената игра со зборови, покрај основното значење 'знак, предзнак, знамение' (*OLD* s.v.), може да се препознае и значењето 'обележје, она што може да се забележи со гледање'. Ваквиот семантички развој е сфатлив, ако се има предвид дека знамението во својата суштина е нешто што ни овозможува *предвидување* низ *увид*. Токму поместувањето на значењето на *ōmen* од *предвидување* (работа на умот) кон *гледање* (работа на окото) е она што го овозможува недоразбирањето што настанува околу интерпретацијата на името *Lucris*. Да размислуваше Дордал, ќе согледаше што значи точно името на девојката и што му се подготвува, но бидејќи само гледа, односно вниманието го насочува кон нејзиниот надворешен изглед, не успева ништо да наспе.

Мислењата околу етимологијата на именката *ōmen* се поделени. Римските и доцноантичките граматичари ја поврзуваат со говорниот чин (Maltby 1991, 428), со зборовите *ōs* 'уста', *ōrō* 'зборувам, говорам', *ōrātiō* 'говор', а Варон сведочи и за тоа дека постарата форма на *ōmen* била *osmen*, сп. (Var. *L.* 6.76.1–3): *oro ab ore et perorat et exorat et oratio et orator et osculum dictum. indidem* ***omen****, ornamentum; alterum* ***quod ex ore primum elatum est, osmen dictum***; (Paul. *Fest*. 195) ***omen*** *velut* ***oremen****, quod fit* ***ore augurium****, quod non avibus aliove modo fit*; (Don. *Ter. Andr.* 200) ***omen*** *... est, quicquid* ***ore*** *dicitur*.

Во таа насока, Мајер-Бригер смета дека именката *ōmen* може да се поврзе со глаголот *aiō* < **Heǵ-* 'зборувам', умбр. *aiu*, грч. 3 *л*. едн. *ἦ*,

перф. *ἄνωγα*,[10] и да се претпостави дека е изведена од полниот *o*-степен **Hoǵ-smen* ‘говор, она што е претскажано’ (Meier-Brügger 1992, 248–249). Бенвенист го поврзува *ōmen* со хет. *hā-^{zi}/h-* ‘верувам’ < **H$_{2/3}$eH-*, слично и Отингер го изведува од **H$_2$e/oH$_3$-s-mn* ‘доверба’(в. *EDL* 427).

Де Ван, пак, ја преферира идејата дека *ōmen* може да биде од протоиталски **ok^w-s-mn* ‘увид, предзнак’ (< **H$_3$ek^w-s-* ‘гледа’), што би било споредливо со грч. *ὄμμα* < **H$_3$ek^w-s-mn*, односно со глаголските форми што може да се поврзат со протоиндоевропски *s*-презент, како авест. *aiβii-āxšaiia-* ‘посматрам’, грч. фут. *ὄψομαι* ‘гледам’ (*EDL* 427–428).[11]

Најстариот книжевен запис на фразата *nomen est omen* се чини дека зборува во прилог на последново. Доколку *ōmen* е навистина од протоиндоевропскиот корен **H$_3$ek^w-* ‘гледам’, што инаку во латинскиот е зачуван во зборот за око, *oculus*, тогаш играта со зборови кај Плаут е уникатно архаично сведоштво за неговиот семантички развој во латинскиот јазик.

Библиографија

Латински оригинали и преводи

Кратки блескави мисли (*Breves vibrantesque sententiae*), избор и превод од латински Љ. Басотова, Три, Скопје, 2003.

Публиј Овидиј Назон, *Хероиди*, препев Љ. Басотова, Силсонс, Скопје, 2019.

Cicero, *The Speeches* with an English translation by N. H. Watts, Harvard University Press – William Heinemann, Cambridge, MA – London, 1958.

Cicero, *De natura deorum. Academica*, with an English translation by H. Rackham, William Heinemann – Harvard University Press, London – Cambridge, MA, 1961.

Latinski citati, Florilegium adagiorum, sententiarum, proverbiorum, gnomarum, skupio i preveo A. Vilhar, V izdanje, Matica srpska, Novi Sad, 1987.

Minerva, Florilegium sententiarum Latinarum, Florilegij latinskih izreka, A. Romac, Latina et Graeca, Zagreb, 1988.

[10] Untermann (2000), 73–74; *EDG* 110–111.

[11] За овој и за други предлози, види *LEW* 208 и *DEL* 818.

Ovid, *Heroides and amores*, with an English translation by Grant Showerman, William Heinemann – Harvard University Press, London – Cambridge, MA, 1963.

Plautus, *Plautus*, with an English translation by Paul Nixon (in five volumes), William Heinemann – Harvard University Press, London – Cambridge, MA, 1916–1938.

The Routledge Dictionary of Latin Quotations, The Illiterati's Guide to Latin Maxims, Mottoes, Proverbs, and Sayings, Jon R. Stone, Routledge, New York – London, 2005.

T. Macci Plauti Comoediae, Tomus II, ed. W. M. Lindsay, 1910 edition reprint, Oxford University Press, Oxford.

Varro, *On the Latin Language*, with an English translation by Roland G. Kent (in two volumes), 2nd ed., William Heinemann – Harvard University Press, London – Cambridge, MA, 1951.

Друга литература

Џукеска, Е. (2016), 'Придавката *liber* и нејзините изведенки во игрите со зборови кај Плаут', *Годишен зборник на ФзФ* 69, 173–185.

DEL = Ernout, A. – Meillet, A. (1951), *Dictionnaire étymologique de la langue latine. Histoire de mots*, 3 ed., Librairie C. Klincksieck, Paris.

Duckworth, G. E. (1994), *The Nature of Roman Comedy: a study in popular entertainment* (with a foreword and bibliographical appendix by Hunter, R.), sec. ed., University of Oklahoma Press, Norman.

EDG = Beekes, R. S. P. (with the assistance of L. van Beek) (2010), *Etymological Dictionary of Greek*, Vol. I–II, Brill, Leiden – Boston.

EDL = De Vaan, M. (2008), *Etymological Dictionary of Latin and the other Italic Languages*, Brill, Leiden – Boston.

Fontaine, M. (2010), *Funny words in Plautine Comedy*, Oxford University Press, Oxford.

Korfein, I. (2013), '*Nomen est omen*: „vječni" spor Grčke i Makedonije', *Polemos* 16.1, 79–95.

Lateiner, D. (2005), 'Signifying Names and Other Ominous Accidental Utterances in Classical Historiography', *GRBS* 45, 35–57.

LEW = Walde, A. (1938–1954), *Lateinisches etymologisches Wörterbuch*, 3 Aufl. von J. B. Hofmann, Carl Winter's Universitätsbuchhandlung, Heidelberg.

Lowe, J. C. B. (1989), 'The *Virgo callida* of Plautus, Persa', *The Classical Quarterly* 39.2, 390–399.

Maltby, R. (1991), *A Lexicon of Ancient Latin Etymologies*, Francis Cairns, Leeds.

McCarthy, K. (2000), *Slaves, Masters and the Art of Authority in Plautine Comedy*, Princeton University Press, Princeton.

Meier-Brügger, M. (1992), 'Zu lateinisch *ōmen*', *Glotta* 70.3–4, 248–249.

Mendelsohn, Ch. J. (1907), *Studies in the Word-Play in Plautus*, University of Pennsylvania, Philadelphia.

OLD = Souter, A. et al. (eds.) (1968), *Oxford Latin Dictionary*, Oxford University Press, Oxford.

Oliphant, S. G. (1912), 'The Use of the Omen in Plautus and Terence', *The Classical Journal* 7.4, 165–173.

Rosenberger, V. (2007), 'Republican *Nobiles*: Controlling the Res Publica', во: Rüpke, J. (ed.), *A Companion to Roman Religion*, Blackwell Publishing, Malden, MA – Oxford – Carlton, 292–303.

Segal, E. (1987) *Roman laughter. The commedy of Plautus*, 2nd ed., Oxford University Press, New York – Oxford.

Sharock, A. (2009), *Reading Roman Comedy. Poetics and Playfulness in Plautus and Terence*, Cambridge University Press, Cambridge.

Untermann, J. (2000), *Wörterbuch des Oskisch-Umbrischen*, Universitätsverlag C. Winter, Heidelberg.

Nomen est omen

SUMMARY

Elena Džukeska

Institute of Classical Studies
Faculty of Philosophy
Ss. Cyril and Methodius University, Skopje

elena@fzf.ukim.edu.mk, elena.dzukeska@gmail.com

The expression *Nomen est omen* is usually used in the context of nominative determinism to express the idea that the name determines human life, or more broadly that the name corresponds to the essence of an object. This phrase is related to the comediographer Plautus and in the collections of Latin proverbs is most often quoted as it is found in the 625th verse of his comedy "The Persian": *Nomen atque omen*. However, the context in which Plautus uses this phrase undoubtedly implies that it is part of a more complex wordplay. The wordplay is based on the semantic relation established between the personal name *Lucris* and the common noun *lucrum*, but it also involves the compound adjectives *lucrifer*, *lucrificābilis*, and the verbs *adlūceō*, *inlūceō*. The interpretations offered for the verse 625 and its immediate context are mainly focused on the issue whether the words *Lucris* and *lucrum* are etymologically related or not.

The analysis conducted in this paper shows that in the word *ōmen* in the syntagm *nomen atque omen* apart from the basic meaning, "sign, omen" there is an additional meaning "feature, what can be observed with an eye", i.e. there is a specific semantic shift from *foresight* (task of the mind) to *sight* (task of the eye). It is exactly this semantic development that enables the misunderstanding about the interpretation of the name *Lucris* and its connection to *lucrum*. If *ōmen* is really from the Proto-Indo-European root **Hɜek^{w}-*, "to see", preserved in Latin in the word for eye, *oculus*, then Plautus' wordplay is an unique archaic testimony for its history within the Latin language.

Key words: Plautus, wordplay, nōmen, ōmen

Exegi monumentum aere perennius

Зборник во чест на Елена Колева, Љубинка Басотова
и Даница Чадиковска, по повод 85 години од нивното раѓање

Papers in Honor of Professor Elena Koleva,
Professor Ljubinka Basotova and Professor Danica Čadikovska
on the Occasion of the 85th Anniversary of Their Birth

Систасис Посебно издание 5
Скопје, 2019

Systasis Special Edition 5
Skopje, 2019

Издавач:
Здружение на класични филолози АНТИКА
бул. Гоце Делчев, 9а, 1000 Скопје
zkfmantika@gmail.com

Овој проект е финансиски поддржан од Министерството за култура
на Република Северна Македонија

This project is financially supported by the Ministry of Culture
of the Republic of North Macedonia